КIII 32
5619/2012

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА
ДОКТОРСКИ СТУДИИ

# ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ МАНИФЕСТНИТЕ ФОРМИ НА ДЕВИЈАНТНО ОДНЕСУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ НА ТРАНЗИЦИЈА

Докторска дисертација

Ментор : Проф.д-р Нелко Стојановски

Кандидат : м-р Валентина Ордева

Скопје, 2011

## ПРВ ДЕЛ

**1. ВОВЕД** ____ 5

Општествено научна оправданост на темата ____ 7

1.2. Досегашни резултати од истражувањето на малолетничката деликвенција ____ 9

**2. Методолошка рамка на истражувањето** ____ 26

2.1.Предмет на истражување ____ 26

2.2. Цели ____ 28

2.3. Хипотези ____ 30

Посебни хипотези ____ 31

Варијабли и индикатори на истражувањето ____ 37

2.4. Метод на истражување ____ 38

**3. Теоретски дел**

3.1.Причина за појавата на девијантното однесување на младите ____ 42

3.2.Класификација на девијантните однесувања на младите ____ 44

3.3. Теории на девијантно однесување ____ 49

3.4. Основни форми на девијантно однесување на младите ____ 57

3.5. Мерки и активности на М.В.Р за појавата на девијантното однесување на девијантното однесување ____ 61

3.6.Социо-патолошки појави ____ 70

Одделни законски одредби на Р.М. кои се однесуваат на малолетничките прекршители на правни норми ____ 72

## ВТОР ДЕЛ

**1. Насилства кај младите** ____ 75

1.2.Бунтовништво кај младите ____ 78

1.3.Вршење на деликти во групи ____ 79

1.4.Семејството-проучување на семејството на малоле-

тниците 81
1.5.Семејството и пореметените семејни односи 84
1.6.Неповолни материјални услови во семејството 88

**2. Алкохолизам и класификација на алкохоличарите** 89
2.1.Дефинирање на поимот алкохолизам 93
2.2. Дефинирање на поимот адолесценција 97
2.3. Фактори кои влијаат за употребата на алкохолот кај младите 100
2.4.Алкохолизмот и адолесценцијата 103
2.5.Алкохолизмот кај младите како општествен проблем 105
2.6.Стравот на младите за алкохолизмот 107
2.7.Дејството на алкохолот врз социјалното формирање на младите 108

**3. Младите и употребата на дрога** 111
3.1. Дефинирање на поимот наркоманија 119
3.2.Видови дрога 122
3.3.Социолошко објаснување на причините за појавата на земање на дрога 124

**4.Општествена реакција за зависност од дрога** 127

**5. Влијание на училиштето во процесот на социјализацијата на младите** 130
5.1. Училиштето како фактор за превенција и спречување на злоупотреба на дрога 133
5.2.Образование и влијанието на социјалните нееднаквости врз девијантното однесување 135
5.3.Влијанието на средствата за масовна комуникација во превенција на девијантно однесување 138

## ТРЕТ ДЕЛ

1.Етиологија за влијанието на девијантното однесување на младите во Скопје во периодот на транзицијата 141

1.2.Причини за девијантното однесување 143

1.3.Интерпретација и анализа на резултатите од истражу-вањето 146

1.4.Превенција на девијантно поведение 221

## ЧЕТВРТИ ДЕЛ

Заклучоци 227

Препораки 234

Користена литература 239

Прашалник за интервју 255

# ПРВ ДЕЛ

## 1.ВОВЕД

Современите услови на живеее, развојот на науката и техниката, влијанието на социо-економските фактори, на сосема нов начин ја определуваат положбата на младата генерација, која во периодот на транзиција поминува низ тешки и длабоки промени. Сите овие промени доведуваат до уривање на постоечките и појава на девијантно однесување кај младите. Значајни промени во воспитно-образовниот систем, со што се занемарува воспитната во однос на образовната дејност.

Во литературата со поимот девијантно однесување на младите се опфаќа широк опсег на поведенија, почнувајки од безначајни облици на негативно однесување на младите, па се до вршењето на најтешки кривични дела.

Тежината на проблемот произлегува од обемот, структурата и динаиката на кривичните дела што ги вршат малолетниците како и од тоа дека се работи за млади лица кои со своето деликвентно однесување во голем број продолжуваат и како полнолетни, возрасни луѓе. Ова се само основните сумарни акценти што ги наметнуваат речиси сите теоретски практични расправи и усилби кон спречување и сузбивање на причините и условите што доведуваат до вакви однесувања. (З,Сулејманов,Н,Стојановски, 2002).

Во овој труд под поимот девијантно однесување на младите се подразбираат негативните поведенија на младите во Скопје во периодот на транзиција, кои ги кршат моралните и правните норми, односно законски прописи на државата.

Појдовна цел на истражувањето, токму поради наведеното, беше да се направи научна експликација на појавата преку утврдување на основните карактеристики на манифестните форми на девијантното однесување на младите во Скопје, во периодот на транзиција. Притоа поентата ќе се стави

на обемот, динамиката и структурата на девијантните однесувања, социо-економските фактори и мотивите за извршување на овие дејства.

Треба, пред се, кога се зборува за девијантното однесување во својот елементарен вид се појавува преку конкретните облици на однесување на поединците. На тоа ниво они се јавуваат како *индивидуална* или *лична* појаваи ги носи сите карактеристики на човековото однесување. Затоа е потребно да се задржиме на поимот девијантно однесување и неговите основни облици.(Ж, Јашовиќ,1983)

Секој обид за дефинирање на девијантното однесување на младите вклучува два елементи: *личноста на младиот човек*(возраста како причина за незрелост, социо-економските фактори) и *поведенијата* кои средината ги оценува како негативни. Предмет на истражувањето е влијанието на социо-еко-номските фактори врз девијантното однесување на младите во Скопје во периодот на транзиција, поточно утврдување на феноменолошки и етиолошки аспекти. При тоа акцент е ставен на младите во Скопје за периодот на транзиција.

Феноменолошката слика на девијантното однесување на младите, кај нас ја дообјаснува податокот според кој таа се почесто се јавува во комбинација со други асоцијални манифестации на носителите на девијантното однесување, како што се: алкохолизам, наркоманија и др.

Општо е познато дека Р. Македонија , е сиромашна земја. Со стекнувањето на независноста, во 1991 година,таа го започна процесот на темелни промени, во многу специфични и тешки услови, без никакво сопствено искуство. Темпото на транзиционите промени,во голема мера беше условено од негативните економски ефекти што во земјата ги трпеше и ги трпи, како резултат на "војните на југословенската сукцесија"познатите проблеми со Грција, како и други фактори од субјективна и објективна природа.(Т, Славевски,1995).

Денес во нашата средина многу повеќе од порано имаме насилство, разбојнички кражби па и убиства, каде малолетници се сторители. Обична појава стана носењето оружје од страна на малолетни лица, кои не ретко го

употребуваат како принуда за стекнување на материјална или некоја друга корист.

Утврдени се повеќе етиолошки фактори, од кои најзначајаен се издвојува семејството( социо-економските фактори, пред се со нискиот материјален статус), групата врсници, слободното време, присуство на социо-патолошки појави, нискиот образовен статус на родителите и други егзогени и ендогени фактори.

Исто така, значајно е да се потенцира дека, и покрај сериозноста и сложеноста на девијантното однесување на младите во Скопје во периодот на транзиција, истиот е само парцијално истражуван во однос на неговите етиолошки и феноменолошки карактеристики, главно секторски, од одделни институции и служби, пред се за практични цели.

Подетално навлегување во причините за појавата е можно преку методот"студија на случај". Превенција на девијантно однесување на младите, бара усогласен аранжман на повеќе државни и локални институции. Државата во прв ред, мора да води сметка за подобрување на социо-економската положба на населението, подигнување степенот на образование, подигнување на нивото на здравствена и социјална заштита, обезбедување на можности за задоволување на културните потреби, организирање на слободното време на младите и сл. Без тоа, секој изолиран обид за сузбивање на девијантното однесување на младите би бил залуден.

## Општествено-научна оправданост на темата

Современиот општествен развој од една страна, но и периодот на транзиција на нашето поднебје, придонесе младата генерација да доживее многу големи потреси и промени во начинот на живеење, мислење и однесување. Младите претрпеа многу стресови, многу брзи промени, таа повеќе знае, подобро живее, но и знае како се живее подобро и се стреми кон тоа. Од

друга страна се наоѓа општеството кое во услови на долготрајна социо-економска криза не може да ги задоволи потребите на поединците. И тука настанува расчекор и конфликт помеѓу барањата на младите и социо-економската положба на семејството. Општо е познато дека девијантно однесување на младите имало и порано, но во современи услови оваа појава добива загрижувачки размери и потешки форми на изразување, а кои меѓу другото укажуваат на појава на нови и побрутални форми на однесување, и што е многу значајно од општествен аспект, нивна поголема масовност.

Истражувањата за девијантноста се само еден специјален вид на истражување на општиот однос на личноста и општеството кои поаѓајки од научно докажаниот факт дека во формирањето на една личност пресудно влијание имаат општествените фактори, и дека мораат во тоа исто општество да се бараат и причините на дезинтегрираната личност.(З, Сулејманов, Н, Стојановски, 2002г)

Република Македонија во изминатите години на т.н. транзиционен период претрпе многу промени на политички и економски план. Ефектите на транзицијата како: социјалното раслојување, економската несигурност, недоверба кон системот, етничките тензии и конфликтни манифестации низ девијантно однесување, несомнено имаат своја рефлексија и врз тешкотиите во дефинирањето на вредносните определби, особено кај младите. Сите овие промени доведоа до низа негативни импликации на осиромашување на најголемиот дел од населението поради губење на работните места, а со тоа и доведување во прашање на основните егзистенцијални потреби: уривање на постоечките и создавање на нови норми на однесување, значајни промени во воспитно-образовниот систем кои во услови на елементарна егзистенцијална несигурност и безперспективност, се почесто се појавува отстапување од основните принципи и норми на однесување на младите.Овие интензивни промени за краток период имаат свои реперкусии во однесението кај младите, кои во услови на елементарна егзистенцијална несигурност и безперспективност, политичка и идеолошка хипокризија и неадаптираност, се почесто манифестираат отстапување од основните принципи и норми на однесување, и директен напад врз нив.

Како резултат на ова се појавуваат услови за појава на девијантно однесување на младата популација, која својот револт или незадоволство го изразува преку деструктивна, девијантна активност која својот револт денес се јавува како "проблем на општеството".

Во непосредна врска со научниот е и практично-општествениот аспект. Се надевам дека научните сознанија за оваа појава во новонастанатите општестени промени, ќе дадат скромен придонес за посоодветно насочување на општествената акција нон сузбивање, или барем намалување на девијантното однесување на младите кај нас.

## 1.2.Досегашни резултати од истражувањето на малолетничката деликвенција

Интересот за следење на девијантното однесување во Република Македонија произлезе од сознанијата во литературата, практичарите и масиумите, дека обемот на оваа појава се изразува преку бројчано зголемување и и усложнување на феноменолошките облици и појавата на нови форми кои порано не беа присутни во нашата земја.

Според Државниот завод за статистика преку кои, напоменувам само ориентационо може да се стекне глобален увид во обемот на оваа појава во последните години од транзициониот период. Податоците уште повеќе стануваат релативни поради големината на "темната бројка"кај оваа појава. Причини за неоткриеното девијантно однесување на младите се најразлични: непријавувањето поради недоверба на институциите на државата, поради страв од компликации, поради обзири кон сторителите, особено кога се работи за полесни престапи.

Најпрвин ќе го согледаме обемот на динамиката на девијантното однесување преку согледување на бројот на пријавени обвинети и осудени мало-

летници во Р. Македонија во периодот на транзиција, односно од 2000 до 2009 година.

Според Државниот завод за статистика, ***пријавено малолетно лице*** е она против кое постапката по кривичната пријава не е покрената, против кого подготвителната постапка е запрена или е поднесен предлог за изрекување на кривична санкција.***Обвинето малолетно лице*** е она против кое постапката пред Советот е запрена или не се изречени кривични санкции, како и непресметливо малолетно лице против кое е донесена одлука за примена на мерка на безбедност. ***Осудено малолетно лице*** е она против кое со одлука на судот му е изречена кривична санкција.(Републички Завод за статистика, Зборник, 2009)

Графикон.бр 1. **Динамика на бројот на пријавени, обвинети и осудени малолетници во Р.М. од 2000 година до 2009 година.**




(Републички Завод за статистика, Зборник, 2009)

| | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пријавени | 2289 | 2314 | 1699 | 1888 | 2132 | 1999 | 1815 | 1446 | 1266 | 1278 |
| Обвинети | 1927 | 1542 | 1548 | 1021 | 1285 | 1190 | 1154 | 1088 | 999 | 1027 |
| Осудени | 1542 | 1184 | 1162 | 745 | 934 | 936 | 939 | 877 | 776 | 826 |

(Републички завод за статистика, Зборник, 2009)

Табела бр. 1. **Индекси на пријавени, обвинети и осудени мало-летници во Р. Македонија од 1991-2003 година**

| | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пријавени** | 103,5 | 104,7 | 76,8 | 85,4 | 96,4 | 90,4 | 82,1 | 65,4 | 57,3 | 57,8 |
| **Обвинети** | 114,5 | 91,6 | 92 | 60,7 | 76,4 | 70,7 | 68,6 | 64,6 | 59,4 | 61 |
| **Осудени** | 113,6 | 87,3 | 85,6 | 54,9 | 68,8 | 69 | 69,2 | 64,6 | 57,2 | 60,9 |

(Републички Завод за статистика, Зборник, 2009)

Првична оценка за трендот на појавата, гледано според бројот на пријавени, обвинети и осудени лица, веројатно е охрабрувачки. Имено, според бројот на пријавени малолетници во 2009 година во однос на 2000 година речиси двојно е намален (2289 спрема 1278), или има индекс 57,8.

Според МВР, бројот на малолетните деликвенти е во пораст во периодот од транзицијата, односно максимумот е 2001 година со пријавени 2314 лица, за да потоа има опаѓање 2002 година, па благ пораст во 2001 година, за да во 2002 година има драстичен пад (речиси 30 индексни поени), па повторно покачување 2003 и 2004 година. Од 2005 година па наваму има благо,но константно опаѓање на бројот на пријавени малолетни прекршители на кривично правните норми се до последната анализирана 2009 година кога има максимално зголемување на обемот на појавата, во однос на претходната 2008 година. Глобалниот тренд речиси и не се разликува кај бројот на обвинети и осудени малолетни лица. Сепак Јавниот обвинител ги користел своите овластувања да не покрене или да ја прекине постапката ( затоа бројот на обвинети малолетници е најголем во 2000 година), а потоа периодот на од 2003-2006 год. Од тогаш наваму постои поголема усогласеност меѓу МВР и ЈО, а Јавниот обвинител почесто покренува обвиненија по поднесените кривични пријави. Ако се согледа динамиката на бројот на осудени лица, ќе се забележи дека е идентична со динамиката на бројот на обвинети лица, со тоа што, нормално, бројот на осудените е малку помал од бројот на обвинетите, поради најразлични околности.

Од горната кратка анализа може да се заклучи дека девијантното однесување на младите по првичните неколку години од транзицијата кога беше во подем, полека но сигурно опаѓа, иако во последната 2009 година има покачување. Тоа со оглед на тешкиот период низ кој се уште минува Република Македонија е тешко објасниво. Зголемувањето на бројот на девијантните однесувања на младите во првите години од транзициониот период веројатно е резултат на првичниот шок од промената на целокупниот социјален, политички и економски систем, распаѓањето на бившата држава и војните во соседството кои произлегоа од распадот, несигурноста и неизвесноста во поглед на иднината, промена на вредносниот систем и многуте други промени сигурно имаат своја рефлексија и врз поведението на младите. Периодот на донесување на новиот Кривичен законик на Република Македонија во кој одделни полесни кривични дела не се гонат повеќе по службена должност и не се евидентираат во статистиката. Полициските анализи говорат дека во 2007 и 2008 година девијантните однесувања на младите се во опаѓање.

Еден од факторите за опаѓање на девијантното однесување на младите во поголемиот дел од транзициониот период на Република Македонија, веројатно е резултат на самиот тип на политички систем. Односно усвојувањето на демократските начела придонесе за продор на хуманистичките тенденции во работата со органите на кривичниот прогон. МВР со своето дејствување се почесто применува мерки на разговор и укажување на штетноста од постапките на младите лица, наместо нивно апсење и репресија. Толеранцијата на МВР спрема младите кои извршуваат девијантни дејствија, делумно го објаснува падот на малолетничкиот криминалитет (статистички), но од друга страна предупредува дека реално не постои пад на обемот на сторени кривични дела на младите.

Сепак подетално да навлеземе во причините за ваквата појава во Република Македонија бараат подробна и посестрана анализа која не се базира само на статистика, што не е главна тема во овој труд.

Ефектите од транзицијата, особено во почетниот период се гледаат на графиконот подолу каде е прикажан поголем период од 1995 година до 2009 година.

Графикон бр 2. **Пресуден криминалитет на малолетници во РМ од 1995-2009 година**

| 1995 г. | 1996 г. | 1997 г. | 1998 г. | 1999 г. | 2000 г. | 2001 г. | 2002 г. | 2003 г. | 2004 г. | 2005 г. | 2006 г. | 2007 г. | 2008 г. | 2009 г. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1297 | 1180 | 1357 | 1453 | 1861 | 1542 | 1184 | 1162 | 745 | 934 | 936 | 939 | 877 | 776 | 826 |

( Републички Завод за статистика, Зборник, 2009)




(Републички Завод за статистика, Зборник, 2009)

Имено тука се гледа бројот на санкционирани малолетници, кој покажува особен скок во првите години од транзициониот период, за да потоа со благи поместувања полека дојде на нивото од 2003 година. И покрај намалените индекси, не треба да се залажуваме.

Девијантното однесување постои, има свои специфични карактеристики, има висока темна бројка, и општеството треба да вложи многу повеќе напор за нејзиното искоренување.(www.mvr.org.mk)

Така на пример: Малолетничката деликвенција за период од неполни 40 години, од 1954-1993 година се зголемила 14 пати, односно ако во 1954год. Имало 130 осудени малолетници , тој број е зголемен на 1861 во 1993 год. ( В, Чачева, 2000 година)

Имајки ја предвид сложеноста на феноменот на девијантното однесување на младите помеѓу училишната популација, што во анализираниот период особено беше присутна помеѓу средношколската младина, како општествено негативна појава и нејзините штетни импликации на полето на криминалитетот Според податоците од МВР- (Ев.бр.2,издадено на 11.01.2007 год, ),во периодот од 2000-2006-та година беа регистрирани 594 инциденти на насилно однесување од страна на училишната популација, од кои најбројни се физичките напади-394 и предизвикување и учество во тепачка-154, предвидени во Законот за прекршоци против јавниот ред и мир како и 46 кривични дела, (23- тешка телесна повреда, 10-загрозување со опасно орудие при тепачка или караница, 9-насилство, 2-учество во тепачка и по едно дело убиство во обид или изнуда.

Гледано по години во текот на 2000 год, беа регистрирани вкупно 82 инциденти, од кои 55-физички напади и 22 тепачки, како и пет кривични дела. Во 2001 год се регистрирани 46 инциденти, од кои 32- физички напади и 13 тепачки, како и едно кривично дело. Во 2002 год се регистрирани 60 инциденти од кои 39-физички напади и 12 тепачки, како и девет кривични дела. Во 2003 год се регистрирани вкупно 63 инциденти, од кои 43-физички напади и 15 тепачки, како и пет кривични дела. Во 2004 год се регистрирани 80 инциденти од кои 43-физички напади и 27 тепачки, како и 10 кривични дела. Во 2005 год се регистрирани 114 инциденти од кои 77-физички напади и 31 тепачки, како и шест кривични дела. Во 2006 год се регистрирани 149 инциденти од кои 105-физички напади и 34 тепачки, како и 10 кривични дела.

Полот е биолошка карактеристика која се покажува мошне значајна за учеството на девијантното однесување. Имено , несомнено е помало учеството на припадничките од женскиот пол, споредбено со учеството на припадниците од машкиот пол. Но, сепак општа констатација е дека деви-

јантното однесување кај младите, во периодот на транзицијата доаѓа до зголемување на имотниот и криминалитетот со насилнички елементи. Сепак, девијантно однесување покажуваат и припадничките на понежниот пол.

Во табела бр.2 е прикажано учеството на младите во извршувањето на девијантни дејства во периодот од 1968 до 2009 година

| Година | Вкупно | Женски лица | % |
|---|---|---|---|
| 1968 | 487 | 15 | 3.1 |
| 1969 | 514 | 30 | 5.8 |
| 1970 | 533 | 28 | 5.2 |
| 1971 | 696 | 16 | 2.3 |
| 1972 | 867 | 21 | 2.4 |
| 1973 | 797 | 18 | 2.2 |
| 1974 | 888 | 22 | 2.5 |
| 1975 | 1026 | 34 | 3.3 |
| 1976 | 936 | 22 | 2.3 |
| 1977 | 1158 | 51 | 4.5 |
| 1978 | 1026 | 31 | 3.0 |
| 1979 | 1000 | 45 | 4.5 |
| 1980 | 964 | 47 | 4.9 |
| 1981 | 800 | 45 | 5.6 |
| 1982 | 1059 | 57 | 4.6 |
| 1983 | / | / | / |
| 1984 | 831 | 52 | 6.2 |
| 1985 | 964 | 69 | 7.1 |
| 1986 | 1144 | 69 | 6.0 |
| 1987 | 1040 | 57 | 5.5 |
| 1988 | 1180 | 58 | 4.9 |
| 1989 | 1428 | 92 | 6.4 |
| 1990 | / | / | / |
| 1991 | 1173 | 69 | 5.9 |
| 1992 | 1214 | 57 | 4.7 |
| 1993 | 1238 | 63 | 5.1 |
| 1994 | 1357 | 51 | 3.7 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1995 | 1353 | / | / |
| 1996 | 1861 | 41 | 2.2 |
| 1997 | 1542 | 39 | 2.7 |
| 1998 | 1184 | 40 | 3.4 |
| 1999 | 1162 | 33 | 2.8 |
| 2000 | 745 | 30 | 4.0 |
| 2001 | 934 | 34 | 3.6 |
| 2002 | 936 | / | / |
| 2003 | 939 | 17 | 1.8 |
| 2004 | 877 | 19 | 2.2 |
| 2005 | 776 | 18 | 2.3 |
| 2006 | 826 | 16 | 1.9 |
| 2007 | 877 | 30 | 3.4 |
| 2008 | 762 | 20 | 2.6 |
| 2009 | / | / | / |

(www.rzs.org.mk)

Податоците за нашата држава за учеството на женските лица во извршувањето на девијантните дејства, претставуваат уште една потврда за учеството на младите лица од женски пол кои учествуваат во извршувањето на разни девијантни дејства.Имено, учеството на женските лица се движи од 2.2% до 7.1%. Објаснувањето на различната по ова застапеност е исто, независно од возраста на сторителите, без разлика дали се работи за полнолетни или малолетни женски лица. Накратко, се работи за разлики во биопсихолошките особини меѓу двата пола, кои особено доаѓаат до израз во периодот на пубертетот и адолесценцијата, потоа различното општествено и културно третирање на припадниците на двата пола, како и влијанието на патријахалното обликување на улогите на младите од различен пол во семејството.

Возраста на младите на која го сториле првото девијантно дело, е значаен криминолошки податок кој кажува за идното поведение, односно овозможува да се претпостави идното девијантно поведение на младите и согласно со тоа да се превземаат одредени превентивни мерки против нив.

Имено, со години по ред доминантни сторители на девијантни дела во категоријата на малолетници беа постарите малолетници. Во периодот на транзицијата дојде до драматични промени во таа сфера, при што дојде до нагло зголемување на бројот на помладите малолетници како носители на девијантно поведение.

Во теоријата е присутна тезата која има и емпириска потврда дека доколку младата личност порано започнала со вршење на девијантни дела, толку е пореално да се повторат делата и како полнолетно лице да се јави како сторител на девијантни дела. Анализата е направена само врз основа на статистички показатели, оваа релација може да се следи само според возраста на младите за делото за кое се евидентирани. Оваа димензија била следена за периодот 2000-2009 година.

Табела бр.3 Осудени млади лица во периодот од 2000 до 2009 година според возраста

| *година* | *вкупно* | | *помлади малолетници* | | *постари малолетници* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | % | Број | % | број | % |
| 2001 | 1162 | 100.0 | 591 | 50.9 | 571 | 49.1 |
| 2001 | 745 | 100.0 | 584 | 78.4 | 161 | 21.6 |
| 2002 | 934 | 100.0 | 704 | 75.4 | 230 | 24.6 |
| 2003 | 936 | 100.0 | 707 | 75.6 | 229 | 24.4 |
| 2004 | 939 | 100.0 | 415 | 44.2 | 524 | 55.8 |
| 2005 | 877 | 100.0 | 405 | 46.2 | 472 | 53.8 |
| 2006 | 776 | 100.0 | 333 | 42.9 | 443 | 57.1 |
| 2007 | 826 | 100.0 | 264 | 32.0 | 562 | 68.0 |
| 2008 | 877 | 100.0 | 272 | 31.0 | 605 | 69.0 |
| 2009 | 762 | 100.0 | 235 | 30.8 | 642 | 69.2 |

(РСЗ-Зборник, Скопје, 2010)

Презентираните податоци покажуваат дека разгледуваниот десетгодишен период има големи промени во поглед на возраста на осудените млади. Имено, за многу краток период доаѓа до промена, односно замена на доминантната улога во возрасната структура на младите лица сторители на девијантни дела ( во периодот 2000-2009 година)-помеѓу помладите и постарите млади лица.

Драматичниот пораст ( во одреден краток период од 2000 до 2006 година) на младите во структурата на популацијата на осудени млади лица сторители на девијантни дела е показател за драматичноста на настанатите промени во периодот на транзиција (услови на живеење, социо-економските фактори, нарушување на семејните односи, семејната атмосфера), кои врз младите влијае фрустрирачки, ги револтирале, па разрешувањето на сопствените проблеми го правеле на недозволен начин, а во одредени случаи и со елементи на девијантно однесување. После 2004-та година започнува процес на зголемување на учеството на постарите млади лица во структурата на сторители на кривични дела и во 2009 година го достигнува максимумот со учество од 69.2%, односно има стабилизирање на состојбата која со години беше воспоставена (пред периодот на транзицијата, редовно постарите млади лица имаат доминантно учество). Околностите што влијаеле врз младите да дојде до драматично зголемување на нивното учество во структурата на девијантното однесување го намалите дејствувањето, поточно можеби дошло до прилагодување на новонастанатите состојби, и со тоа дошло до намалување на фрустрирачкото делување на младите лица.

Од Одделението за заштита на деца и младинци при Ј.У.МЦСР Скопје, е направен годишен извештај за периодот од 01.01.2010 година до 31.12.2010 година.

Од одделението за заштита на деца и младинци во наведениот период покрај редовните активности и задачи работено е на следното:

1. Деца во ризик и помлади малолетници во ризик, пос-тар малолетник во ризик:
2. Судска подготвителна постапка за малолетници сторители на кривични дела.

Во текот на 2010 година е работено со вкупно 1240 предмети од кои:

- 896 пренесени активни предмети
- 344 предмети со нови и припаѓаат на:

- 114 предмети во Деца во ризик
- 51 помлади малолетници во ризик
- 36 постари малолетници во ризик
- 142 сторители на кривични дела;
- Сместени деца во установи се вкупно 43 предмети;

(Ј.У.МЦСР Скопје-Одделение за заштита на деца и младинци)

Во рамките на своите надлежности ЈУ МЦСР-Скопје превзема низа мерки на помош и заштита кои се задолжителни, а нивната примена зависи од потребите на младите и нивните семејства, како и од ресурсите со кои се располага.Центарот изготвува и месечен извештај за следење на корисници на социјална заштита.

| Вид на корисник на социјална заштита | Примени известувања | | | | | | | | | | Примене мерки на помош и заштита | Изречени воспитни и казнени мерки | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | Вонинституционални | | | | Институционални | | | | | |
| | училиште | МВР | ОЈО | Суд | Родител/ старател | Малолетно | Оштетен | Граѓанин | НВО | Др.лица и организации | Број | укор | Дисц.цент | ЗНР | ЗНРСО | ЗНСО | Алтер.ме | ЈУ 25 Мај | ЈУ Р Мил | ВПД | Мал.затвор |
| Дете во ризик (до 14 години) | 5 | 16 | 15 | 0 | | | | | | 1 | 248 | | | | | | | 7 | 1 | 0 | 0 |
| *Помлад малолетник во ризик (од 14 - 16 години)* | *1* | *4* | *4* | *0* | | | | | | *3* | *192* | | | | | | | *1* | *1* | *0* | *0* |
| *Постар малолетник во ризик (од 16-18 години)* | *1* | *4* | *4* | *0* | | | | | | *0* | *163* | | | | | | | *0* | *0* | *0* | *0* |
| *Малолетно лице сторител на кр. дело (од 14 -18 години)* | *0* | *1* | *28* | *14* | | | | | | *0* | *15* | | | *131* | *262* | *252* | *1* | *1* | *3* | *15* | *12* |
| *Вкупно:* | *7* | *25* | *51* | *14* | | | | | | *4* | *618* | | | *131* | *262* | *252* | *1* | *9* | *5* | *15* | *12* |

Табела број 4: Месечен извештај за следење корисници на социјална заштита (Ј.У.МЦСР Скопје-Одделение за заштита на деца и младинци)

| Вид на корисник на социјална заштита | Пол | | Националност | | | | | | Семеен статус на корисникот | | | Вклученост во воспитно-образовен процес | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | Македонска | Албанска | Ромска | Српска | Бошњачка | Други | Со двајца родители | Со еден родител | Ставено под стартелство | Вклучен во вос.обр. проц | Не е вклучен во вос.обр. проц |
| Дете во ризик ( до 14 години) | 116 | 26 | 40 | 29 | 61 | 1 | 3 | 8 | 10 7 | 28 | 7 | 102 | 40 |
| Помлад малолетник во ризик ( од 14 - 16 години) | 99 | 15 | 42 | 40 | 28 | 0 | 3 | 1 | 90 | 21 | 3 | 83 | 31 |
| Постар малолетник во ризик ( од 16-18 години) | 60 | 16 | 27 | 30 | 12 | 0 | 2 | 5 | 62 | 14 | 0 | 54 | 22 |
| Малолетно лице сторител на кр. дело ( од 14-18 години) | 827 | 38 | 338 | 285 | 181 | 20 | 14 | 27 | 75 0 | 105 | 10 | 556 | 309 |
| **Вкупно:** | 1102 | 95 | 447 | 384 | 282 | 21 | 22 | 41 | 10 09 | 168 | 20 | 795 | 402 |

Табела број 5: Млади со воспитно-социјални проблеми

(Ј.У.МЦСР Скопје-Одделение за заштита на деца и младинци)

За споредба во 2009 година, во Одделението за заштита на деца и младинци во наведениот период како главни групи се следните:

1. Деца во ризик и помлади малолетници во ризик, постар малолетник во ризик:
2. Судска подготвителна постапка за малолетници сторители на кривични дела.

Во текот на 2009 година е работено со вкупно 1435 предмети од кои:

- 934 пренесени активни предмети;
- 501 предмет се нови и припаѓаат на:

- 205 предмети на деца во ризик и помлади малолетници како и малолетници стори-тели на кривични дела;
- 296 предмети на Судска подготвителна постапка;
- Сместени деца во установи од областа на социјалната заштита се вкупно 16 пред-мети;
- Ставени во пасива се 256 предмети;
- Пренесени активни предмети во 2010 година се вкупно 1179.

Табела бр.6 Превземени активности во текот на 2009 година

| Доставени наоди | Стари | | | | | Нови | | | | | Вкупно | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општини | Г, Баба | К,Вода | Карпош | Центар | Чаир | Г,Баба | К, Вода | Карпош | Центар | Чаир | Г,Баба | К,Вода | Карпош | Центар | Чаир |
| Програми за деца во ризик | | | | | | 31 | 52 | 34 | 29 | 59 | 31 | 52 | 34 | 29 | 59 |
| ЗНР | 10 | 18 | 22 | 18 | 9 | 39 | 48 | 31 | 29 | 51 | 49 | 66 | 53 | 47 | 60 |
| ЗНРСО | 8 | 10 | 8 | 15 | 17 | 5 | 8 | 6 | 8 | 6 | 13 | 18 | 14 | 23 | 23 |
| ЗНСО | 21 | 28 | 23 | 33 | 37 | 12 | 19 | 12 | 24 | 21 | 33 | 47 | 35 | 57 | 58 |
| Програма за ЗНСО | 24 | 20 | 16 | 37 | 27 | 12 | 19 | 12 | 24 | 21 | 36 | 39 | 28 | 61 | 48 |
| Шест Месечни Извештаи | 32 | 16 | 5 | 39 | 30 | 7 | 12 | 1 | 8 | 4 | 39 | 28 | 6 | 47 | 34 |
| 25 МАЈ | / | / | / | / | / | 2 | 4 | / | 2 | 3 | 2 | 4 | / | 2 | 3 |
| Р.М. | / | / | / | / | / | 2 | 4 | / | 2 | 3 | 2 | 4 | / | 2 | 3 |
| В.П.Д | 9 | 6 | 4 | 31 | 31 | 1 | 4 | 1 | 2 | 1 | 10 | 10 | 5 | 33 | 32 |
| М.З | / | 8 | 1 | / | 1 | 1 | / | 2 | 4 | 8 | 1 | 8 | 3 | 4 | 9 |
| Интернат | / | / | / | / | / | 1 | / | / | 1 | / | 1 | / | / | 1 | / |
| Без предлог | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 1 | 1 | 2 | 5 | 2 | 2 | 2 |
| Известувања | 30 | 43 | 21 | 61 | 71 | 19 | 18 | 17 | 7 | 28 | 49 | 61 | 38 | 68 | 99 |
| Соц. Анамнеза | 22 | 35 | 35 | 48 | 42 | 74 | 134 | 87 | 70 | 146 | 96 | 169 | 122 | 118 | 188 |
| Педагошки наод | 22 | 35 | 35 | 48 | 42 | 74 | 134 | 87 | 70 | 146 | 96 | 169 | 122 | 118 | 188 |
| Психолошки наод | 22 | 35 | 35 | 48 | 42 | 74 | 134 | 87 | 70 | 146 | 96 | 169 | 122 | 118 | 188 |
| Индивид. План | 31 | 37 | 38 | 57 | 52 | 74 | 124 | 87 | 70 | 146 | 105 | 161 | 125 | 127 | 198 |
| Вкупно | 232 | 293 | 244 | 436 | 402 | 429 | 717 | 465 | 421 | 790 | 661 | 1010 | 709 | 857 | 1192 |

(Ј.У.МЦСР Скопје-Одделение за заштита на деца и младинци)

Од податоците на табелата можеме да заклучиме дека најголем број активности во текот на 2009 година има во општина Чаир и тоа вкупно 1192 од кои 790 нови, што значи се зголемила за 388, а додека најмал број активности има во општина Гази Баба вкупно 661 од кои претходно биле 232, а се зголемиле за 429. За млади кои според сознанија на Центарот се пробатори или се наркомани, работат на мотивирање за нивно лекување во Болницата за зависности во Кисела Вода. Младите со воспитно - социјални проблеми се згрижуваат во : " Ранка Милановиќ " - Скопје, В.П.Д. - Тетово, Малолетнички затвор Охрид, Интернат при О.У. Гоце Делчев во село Љубанци. Стручните лица постојано се во контакт со установите, при што установите во Скопје редовно се посетуваат, а со цел да се согледаат проблемите на младите и да се помогне во ресоцијализација на иститe. Согласно нормативите и стандардите за работа потребно е да се направи соодветна кадровска екипираност во Одделението со цел непречено и навремено да се одвиваат предвидените активности и задачи.

Македонците секојдневно се сведоци на брутални тепачки, кражби, малтретирања и разбојништва.За жал овие немили случувања се почесто учествуваат и малолетници.За тоа сведочат и видео снимки од Интернетот во кои малолетниците "растураат". Јавноста и понатаму останува загрозена од тоа на што се се подготвени "младинците", а останува отворено прашањето што е причината што од година на година бројот на малолетните деликвенти е се поголем.

Во Македонија изминатава година биле регистрирани околу 2000 кривични дела извршени од малолетници. Најмногу од рака на малолетниците им оделе кражбите и разбојништвата во кои учествувале 98 отсто од вкупниот број малолетно деликвенти. Еден отсто од нив учествувале во дела од економски криминал и еден отсто биле поврзани со криминал во други област.

Според Секторот за малолетничка деликвенција при МВР и заводот за статистика, во државава секој десетти малолетник е криминалец, а малолетничката деликвенција е во пораст, и таа во текот на минатата година била зголелемена за 14 отсто. Анализите, пак, покажале оти деликвентите во најголем број случаи ги повторувале делата и се јавувале како повторници.

- Загрижува фактот што девијантното однесување е во пораст,но бројот на малолетниците што се впуштаат во криминалот и не е драстично зголемен бидејќи делата што кај нас се регистрирани најчесто се извршени од оние деликвенти што веќе еднаш направиле некој ваков прекршок. (www.hronika@novamakedonija.com.mk.)

# 2.МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 2.1.Предмет на истражување

Предмет на истражување е влијанието на социо-економските фактори на манифестните форми на девијантното однесување на младите во Република Македонија, поточно утврдувањето на нејзините феноменолошки и етиолошки аспекти во периодот на транзиција. При тоа акцент е даден на состојбите на оваа појава во Скопје, во периодот на транзиција, односно временскиот интервал на почетокот на деведесетите години од минатиот век, се до моментот на пишувањето на овој труд. Општествениот контекст во кој, во овој труд го разгледуваме девијантното однесување на младите, е период на длабоки промени што се случија во општеството ,од кои најзначајни се : преминот од договорна до пазарна економија, преминот од еднопартиски во повеќепартиски политички систем, промени во сферата на сопственоста со доминација на приватна сопственост, реструктуирање на стопанството, драстични промени во општествено-економската структура.

Длабоката општествена преобразба доведе до низа негативни импликации од кои, за проблемот што го елаборираме, најзначајни се : невработеноста која доби енормни димензии, осиромашување на голем дел од населението од кој еден негов дел не е во состојба да ги задоволи егзистенцијалните потреби, до нарушување на системот на вредностите, до противречности на стандардите и моделите на однесување, уривање на старите и создавање на нови норми. Станува збор за ситуации кои на индивидуално ниво доведоа до бесперспективност, немоќност особено кај младите, чувство на загубеност, ситуации на трајна фрустрација„ накусо ситуации кои, и во теоријата и емпириски, се потврдени како фактори кои влијаат врз јавувањето или доведуваат до пораст на девијациите. (Љ, Чонева, 2007)

Сметам дека овој временски интервал е сосема доволен за да може да се согледаат основните тенденции на девијантното однесување, иако извесни тешкотии создаваат динамичниот развој во овој период и честите промени во општествените односи и законските прописи.

Истражувањето се движи во криминолошко-социолошки рамки. Семејството е особено апострофирано, а пред се се социо-економските фактори, поради што запознавањето со општествените форми на младиот човек започнува токму во оваа референтна група, а од друга страна самото семејство претрпе силни потреси во изминатиот период на т.н. транзиција. Транзиционоит период е следен низ ефектите кои во изминатиот период ги предизвика во Република Македонија, а кои честопати имаа негативен одраз врз социјалната и економската стабилност на семејството, но и системот на вредности на целокупното општество.

Во склад со изложеното, интеракционистите извлекуваат заклучок меѓу девијантите и недевијантите не постојат суштински разлики, туку тоа се сведува само на тоа едни се етикетирани како девијанти, а другите имаат статус на конформисти. Повикувајки се на резултатите на истражувањата "темна бројка", они истакнуваат дека ни оваа разлика не е потполна, бидејки и меѓу конформистите има значителен број кои се вршеле кривични дела, но го избегнале етикетирањето.(Ж, Јашовиќ, 1983 год)

Девијантноста претставува исклучително распространета и хетерогена појава, врз која своето посредно и непосредно влијание го остваруваат бројни причини, услови и поводи и која се манифестира во најразновидни појавни форми, во едно социолошко истражување не е можно ни оддалеку да се зафатат сите нејзини значајни аспекти. Од тие причини секое социолошко истражување кое има длабоки научни претензии мора да се ограничи врз испитување само на одделни подрачја и аспекти на девијантноста. Оттаму пред започнување на секое истражување нужно се налага потребата за прецизно да се утврди предметот на истражување. (З, Сулејманов, Н, Стојаноски, 2002 година).

Со оглед дека се работи на комплексна појава, подетално се анализирани повеќето феноменолошки карактеристики на појавата во локални и национални рамки, со зафаќање на одделни етиолошки аспекти на појавата ( субјективни и објективни фактори, пред се семејството и социо-економските фактори).

## 2.2. Цели

**Општа цел:**

- Примарна цел на овој труд е влијанието на социо-економските фактори врз манифестните форми на девијантното однесување на младите воСкопје во период на транзиција. Поле на интерес на трудот ќе бидат одделни етиолошки (егзогени и ендогени) фактори кои имаат определено значење за девијантното однесување на младите. При тоа акцент ќе биде даден на социо-економските фактори за девијантното однесување на младите и проблемите со кои се соочуваат во изминатиот период од новонастанатите општествени услови на живеење.Младата популација која е иднина на секое општество реагира на овие промени на бурен и девијантен начин, што не е својствено за возрасната популација на населението. Освен етиолошките елементи, како цел на трудот се наметнува и дијагностицирање на обемот, динамиката, структурата и другите феноменолошки аспекти на оваа појава во периодот на транзиција во Р. Македонија, со посебен осврт на младите во Скопје.

**Посебни цели:**

- Да се испита дали и колку социо-економските фактори доведуваат до проблемите со кои се соочи семејството во овој периодот на транзиција и влијаат врз појавата на антисоцијалното поведение кај младите.
- Да се провери дали социјалното раслојување и масовното осиромашување во периодот на транзиција кои придонесоа за порастот на манифестните форми на девијантното однесување на младите во Скопје.
- Да се испита дали порастот на невработеноста кај родителите доведува до пораст на девијантно однесување кај младите.
- Да се испита воспитно-образовниот процес и неговото влијание кај младата генерација во Скопје.
- Да се испита лошото друштво врз промената на однесувањето кај младите.

**Научна цел:**

- Стекнување на увид во димензиите и сложеноста на проблемот на манифестните форми на девијантното однесување на младите во Скопје во периодот на транзиција. Определувањето на феноменолошките размери и одделните етиолошки фактори ќе укажат на можностите на справување и намалување на оваа негативна појава, која е присутна меѓу младите.

**Практична цел:**

- Примена на научните сознанија во практиката со цел донесување на една широка превентивна програма во која ќе бидат вклучени сите релевантни фактори, кои со преземање на комплексни мерки во сите облици на живеење би делувале кон спречување или намалување на факторите како што се социо-економските кои доведуваат до манифестни форми на девијантно однесување на младите во Скопје во периодот на транзиција.

## 2.3. Хипотези

**Општа хипотеза:**

Транзициониот период ги поткопа темелите на целиот општествен систем. Промените кои ги донесе транзицијата во Република Македонија во сите сфери на живеење,особено социо-економската положба, доведе до силни потреси во семејството како основна клетка во општеството. Влијанието на социо-економските фактори, сето тоа се рефлектираше на пораст на девијантното однесување и разновидноста на нејзините форми. Значи, ако транзициониот период доведе до промени во целокупниот општествено-економски систем, осиромашување на голем дел од населението поради губење на работните места, а со тоа и доведување во прашање на основните егзистенцијални потреби ,тогаш логично е да се очекуваат и промени во функционирањето на семејството, а од тука и нарушување на поведението на неговите млади членови.

1. **Посебна хипотеза**

- *Неповолните семејни односи имаат силно влијание врз поведението на младите.*

**Поединечни хипотези**:

- *Неповолните интерперсонални односи меѓу родителите негативно влијаат врз поведението на нивните деца.*

Индикатори:

- податоци за социо-економската положба во семејството
- податоци за интензитетот на судири меѓу родителите
- податоци за начинот на разрешување на проблемите ( физички,вербален итн.)
- податоци за доминантност на родителите.

*- Неповолните интерперсонални односи на децата со нивните родители и останатите членови во семејството водат кон нивно девијантно однесување.*

Индикатори:

- податоци за однос на младиот кон својата мајка;
- податоци за односот на младиот кон своите браќа/сестри;
- податоци за интензитетот на физичките казни над младиот;
- податоци за помагање на младиот во секојдневните обврски во семејството.

*- Постои врска меѓу присуството на девијантни појави кај родителите и другите членови во семејството девијантното поведение на младите.*

Индикатори:

- податоци за присуство на алкохолизам, наркоманија, проституција и други девијации кај родителите на младите;
- податоци за извршени кривични дела од страна на родителите на младите;
- податоци за присуство на алкохолизам, наркоманија, проституција и други девијации кај браќата/сестрите на младите;
- податоци за извршени кривични дела од страна на браќата/сестрите на младите.

*- Постои врска меѓу непотполноста на семејството на семејството и девијантното однесување на младите лица.*

Индикатори:

- податоци за развод на родителите на младите;
- податоци за брачното потекло на младите;
- податоци за смрт на некој од родителите;
- податоци за подолго отсуство на некој од родителите (болест, работа итн.)

2. **Посебна хипотеза:**

*- Нискиот социо-економски статус на семејството е силен фактор за појавата на девијантното однесување на младите.*

**Поединечни хипотези:**

*- Ако родителите се невработени, тогаш постои голема можност за девијантно однесување на нивните деца.*

Индикатори:

- податоци за вработеност,односно невработеност на мајката;
- податоци за невработеност на таткото.

*- Колку е полоша социо-економската положба на семејството,толку е поголема веројатноста за појава на девијантно однесување на младите.*

Индикатори:

- податоци за приходите во семејството
- податоци за користење на социјална помош

*- Социо-професионалната припадност на родителите влијае врз појавата на девијантно однесување на младите.*

Индикатори:

- податоци за сопственост над станот во кој живее семејството на младиот
- податоци за површина на станот
- податоци за конфорност и опременост на станот.

**3. Посебна хипотеза**:

- Промените во општеството во транзициониот период доведоа до пораст на девијантното однесување на младите и разновидноста на нејзините форми.

Поединечни хипотези:

- *Личните карактеристики (пол,возраст) влијаат врз обемот на појавата и структурата на девијантните појави на младите.*

Индикатори:
- податоци за обемот и динамиката на пријавените, обвинетите и осудените млади лица во транзиционииот период.
- податоци за структурата на девијантните дела и прекршоци.
- податоци за учеството на половите во извршувањето на девијантните дејства
- податоци за учеството и односот меѓу одделните возрасни групи во девијантното однесување.

- *Девијантното однесување е урбан феномен*

Индикатори:
- Податоци за територијална распределба на девијантните однесувања на младите.

- *Националната припадност има влијание врз девијантното однесување на младите*

Индикатори:

- податоци за националната припадност на сторителите на девијантните однесувања кај младите
- податоци за вкупниот удел во популацијата на припадниците на различните етнички групи

- *Девијантното однесување на младите најчесто е групно.*

Индикатори:

- податоци за самостојно извршување на девијантни дела од страна на младите
- податоци за групно извршување на девијантни дела

*- Изречените санкции за негативното поведение на младите не ги даваат очекуваните резултати. Затоа, е многу честа појава на рецидивизмот кај девијантните однесувања кај младите.*

Индикатори:

- податоци за изречените санкции;
- податоци за бројот на младите повторници;

*- Постои врска меѓу поведението на младите со кое се нарушуваат моралните норми и нивното подоцнешно девијантно однесување.*

Индикатори:

- податоци за претходно евидентирање на девијантно однесување на младите во ЦСР

*- Ако младите со своето девијантно однесување решат да сторат кривично дело, тогаштоа најчесто и го прават. Притоа, многу малку кривични дела остануваат недовршени.*

Индикатори:

*- податоци за односот на довршени и недовршени девијантни појави на однесување од страна на младите.*

**4. Посебна хипотеза:**

*- Нискиот воспитно-образовен статус на младите има влијание врз девијантното однесување на младите.*

**Поединечни хипотези:**

*- Нискиот успех во училиште е во корелација со девијантното однесување на младите.*

Индикатори:

- податоци за степенот на образование на младите лица;
- податоци за успехот во училиште;
- податоци за редовност и менување на училиштето;
- податоци за повторување на годината.

*- Постои поврзаност меѓу девијантното однесување на младите и користењето на дрога или алкохол.*

Индикатори:

- податоци за користење на дрога од страна на младите;
- податоци за користење на алкохол од страна на младите;
- податоци за девијантно однесувањена младите (коцкање,проституција и др.)

*Голем дел од младите слободното време го поминуваат неорганизирано.*

Индикатори:

- податоци за начинот на користење на слободно

## Варијабли и индикатори на истражувањето

Независна варијабла

*Девијантните однесувања на средношколската младина во потесна смисла на зборот (агресивност,насилство,алкохолизам,наркоманија,деликвенција и др.) влијаат врз развојот на младата личност.*

Индикатори:
- податоци за приходите во семејството;
- податоци за користење на социјална помош;
- степен на образование на таткото;
- степен на образование на мајката;
- податоци за занимање на таткото;
- податоци за занимање на мајката;
- непочитување меѓу соучениците;
- ситни кражби;
- насилство;
- социо-патолошки појави (алкохолизам,наркоманија,проституција).

**Зависна варијабла**

*Постои врска меѓу нискиот стамбен статус на семејството и девијатното однесување на младите.*

Индикатори:

- податоци за сопственост над станот во кој живее семејството на малолетникот;
- податоци за површина на станот;
- податоци за опременост и конфорност на станот;
- условите во училиштето;
- контрола од страна на професорите.

## 2.4. Метод на истражување

Проучувањето на влијанието на социо-економските фактори врз манифестните форми на девијантно однесување на младите во Скопје и неговите карактеристики е сериозна истражувачка задача, бидејки е потребен темелен пристап, доволно време и материјални средства. Изучувањето на девијантноста како масовна општествена појава се заснова врз истите методолошки постапки и техники како што е случај и со истражувањето и со другите општествени појави. Од методолошка гледна точка ова истражување има дескриптивен и експликативен карактер. Со него прецизно ќе се опишат состојби и тенденции на социо-економските фактори врз девијантното однесување на младите, но и откривање на нивните каузални односно причинско последични врски. Во истражувањето ќе се примени и методот на класификација на податоците, компаративниот метод, интервју, анкетирањето и статистичките методи. Заради поцелосно испитување на девијантното однесување на младите, ќе бидат користени повеќе извори на сознанија:

- Законски прописи кои се однесуваат на предметот на истражување;
- Статистички податоци од Републички завод за социјални работи;
- Досиеја за девијантни однесувања од МВР;
- Медиумски пишани и видео записи;
- Извештаи, годишници, записници и друга документација, кои обезбедуваат теоретска елаборација на феноменот.

При тоа беа користени следниве *истражувачки постапки*:

1. ***Анализа на содржината*** на досиејата за девијантното однесување на младите и влијанието на социо- економските фактори во Скопје анализа на повеќе важечки закони кои ја третираат или допираат појавата на девијантното однесување, анализа на пишани и видео записи од медиуми, анализа на Кривични уписници на СВР Скопје и друга документација.
2. ***Анализа на статистички податоци*** од Државниот завод за Статистика на Македонија за бројот на пријавени,обвинети и осудени млади лица, анализа на статистички податоциод Меѓуопштинскиот центар за социјални дејности на Скопје и Републички завод за социјални дејности, анализа на статистички податоци СВР Скопје за сторени девијантни однесувања на младите.
3. ***Нестандардизирани и стандардизирани разговори*** со компетентни лица од оваа област (МВР, Центар за социјални работа, Центар за лекување на зависници од наркотици и дрога, Стручна служба во училиштата, Директор) околу нивните сознанија за влијанието на социо-економските фактори врз девијантното однесување на младите во Скопје.

**4.** ***Студија на случај("case study" или"life history method")***

Претставува основниот метод за проучување на индиви-дуалните случаи. Ваквото изучување е ограничено на помал број случаи и во прв ред е интензивно насочено. Најчесто се применува во казнено-поправни установи и специјални клиники при што е потпрено врз екипната работа на стручњаци од различни профили. Испитувањето на индивидуалните случаи е ориентирано кон проучување на личноста на девијантот од повеќе аппекти: социолошки, психолошки, психијатриски. Со таквото проучување треба да се согледаат основните карактеристики на личноста, да се откријат мотивите за девијантното поведение, да се анализираат околностите под кои е преземено, како и социјалната средина во која живеел подносителот на поведението. Собирањето на податоците за личноста "развој на личноста" и носителот на девијантното поведение, "ситуациони околности на девијантноста", се врши со помош на интервју со соодветното лице, интервју со неговата непосредна околина, со користење на биографии, судски досија, примена на тестови и други инструменти, врз чија основа најпрвин се составува регистер (case record) на секој поединечен случај, а потоа се врши анализа и синтеза на добиените резултати.(З, Сулејманов, Н, Стојановски, Социјална патологија, Скопје 2002).

***5. Компаративен метод*** со кој се настојуваше да се направи споредба и утврдат сличностите и разликита на податоците за појавата пред се на феноменолошки план во Скопје со состојбата на национално ниво, па и пошироко. Споредбите се однесуваа како на актуелниот период, така и со правење на паралелни од пократки и подолги временски периоди.

*6.* Со помош на **методот на корелација** се испитуваат меѓусебните врски и меѓусебната зависност во развојот на две или повеќе појави со цел да се откријат нивните статистички законитости. Со примена на оваа методолошка техника можат да се утврдат односот меѓу девијантноста и другите општествени појави ( како што се општествениот и политичкиот систем, општествениот развој, општествената стабилност и сл.), значајноста и насоката (позитивна и

негативна корелација) и нивната поврзаност. (З, Сулејманов, Н, Стојаноски, 2002)

***7.Статистички метод,***со примената на овој метод се утврдува т.н. ***квота на девијантноста.*** Имено за проучување на движењето на девијантноста покрај неговата апсолутната, потренбо е да се познава и нејзината релативната големина. Апсолутната големина на девијантноста претставува вкупниот број на сторители на девијантни поведенија на определени простори во определено време. Ако тој број се доведе во врска со бројот на населението, се добива релативната големина на девијантноста која го кажува бројот на девијантните поведенија што отпаѓаат на определена единица на население. Токму оваа релативна големина се нарекува квота на население. Квотата на девијантноста се пресметува за определен временски период, најчесто за една година и тоа посебно за машкото и женското население, како и за одделни старосни групи на девијанти, одделни видови на девијантни поведенија и сл.( З, Сулејманов, Н, Стојановски, 2002).

**8. *Интерпретација на резултатите од истражувањето*.** По собирањето на податоците следува последната фаза на истражувањето, која се состои во средување на податоците, анализа, извлекување на заклучоци и научно објаснување на добиените резултати. Методолошки постапки кои се користат во оваа фаза се: анализа и синтеза, генерализација, апстракција и конкретизација, класификација. На крајот се формулираат предлози и препораки за отстранување или барем намалување на девијантното однесување на младите.

Врз основа на добиените заклучоци можно е да се утврди дали е потврдени или соборена главната хипотеза. На крајот на трудот се формулираат определени предлози и препораки за отстранување или барем смалување на девијантното однесување на младите, кое е предмет на нашето истражување.

# 3. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

## 3.1. Причина за појавата на девијантното однесување на младите

Осиромашувањето на општеството, невработеноста,оневозможувањето да се задоволат основните потреби на граѓаните, одредени воени состојби во Државата, прилив на избеглици, миграции и друго се причини кои доведуваат до зголемување на социо-патолошките појави, асоцијално и девијантно однесување на младите.

Причините за појавувањето на девијациите се разновидни. За нивното откривање науката е особено заинтересирана, за да може да го објасни своето постоење, нивните промени и сл., а врз таа основа да наоѓа начини за нивно намалување и елиминирање од општествениот живот, како штетни и неповолни за неговиот развиток. Мора да истакнеме дека причините се разновидни и многу сложени. За извесни девијации докажано е дека постојат извесни органски нарушувања кај лицата, но тие се помалубројни и со помало социјално значење. Социологијата особено се интересира, зошто лица кои се психички и физички здрави се однесуваат девијантно. Засега, не постои единствено општоприфатено стојалиште за причините за девијантното однесување, но повеќето емпириски истражувања покажуваат дека девијациите се во врска со низа општествено-економски фактори, како што се сиромаштијата и безработицата, ниските образовни и стручни квалификации, индустријализацијата и урбанизацијата проследени со миграции, различните конфликтни ситуации и сл.(Д, Мирчев, М, Ташева, Ј, Корубин, Н, Стојановски, 1999).

Истражувањето за девијантното однесување на младите, тргна од многу познатата реалност, дека се работи за млади личности кои се во фаза на созревање и формирање на воспитна матрица за позитивно дејствување во секој правец.

Во суштина се работи за биопсихички, социјално и емоционално недоволно созреана личност, која не може да ги сообрази своите желби и однесување со општоважечките општествени норми, меѓу другото и поради се уште неоформениот систем на вредности. Оттаму, тие не се способни да оценат што е добро, а што лошо, недоволно ги познаваат нормите и не знаат што е дозволено морално однесување. Меѓутоа, во ситуација кога општеството е во транзиција, дезорганизација и кога постои расчекор меѓу идеалите и стварноста, младиот човек е се повеќе оттуѓен и со чувство на морална празнина. И темпото на живот,несигурноста и неизвесноста кај младите се повеќе го зајакнува уверувањето дека потребите треба што побрзо да се задоволат по секоја цена, без одлагање на задоволството, а тоа ја слабее неговата одговорност и во правна и во морална смисла.(Љ, Чонева, 2007 година).

Девијантното однесување на младите се издвојува во посебен вид на криминално поведение на кое му се придава посебно внимание поради неговите бројни специфичности. На прво место се истакнува дека младите се наоѓаат во период на созревање, кога нивната психофизичка состојба се уште не е целосно оформена. Младите не се возрасни луѓе, туку млади луѓе кои се развиваат во личност во психолошки и физиолошки замрсен процес на созревање, односно дека поседува такви особини кои во многу се разликуваат од оние од возрасните.

За девијантното однесување на младите е карактеристично и честото здружување во банди при вршењето на девијантни дејства. Додека тие порано се појавувале во помал обем и исклучително, денес кај младите се јавуваат се почесто, особено во метрополите и големите градови, па оттаму во суштина се сметаат како проблем на урбаните средини.

Во семејствата во кои се наоѓаат поединци кои вршат кривични дела имаат влијание врз младите членови во семејството. Поради тоа во ваквите семејства девијантното однесување е честа појава  и истите лесно потпаѓаат под професионалните девијантни групи надвор од семејството.

## 3.2. Класификација на девијантните однесувања на младите

Веќе беше споменато дека во литературата поимот девијантно однесување опфаќа широк опсег на поведенија на младите од асоцијални до антисоцијални, се до вршење на кривични дела. Значи девијантното однесување опфаќа широк спектар на активности: од речиси безазлезни (скитање,пушење,бегање од училиште итн), па се до многу опасни активности како што се : тешки кражби, алкохолизам ,наркоманија, силувања. (М, Милутиновиќ, 1976)

Класификацијата и типологијата на девијантното однесување имаат повеќеслојна вредност. Со помош на нив се одредува, пред се внесува одреден ред и се постигнува извесна систематика. Тие допридонесуваат за потполно согледување на внатрешните структурни појави и го олеснуваат изучувањето на посебните детерминант на одредени категории и облици на девијантно однесување. Типологијата може да биде од посебна важност за спречување и сузбивање на овие појави, ориентирајки се од праксата на превземање адекватни мерки за одредени типолошки групи на девијантно однесување.

Најчесто во литературата девијантното однесување се дели на: *девијантно* и *преддевијантно*. Девијантното однесување во тој контекст се одредува како секое однесување кое е инкриминирано со нормите на материјалното кривично право, додека за предделиквентното тоа е однесување кое не е кривично дело во смисла на законска инкриминација, но има таков карактер во етиолошкиот поглед, доколку благовремено не се реагира, прераснува во деликвентно однесување.

Едвин Лемерт ја развил идејата за примарна и секундарна девијација со која би се објаснувал процесот на етикетирање. Првичната девијација е секоја општа девијација пред девијантноста да биде етикетирана како таква. Секундарната девијација е секое дејство кое се случило после примарната девијација како реакција на институциите. Кога извршителот ќе изврши криминал (примарна девијација), колку и да не е сериозно, институцијата ќе му изрече

општествена казна. Сепак не мора да значи дека казната ќе спречи повторно вршење на криминално дејство, така што извршителот може повторни да изврши примарна девијација и да има уште построги реакции од страна на институцијата.Тогаш, извршителот ќе се противи на институцијата, додека пак таа ќе донесува построги и построги репресии. На крајот, целата заедница јавно ќе го осуди учесникот како личност која се однесува девијантно и учесникот нема да може да го толерира но на крајот ќе ја прифати неговата или нејзината улога на криминалец и ќе врши активности кои ќе му одговараат на неговата улога на криминалец.

Примарната и секундарната девијација се оние кои ги предизвикуваат луѓето да прават криминал. *Примарна* девијација имаме тогаш кога личноста е обележана како девијантна преку признавање или известување.

*Секундарна* девијација е девијацијата пред и после примарната девијација.

Ретроспективното етикетирање се случува кога девијантната личност ќе ги препознае своите дела како девијантни пред примарната девијација, додека пак потенцијалното етикетирање е кога девијантната личност ќе ги препознае своите идни дејства како девијантни. Стапките по кои се станува криминалец се:

- Општествени казни;
- Секундарна девијација;
- Построги казни;
- Понатамошни девијации со лутина и непријателство кон казнувачите;
- Заедницата ја осудува девијантноста како криминал.Толеранцијата го преминува прагот;
- Зајакнување на девијантното однесување поради јавните казни.
- Прифаќање на улогата на девијантен или криминален извршител.

(www.wikipedija.org)

Според видот на нормите кои се кршат и според општествената опасност која ја предизвикуваат таквите поведенија, сите девијантни однесувања на младите можат да се класифицираат во три групи:

## 1. *Повреда на кривично правните норми (криминалитет на младите)*

Ова е најтежок облик на поведение на младите со кои се повредуваат нормите од Кривичниот Законик. Со девијантното однесување кај младите се опфатени поведенија како што се: алкохолизам, дрога, наркоманија, кражби, силувања, тешки кражби,трговија со дрога, тепачки со телесни повреди и др. Всушност, тоа се исти поведенија кои и кај возрасните се третираат како криминалитет. Разликата е во третманот кон извршителот на девијантното однесување млад или возрасен извршител на девијантно однесување. Со оглед на тоа дека младите се сметаат дека не се зрели личности ( во биолошка смисла), за да ја опфати штетноста на своите постапки, мерките што се превземаат од страна на органите на кривичниот прогон кон нив се многу помалку репресивни. Додека кај возрасните најчесто се применуваат казни, во случаите на младите доминираат воспитни мерки.

Една од битните одлика на девијантното однесување на младите се социо-економските фактори, релативното сиромаштво и неговите појавни облици. Младите најчесто вршат имотно кривични дела и други девијантни однесувања со нагласена агресивна црта.

Друга карактеристика на девијантното однесување на младите е што во поголем број на случаи вршат девијантни дела заеднички со други во соуче-

шништво. Понекогаш тоа здружување прераснува во цврсто структурални групи,банди или гангови.

## 2. *Повреда на прекршочните норми*

Тоа се повреди на прописите за јавен ред и мир, прописи на јавниот сообраќај и други постапки одредени според Законот за прекршоци на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр.15/97). Најчести прекршоци кои ги прават младите се: нарушување на јавниот ред и мир,учество во тепачки и малтлетирање на други лица, сообраќајни прекршоци, прекршоци под дејство на алкохол и др. Со оглед на раширеноста на инкриминациите од овој карактер, може да се констатира сиромаштво на појавните облици од овој тип кај младите луѓе.

Тоа се всушност, поведенија кои се квалификуваат како прекршоци кај полнолетните лица. Овие поведенија се сметаат како помалку опасни од претходните, а и тука се применува поблаг третман кон младите . Меѓутоа , не смее да се заборави дека и кај претходните извршители на девијантни дејства станува збор за исти етиолошки детерминанти. Ако тргнеме од потесно сфаќање на девијантното однесување, со кое само кривичните дела се определуваат како девијантно однесување, тогаш прекршочното однесување се одредува како поделиквентно.Со тоа се сака да се укаже на нивната меѓусебна поврзаност, односно девијантното однесување на младите да се прикаже како увод во криминалитетот, доколку општеството не превземе благовремени мерки.

## *3. Повреда на моралните норми (асоцијално однесување)*

Иако не се инкримирани со кривично-правните, и воопшто законските прописи, сепак поведенијата со кои се повредуваат моралните норми наидуваат на неодобрување, прекор или критика од страна на социјалната средина. Поширок поим на девијантно однесување во себе вклучува и поведенија кои честопати се означуваат како аморални, асоцијални, морално дефектни и сл. Иако овие поведенија се сметаат за помалку општествено опасни од претходните, сепак тие можат да предизвикаат тешки последици за личноста на младите и неговите односи со другите луѓе. Асоцијалното однесување на младите се манифестира преку разни облици, гледано теоретски може да ги има колку и вредностите кои се заштитени со моралните начела. Иако одделни асоцијални постапки во процесот на социјализација на младите најчесто се надминуваат, сепак општеството треба да презема мерки за посериозните повреди на моралните норми: дрзок и потценувачки однос кон врсниците и постарите, бегање од дома, бегање од училиште, уживање на алкохол и дрога и сл. Ваквите поведенија, иако правно неинкримирани, можат многу негативно да се одразат врз развојот и натамошното формирање на младите, свртувајки ги овие процеси во несакан правец а некогаш и директно загрозувајки го нивниот живот. Заради тоа, општеството преку Центрите за социјална работа превзема мерки за превоспитување на младите.

## 3.3. Теории за девијантно однесување

Различното манифестирање надевијантното однесување, по квантитативни и квалитативни карактеристики, лоциран во време и во простори што меѓу себе се разликуваат по остварувањето и интензитетот на дејствувањето на одредени општествени процеси, упатува на констатацијата за поврзаноста на општествените процеси и појави во целина, особено со некои негови облици на изразување. На истиот начин се објаснуваат и различните феноменолошки карактеристики на девијантното однесување на ист простор во различен временси период.(Љ, Чонева, 2007).

Девијантното однесување е дисфункционално бидејки ја нарушува општествената интеграција, а тоа е последица на општествената дезорганизација како функција на различни културни развои. Тоа се објаснува и од аспектот на мотивација општествено допуштени цели да се остварат со општествено недозволени средства. Вкупните девијантни однесувања тој ги дели на : *примарни* отстапувања во однесувањето претставува објаснување од кои причини припадникот на едно апстрактно општество ги повредува општествените норми на однесување. Од ова се разликува конкретното однесување: секундарно отстапување во однесувањето што ќе го добиеме по општествената реакција врз него. На тој начин конкретното општествено поведение добива свој идентитет и функција низ манифестните и латантните интереси на општествената контрола. (Љ. Арнаудовски, 1983)

Според ***биолошките теории*** причините за девијантноста и криминалитетот се разни органски, психолошки и психопатолошки состојби. Органските особини се испитуваат само ако во заедница со психопатолошките состојби го даваат поимот на конституцијата. Психолошките состојби во поглед на нивното криминогено значење главно се испитуваат од две стојалишта. Некои автори психичкиот живот го испитуваат како можна причина

на девијантноста, односно криминалитетот зависно од социјалната средина во која апстрактно се развива поединецот: психичките состојби се земаат како чисти" психички околности ", а други (кои се помногубројни), развојот и влијанието на психичкиот живот го испитуваат како можен фактор на девијантноста посматрајки ги психичките појави, не како факти сами за себе, туку како функционални појави од многубројните околности на социјалната средина.(З,Сулејманов, Н,Стојановски, 2002)

Посебно внимание заслужува теоретскиот концепт на Мертон и Нисбет за девијантното однесување. Тие предвидуваат *четири облици* на однесување: ***иновација , ритуализам, повлекување и бунтовништво***. За да се појави девијантно однесување според овие автори, мора да постои или дискрапанција меѓу општествено нормираните цели, од една страна, и средствата со кои одстрана на општеството се обезбедува нивно остварување, од друга страна, или мора да дојде до полна конверзија (пресврт) на општествените цели во општествени средства. Притоа, типолошките критериуми за формирањето на четирите основни категории на девијантно однесување претставуваат или прифаќање или отфрлување на културните цели ,односно на допуштените средства за нивното остварување во дадената општествена средина. Овие типови на поведенија се формираат на следниов начин:

Табела бр. 7 Начина на прилагодување

| Начин на прилагодување | Културни цели | Дозволени средства |
|---|---|---|
| Конформизам | + | + |
| Иновација | + | _ |
| Ритуализам | _ | + |
| Повлекување | _ | _ |
| Одметнување | ± | ± |

\+ = прифаќање

\- = отфрлување

± = отфрлање со замена

(Љ. Арнаудовски, 1983)

Иновацијата е индивидуална активност што значи прифаќање на културните цели и вредности со едновремено отфрлување на средствата за нивното остварување.

Ритуализам е облик на активност во кои преку идолопоклонското прифаќање на општесвената практика истовремено доаѓа до отфрлање на дадените социо-културни цели.

Повлекување е девијантно поведение кое опфаќа мошне раширена форма на мисловно-практична дејност. Ова се јавува кај наркоманите, душевно болни и др.

Бунтовништвото, не само што ги отфрлува општествените цели и општествените средства, туку на нивно место внесува други и поинакви.

***Девијантност и телесната конституција*** - Телесниот склоп на луѓето и неговиот заемен однос со психичките конституции ги интересираше многу научници и согласно своите наоди категоризирале определен број на човечки типови. Во оваа смисла најинтересна е категоризацијата на ***Ернест Кречмер*** (1888-1964). Своите сфаќања ги заснова врз истражувачкиот материјал од 4.414 случаи обидувајки се да го испита односот на конституционалните типови со душевни болести. Според него, дури и тогаш кога луѓето од различен конституционален тип вршат исти кривични дела, на пример убиство, криминолошките карактеристики на злосторството се различни во зависност од нивните биолошки црти и цртите на темпераментот.

Кречмер поаѓа од претпоставката дека постои причинска врска меѓу телесните особености ( надворешни карактеристики) на еден човек и неговиот психички живот. За разлика од Ломборзо, тој не ги испитува аномалиите на

органскиот и психичкиот живот само на злосторничката популација, туку ја проучува физиологијата и психичкиот живот на човекот воопшто, па дури врз основа на ова изведува извесни заклучоци во поглед на криминалитетот. Според него, врз основа на личниот телесен состав, особено врз основа на склопот на черепот можат да се изведат точни заклучоци во поглед на темпераментот на човекот, а врз основа на ова, заклучоци во поглед на социјалните склоности на поединците.

Кречмер разликува три типови на телесна градба:

***1.Астеничен (лептозомен) тип*** -(ниски слаби со тесни раменици еднакви со широчината на карлицата, со слаби мускули, со јајчеста глава, слаб и долг нос, густа коса,проредена брада, бледило на лицето, според темпераментот: резервирани, недруштвени, ладни). Такви типови можат да се најдат кај скитниците, питачите,особењаците,чудаците, лукави сексуални психопати.

***2.Атлетски тип*** ( развиен костур и мускулатура, со широки раменици, силни, според темпераментот: стабилни не се нервозни, но повремено се експлозивни). Поседуваат да заболат од реума, а од душевни болести од епилепсија.

***3. Пикнички( еуросоман) тип*** ( дебели, со тесни раменици имал раст, главата им е тркалезна и голема, коса мека со стремеж кон ќелавост, градниот кош и стомакот силно развиени). Склони се кон манично-меланхолични душевни заболувања. Можат да бидат со весел и тажен темперамент, добродушни, друштвени, љубезни, но исто така и фобичари, пречуствителни и кавгаџии.(З, Сулејманов, Н, Стојановски, 2002)

Покрај овие теории за девијантноста и девијантното однесување на младите, постојат теории според кои девијантноста се наследува.

Според ***Гарофало,*** колку и да се моќни ендогените фактори не можат сами да преди-звикаат кривично дело, освен во случај на постоење на некоја аномалија или на премногу голема злосторничка склоност. Склоноста за извршување на кривично дело е притаена сила на која и е потребна извесна "плодна"средина за да стане активна ***Лањел- Лавастин и Станциу*** во сво-

јот"Краток преглед на криминологијата" велат дека наследството и средината се двата главни фактори на криминалитетот. Престапникот е нивна резултанта. На прашањето кој е најважниот фактор на престапот тие одговараат: тоа *зависи од лицето*, во еден случај можеби ***ендогениот***, во друг ***егзогениот***. Натаму велат дека криминологијата претпоставува целосно и сестрано проучување со постојана грижа подобро да се запознаат причините и лековите на нивната антисоцијална дејност. Врз основа на тоа и градат и методи на криминологијата кои ќе овозможат целосно проучување на личноста преку: морфограм, физиограм, психограм, социограм и биограм ( последниов претставува синтеза на биолошките фактори и на средината). Тие тврдат дека кај лицата постои склоност за вршење на злосторства која ја нарекуваат злосторничка склоност или диетаза.(З, Сулејманов, Н, Стојановски, 2002)

Според ***ендокринолошката теорија*** на девијантноста и криминалитетот, која девијаиите и девијантното поведение на луѓето ги доведува во врска со пречките на функционирањето на ендокринолошкиот систем на човечкиот организам, нерамнотежа или нарушување на функционирањето на на ендокриниот систем.Оваа теорија не е проверена и оттаму недокажана. Покрај тоа многу лица со нарушувања на функционирањето на ендокриниот систем не пројавуваат ниту девијантно однесување, а камоли криминално поведение.

Психичките особини на личноста, го условуваат поведението на младата личност, кои секогаш се изразуваат индивидуално. Едни реагираат многу брзо, чувствително, другите се спори и помалку чувствителни, смирени, други реагираат лекомислено, брзоплето и површно. Оттука се јавува потребата за проучување на ***Теорија на неприлагоденоста.*** Основно стојалиште на теоријата на неприлагоденоста е дека девијантното однесување на младите претставува неадаптираност на младите на општествените прилики. Адаптациониот механизам кај младите во прв ред е условен од психичката структура на поединецот.

Престапниците според оваа теорија се лица кои не се соодветно интегрирани и адаптирани на општествените процеси, односи и системот на вред-

ности. Причините за тоа определени теоретичари ги бараат во психичките особини на личноста - во "сферата на чувствителноста на поединецот" (Di Tulio), во "неспособноста на прилагодување на психосоциолошко ниво"(S.N.Fast), "недостигот на прилагоденост на животните услови" ( Vaccaro) односно во "незнаењето", што значи во "дефектното и недоволното воспитување"(S. Freud).(З. Сулејманов, Н, Стојановски, 2002).

Во *социолошкиᴛе исᴛражувања*, научниците тргнуваат од основната теза, дека девијантите се недоволно интелигентни и слабоумни лица кои не се во состојба да ја сфатат штетноста и тежината на своите постапки. Од овде се јавува потребата за проучување на ***Теорија на инᴛелеīенцијаᴛа.***

"Во социолошката и криминолошката литература се смета дека оваа теорија за прв пат е пошироко развиена од страна на Хенрс.К.Годард во неговите студии"Слабоумноста нејзините причини и последици" (Feeble-Mindedness, Causes and Consequences, New York, 1914),"Prestapnik imbicil" (1915) и "Способностите на човекот и нивото на интелектуалниот развој" ( Human Efficiency and Levels od Inteligence,Princeton Universit Press, Princeton, 1920). Според него секое слабоумно лице е потенцијален престапник и дека најважната причина на нивното престапништво е токму ниското ниво на нивната интелегенција која кај нив се спушта до нивото на дебилност. Со цел да се спречи нивното престапничко однесување, Годард предлагал нивно сместување во посебни установи и забрана на нивна репродукција. Подоцна се обидел да го промени своето мислење со тврдењето дека секој човек е потенцијален престапник".(З. Сулејманов, Н, Стојановски, 2002).

***Теорија за диференцијална асоцијација и диференцијална иденᴛификација,*** тргнува од основниот став дека престапничкото однесување се учи низ интеракција со други лица низ процесот на комуникација. Учењето во најголема мера се остварува во блиски референтни групи (семејство, група врсници, соседство и сл.), при што се усвојуваат техниките на извршување девијантни дела и специфичното насочување на мотивите и ставовите. До деви-

јантно поведение доаѓа доколку поединците доаѓаат во допир со поголем обем со модели на девијантно однесување, одколку со модели на недевијантно однесување.

Изворната верзија на ова учење е формулирана од Sutherland, а е дополнета со категоријата"диференцијална идентификација" од страна на Глесер. Според него, за да една личност почне престапнички да се однесува, не е доволно само да доаѓа во допир со дефиниции кои го одобруваат таквото поведение. Односно, потребно е младата личност да се идентификува со тие лица,- *јунаци,* кои одобруваат или вршат девијантни дејства.

Не навлегувајки во критиките на кои е изложена и оваа теорија, само ќе наведам дека неспорно, младите со своите референтни групи трпат значителни влијанија. Меѓутоа, факт е и тоа дека некои личности знаат да се спротивстават на таквите искушенија.

Теорија на ***социјалниот интеракционизам*** е нешто поново учење во современата криминолошка мисла и наука. Тоа е општа теорија за општеството која тргнува од интеракцискиот однос, во овој случај помеѓу оние кои се однесуваат девијантно и оние кои реагираат на таквото однесување, оценувајки го како девијантно. Симплифицирано, оваа теорија вели дека однесувањата кои се оценуваат како криминални, не се тоа според својот објективен карактер, туку затоа што такви ги смета и на нив реагира доминантната општествена група што ги пропишува нормите на однесување. Изворот на деликвенцијата лежи во интеракцијата помеѓу лицето кое извршило кривично дело и оние кои реагирале на тоа дело. Значи, општествената реакција е таа која создава деликвенти, со тоа што им лепи етикети на престапници. Преставниците на оваа теорија, која има неколку варијанти, се: Бехер, Лемерт, Гофман и други.

Пренагласувањето на моќта на општествените групи, како и субјективизмот и волунтаризмот се дел од критиката, од која не е поштедена и оваа теорија.(М, Ташева, 1999)

***Теорија на фрустрација.*** Кога младите не е можно да ги задоволат своите потреби и стремежи кои се јавуваат во определена социокултурна средина, лишување на неопходните услови за развој на младата личност, кај некои поединци доаѓа до фрустрации кои се проследени со чувство на инфериорност, разочарување и резигнација, се до оштетувања на нивниот психички живот. Тогаш младите изнаоѓаат различни начини на реакции, кои најчесто се несоодветни и спротивни на општествените норми и правила.

Меѓутоа, фрустрацијата не води секогаш кон лутина, бес и агресија (деструктивна фрустрација). Кај некои лица фрустрацијата доведува до зголемување на усилбите преку изнаоѓање поинакви начини за задоволување на мотивите да дојдат до саканата цел (конструктивна фрустрација). Кај трети последица на фрустрацијата може да биде ***дезорганизирано поведение,*** ( не прилагодено поведение на просторот и времето: губење на посложените и посуптилни начини на реаѓирање и нивна замена се нереалистичко и круто реаѓирање) или ***анксиозност*** ( чувство на несигурност, неспокојство и на неопределен страв. Најтешки последици на фрустрациите се неурози или психонеурози кои предизвикуваат: анксиозни реакции, фобични реакции и опсесивно компулзивни реакции( разни форми на фиксни идеи и повторување на определени бесмислени дејствија), неуростенични реакции (трајно чувстви на замор и исцрпеност) и конверзивни реакции( појава на органски пречки и органски заболувања поради психички причини. (З, Сулејманов, Н, Стојановски, 2002). Некои автори приговараат дека во основа е погрешен нејзиниот обид некои девијантни однесувања да се објаснуваат како директна или индиректна последица на фрустрацијата како извор на девијантното однесување на младите.

Согледувајки ја ограниченоста на претходно изложените теории, голем број на автори застапуваат т.н. мултифакторски или плуралистички пристап насочен кон испитување на поврзаноста на деликвенцијата со голем број на фактори и влијанија од објективен, но и од субјективен карактер.(Ж, Јашовиќ, 1991)

Покрај социолошките учења за девијантноста и девијантното однесување на кои се задржав, постојат многу други сфаќања кои ја истакнуваат нивната општествена условеност. Невпуштајки се во тие теории за објаснување на девијантното однесување, сметам дека неговите корени треба да се бараат во дејствувањето на повеќе егзогени и ендогени фактори, во нивната меѓусебна поврзаност во конкретната животна ситуација.

## 3.4. Основни форми на девијантно однесување на младите

Млади лица се сметаат лицата помлади од осумнаесеттата година од животот. Тоа е фаза на пубертетот, возраст во која кај таквите лица се јавуваат внатрешни потреси што доведуваат до разни екцеси. Во суштина се работи за биопсихички, социјално и емоционално недоволно созреани личности, која не може да ги сообрази своите желби и однесувања со општоважечките општествени норми, меѓу другото и поради се уште неоформениот систем на вредности. Тие најчесто сметаат дека се способни да расудуваат и да одлучуваат за своите постапки, но тоа расудување и одлучување е се уште незрело и одраз на несредена душевна состојба. Во ова време доаѓа до формирање на личноста, време исполнето со мошне различни и силни психички и физички "бури".

За поимот "девијантно однесување"постојат различни и бројни сфаќања. Овој поим се многу разли чно се одредува во криминолошката, правната, социолошката и друга литература, што е повеќепати условено. За тоа пред се, допринесе сложеноста на самиот феномен и неговото различно правно регу-

лирање во пооделни земји. Значајно влијание има и фактот што со ова појава, освен кривичното право , се занимаваат голем број на научни дисциплини и области, кој од свој агол и на различен начин се одредува. При тоа се користат различни концептуални приоди, кои водат се разбира до различни решенија.Одтука е многу тешко да се претстави еден исцрпен и подполн преглед на сите сваќања, од кои некои меѓусебно се разликуваат во мали нијанси. Затоа ќе укажеме на некои важни разлики кои постојаво објаснувањата на овој поим, односно на основните негови карактеристики.

Најцелосна и истовремено најблиска до социолошките сфаќања кои овде ги анализираме е дефиницијата( дефиниција од аспект на општествената структура) на девијацијата (девијантно поведение) на Михајло Ѓуриќ, според која девијантно поведение претставува (1) секоја човечка *активност,* без оглед на тоа дали се пројавува како делување, заземање став или мислење (2) која се наоѓа значително под или над границата на дозволеното просечно отстапување (3) од општествените норми (4) и која доколку во општествени рамки е видлива(5) предизвикува спонтано или организирано општествено негодување. Или накратко, ***девијантно е она поведение со кое се нарушува една општествена норма на која следува неформална реакција.***(З, Сулејманов, Н, Стојановски, 2002 г.)

Во формирањето на личноста се јавуваат пропусти и недостатоци или воопшто отсуствува обмислено и систематско формирање на личноста и општеството кое својата иднина ја гледа во младите мора да застане како воспитувач и да создаде од девијантно однесување на младиот член во корисен член за општеството.

За да дојде до девијантно однесување треба да постои сплет на причини, услови и поводи. Причини за девијантно однесување претставуваат оние решавачки криминогени фактори без чие дејство не може да настане кривично дело. Тоа се најчесто, надворешни влијанија кои укажуваат на каузалната поврзаност на девијантното поведение со срединските фактори. Каузалните

влијанија произлегуваат од негативното дество на општествените појави како што се: сиромаштијата , невработеноста, дисфункционалните семејства, индустријализацијата и урбанизацијата.

Девијантното однесување на младите и во етиолошката сфера има свој нагласен печат на социјалната положба и биопсихичките карактеристики како субјекти во нивниот развој. Недоволната изграденост на младата личност, посебно критичкото мислење, кое овозможува поголем *успех* на разните негативни влијанија кои го определуваат патот на девијантното однесување.

Девијантното однесување на младите претставува сериозен општествен проблем и тој треба да биде разбран од заедницата со сета негова сериозност, тежина , опасност и долгорочни последици.

Девијантното однесување кај младите се јавува и како резултат на транзицијата во која се наоѓа нашата земја во последниот период, економската криза, менување на семејните и социјалните вредности, коишто претставуваат придружни појави во тешкиот период на транзиција на нашата земја, девијантното однесување, злоупотребувањето на дрогата, алкохолот и проблемите во однесувањето се во пораст кај младите лица во нашата земја. Кога општеството е во транзиција, дезорганизација и кога постои расчекор меѓу идеалите и стварноста, младите личности се повеќе оттуѓени и со чувство на морална празнина.Современото македонско општество не и нуди на младата личност поголеми можности за иднина и развој, за позитивна идентификација и самореализација, па оттука се поголем број на млади луѓе излез бараат во девијациите. Доаѓа до распаѓање на семејствата, под економски притисок ги испраќаат децата да продаваат стока на црниот пазар, насилно однесување, го прекинуваат своето образование, се оддаваат на проституција, кражби и употреба на алкохол и дрога.

Значи концептот за појавата на девијантното однесување кај младите се поставува врз доминантното влијание на личноста, нејзините биолошки, физички,интелектуални, психички особености и карактеристики и нивното обли-

кување под силното влијание на социо-економските фактори, социјалните услови во средината во која живее, расте се развива, оформува во зрела личност.

Динамичниот развој на општеството со крупни промени кои значат општествена преобразба особено ова се однесува на последните петнаесетина години, кога промените предизвикаа такви последици и состојби што ги намножија факторите за кои е потврдено дека влијаат врз појавата и ширењето на општествено неприфатливото однесување на сите, особено на младите луѓе. Аргумент за тоа е зголемувањето на обемот на девијантните и криминалните поведенија.(Љ, Чонева, 2007 год.).

Според М. Ѓуриќ има девет видови на девијантно однесување: *инвентивност,ларпурлартизам,опуртунизам,фарисејство,квиетизам,отуѓеност, перфекционизам и бунтовништво*, а според Мертон и Нисберт дадени се два вида на девијантно однесување: *девијантно однесување и социјална дезорганизација.* За класификација на социопатолошките појави, поголемиот дел од теоретичарите девијантните однесувња се поделени на: криминалитет, алкохолизам, проституција, престапништво,ментални растројства, самоубиства и др.(Љ, Арнаудовски, 1983).

Уште едно битно влијание мора да се спомене, доколку би сакала моето сфаќање за девијантните фактори за да биде целосно. Станува збор за внатрешните особини на престапниците или субјективните фактори во моментот на извршувањето на девијантното дело, на кои вообичаено им се препишува детерминирачко влијание врз појавата на девијациите кај младите.

Сепак морам да се сложам со фактот дека она што во крајна линија го условува секое девијантно однесување на младите, всушност општи причини за девијантното однесување се влијанијата што произлегуваат од спротивностите на основните општествено-економски односи. Тие ги создаваати оформуваат причините за девијациите, а на одреден начин ги моделираат условите за девијантно однесување, поводи и особини за една млада личност.

## 3.5. Мерки и активности на М.В.Р. за појавата на девијантното однесување на младите

Девијантното однесување е актуелен и континуирано присутен проблем во нашата земја, со значително учество и со потешки и поопасни видови на напад врз општествените вредности.

Најтежок облик на девијантно однесување се прекршоците на кривично правните норми, кои ги сочинуваат сите однесувања на младите кои се инкриминирани со позитивно кривично законодавство. Бидејки се тие инкриминации, спрема нашето кривично законодавство, подеднакво се однесуваат на младите и возрасните членови на општеството, тие овој вид на престапи младите прават односно однесувањата, кои во случај на возрасните извршители на квалификации како кривични дела т.е. криминалитет. По својот објективен карактер девијациите не се ништо друго, туку исто што е и криминалитетот кај возрасните

Министерството за внатрешни работи изминатите години континуирано превземаше мерки за адекватно преструктуирање и организационо прилагодување на службите во функција на зголемување на ефикасноста во попречување на девијантното однесување. Превземените мерки се главно во областа на превенција на девијациите, едукација на кадри кои работат на оваа проблематика, комуникација со останатите институции и субјекти со цел тимско работење, но и мерки и активности на планот на репресијата.

Понатаму, Министерството преземаше мерки и за продлабочување на соработката со Центрите за социјални работи во насока на превземање заеднички мерки во врска со реализација на одделни специфични кривични дела (полова злоупотреба на деца), како и мерки во врска со социопатолошката појава питачење, со организирање заеднички акции,што се покажа како не доволен ангажман, бидејки проблемот со питачење не е решен особено во Скопје,

и на овој план би требало да се ангажираат и други владини и невладини организации.

Покрај овие воспоставени комуникации, изминатите години се превземени мерки од страна на стручни работници од Министерството за внатрешни работи во организирање на едукативни предавања во основните и средните училишта, заради запознавање на младите со опасностите од злоупотребата на дроги. За одбележување е учеството на малолетниците во 16,84% прекршоци за користење на наркотични дроги во 2002 година, а регистрирани зависници малолетници се 4,34%. Во Скопје се регистрирани 103 малолетници, Прилеп 37, а до 15 годишна возраст, регистрирани се 14 случаи во Македонија. (www.mvr.org.mk)

Каква е структурата на девијантните поведенија кај младите вон нашата држава?, Дали таа се вклопува со глобалните трендови во светот, има ли некои свои специфичности?, Облиците на девијантно однесување ќе ги разгледаме преку табелите за пријавени, обвинети и осудени малолетни лица во периодот од 2000 година до 2009 година со помош на податоците од Заводот за статистика.

Табела бр. 8 ***Пријавени малолетни лица според групите на кривични дела***

| | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кривични дела против животот и телото | 87 | 132 | 132 | 131 | 108 | 81 | 79 | 72 | 68 | 70 |
| Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот | 2 | 6 | 1 | 2 | 10 | 1 | 2 | 1 | 4 | 2 |
| Кривични дела против честа и угледот | 1 | 3 | 0 | 0 | 4 | 1 | 1 | 0 | 3 | 1 |
| Кривични дела против половата слобода и половиот морал | 16 | 21 | 6 | 10 | 29 | 11 | 18 | 11 | 10 | 16 |
| Кривични дела против здрав-јето на луѓето | 4 | 5 | 0 | 7 | 13 | 13 | 31 | 11 | 21 | 18 |
| Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството | 32 | 19 | 24 | 19 | 13 | 9 | 20 | 9 | 15 | 11 |
| Кривични дела против имотот | 2046 | 2014 | 1441 | 1600 | 1840 | 1768 | 1539 | 1215 | 1028 | 1029 |
| Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот | 10 | 4 | 6 | 8 | 6 | 6 | 7 | 8 | 5 | 18 |
| Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај | 51 | 51 | 42 | 71 | 57 | 78 | 60 | 66 | 41 | 56 |
| Кривични дела против правниот сообраќај | 0 | 0 | 0 | 6 | 16 | 9 | 9 | 6 | 10 | 12 |
| Кривични дела против јавниот ред | 34 | 45 | 36 | 21 | 21 | 16 | 23 | 24 | 57 | 34 |
| Останати кривични дела | 6 | 14 | 11 | 13 | 15 | 6 | 26 | 23 | 4 | 11 |
| ВКУПНО | 2289 | 2314 | 1699 | 1888 | 2132 | 1999 | 1815 | 1446 | 1266 | 1278 |

(www.rsz.org.mk)

Табела бр 9. ***Обвинети малолетници според групите на кривичните дела***

| | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ривични дела против ивотот и телото | 88 | 72 | 85 | 67 | 77 | 58 | 44 | 56 | 63 | 59 |
| ривични дела против ιободите и правата на эвекот и граѓанинот | 2 | 4 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| ривични дела против эста и угледот | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 4 |
| ривични дела против эловата слобода и поэвиот морал | 11 | 11 | 20 | 4 | 15 | 14 | 9 | 9 | 11 | 11 |
| ривични дела против įравјето на луѓето | 1 | 4 | 4 | 5 | 8 | 9 | 15 | 15 | 14 | 11 |
| ривични дела против вните финансии, платиот промет и стопаэтвото | 32 | 21 | 13 | 9 | 3 | 9 | 15 | 5 | 18 | 12 |
| ривични дела против мотот | 1716 | 1356 | 1345 | 891 | 1091 | 1017 | 987 | 911 | 816 | 852 |
| ривични дела против пштата сигурност на уѓето и имотот | 7 | 6 | 5 | 2 | 10 | 3 | 4 | 5 | 7 | 3 |
| ривични дела против езбедноста на јавниот эобраќај | 39 | 33 | 41 | 27 | 37 | 57 | 40 | 53 | 41 | 42 |
| ривични дела против равни-от сообраќај | 0 | 0 | 0 | 1 | 11 | 2 | 14 | 9 | 3 | 9 |
| ривични дела против ıвниот ред | 27 | 29 | 31 | 5 | 24 | 16 | 15 | 13 | 22 | 18 |
| )станати кривични деа | 4 | 5 | 4 | 9 | 9 | 3 | 10 | 12 | 4 | 3 |
| ЗКУПНО | 1927 | 1542 | 1548 | 1021 | 1285 | 1190 | 1154 | 1088 | 999 | 1027 |

*(www.rsz.org.mk)*

Табела бр. 10.*Осудени малолетници според групите на кривичните дела*

| | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ивични дела против животот лото | 75 | 59 | 73 | 61 | 63 | 53 | 39 | 45 | 52 | 51 |
| ивични дела против слобо- е и правата на човекот и ѓанинот | 2 | 3 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| ивични дела против честа и едот | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ивични дела против полова- лобода и половиот морал | 11 | 8 | 15 | 3 | 12 | 12 | 7 | 8 | 9 | 9 |
| ивични дела против здрав- на луѓето | 0 | 1 | 3 | 4 | 7 | 4 | 15 | 11 | 13 | 0 |
| ивични дела против јавните ансии, платниот промет и панството | 27 | 16 | 10 | 3 | 2 | 6 | 12 | 4 | 13 | 11 |
| ивични дела против имотот | 1361 | 1028 | 993 | 639 | 778 | 793 | 786 | 729 | 626 | 674 |
| ивични дела против општата урност на луѓето и имотот | 5 | 6 | 3 | 0 | 6 | 2 | 4 | 3 | 6 | 2 |
| ивични дела против безбед- та на јавниот сообраќај | 35 | 30 | 39 | 24 | 30 | 50 | 39 | 50 | 36 | 38 |
| ивични дела против правни- сообраќај | 0 | 0 | 0 | 1 | 9 | 1 | 13 | 8 | 3 | 7 |
| ивични дела против јавниот | 24 | 27 | 22 | 5 | 22 | 11 | 15 | 9 | 14 | 14 |
| ивични дела против бракот,- ејството и младината | 0 | 1 | 0 | 1 | 3 | 1 | 3 | 6 | 1 | 4 |
| ганати кри-вични дела | 2 | 4 | 4 | 4 | 2 | 2 | 6 | 4 | 3 | 14 |
| **КУПНО** | **1542** | **1184** | **1162** | **745** | **934** | **936** | **939** | **877** | **776** | **826** |

( *www.rsz.org.mk)*

Кој индикатор за структурата на девијантното поведение да го земаме (табела бр.8), обвиненијата против малолетниците во (табела бр 9) или изречените кривични санкции, ( табела бр. 10) сосема е сеедно за определување на структурата на појавните облици. Имено, во сите три табели се гледа дека имотниот криминалитет е убедливо најзастапен кај малолетниците во Р. Македонија. Неговиот удел во вкупниот малолетнички криминал низ целиот транзиционен период се движи меѓу 80-90%, за разлика од пред повеќе од две децении кога не бил повисок од 50% . Така на пример, уделот на имотниот криминалитет изнесува 85,2%, во 2001 година изнесува 85,5%, а во 2009 година е 81,6%.

Сепак учеството на младите во вршењето на девијантни дела, најдобри ќе го согледаме преку насилничкиот криминалитет.

Табела бр 11 ***Пријавени малолетници за кривични дела против животот и телото во 2009 година***

| | Кривично дело | Вкупно |
|---|---|---|
| 1 | Убиство | 8 |
| 2 | Убиство од небрежност | 1 |
| 3 | Телесна повреда | 24 |
| 4 | Тешка телесна повреда | 24 |
| 5 | Учество во тепачка | 7 |
| 6 | Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница | 6 |
| | Вкупно | 70 |

(www.mvr.org.mk)

Графикон бр.3 Пријавени малолетници за кривични дела против животот и телото.




Иако учеството на вкупниот криминалитет на малолетниците во Р. Македонија учествува со скромни 5,5% во 2009 година а 6,9% во 2004 година сепак поради својот карактер, заслужува внимание. Како што се гледа од табелата и графиконот, агресивната црта на овој вид на криминалитет најмногу доаѓа до израз при нанесувањето на лесни и тешки телесни повреди 9 заедно повеќе од 2/3 од насилничкиот криминалитет), или 12,9% од сите вакви кривични дела во Р. Македонија.

Во однос на кривичните дела на младите низ кои се манифестира девијантното поведение, може да се констатира кои кривични дела најчесто ги вршат младите.Овие податоци можеме да ги проследиме на следната табела:

Табела бр.12 ***Најчести кривични дела што го вршат малолетни лица во периодот од 1995-2004***

| **Кривични дела:** | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Телесна повреда | 8 | 75 | 54 | 45 | 25 | 23 | 22 | 14 | 24 | 27 |
| Тешка телесна повреда | 30 | 20 | 26 | 42 | 23 | 44 | 33 | 17 | 24 | 37 |
| Учество во тепачка | 16 | 14 | 37 | 11 | 24 | 4 | 3 | 29 | 7 | 8 |
| Дрога | / | / | 7 | 13 | 13 | 31 | 11 | 16 | 13 | 13 |
| Кражба | 620 | 487 | 442 | 430 | 360 | 270 | 201 | 155 | 201 | 256 |
| Тешка кражба | 1167 | 764 | 982 | 1191 | 1201 | 1066 | 834 | 725 | 689 | 768 |
| Разбојништво | 13 | 20 | 24 | 43 | 71 | 44 | 55 | 38 | 40 | 82 |
| Одземање возило | 98 | 70 | 88 | 111 | 111 | 138 | 95 | 91 | 73 | 67 |
| Загрозување во сообраќајот | 51 | 42 | 71 | 57 | 78 | 60 | 66 | 41 | 53 | 42 |
| Вкупно најчести дела | 2003 | 1492 | 1731 | 1943 | 1906 | 1680 | 1320 | 1126 | 1133 | 1282 |
| Вкупно кривични дела | 2314 | 1699 | 1888 | 2132 | 1999 | 1845 | 1446 | 1226 | 1278 | 1488 |
| % | 86.7 | 87.8 | 91.8 | 91.1 | 95.3 | 92.6 | 91.3 | 91.8 | 88.6 | 86.1 |

(www.mvr.org.mk)

Од презентираните податоци во табелата, можеме да заклучиме дека малолетничкиот криминалитет во нашата држава се изразува низ десет кривични дела кои во неговата структура во годините што ги следевме, се застапени со учество од 86,1% до 95,3%. Значењето на материјалните барања и потребите на младите лица, ги остваруваат преку имотните кривични дела кои се доминантни. Притоа можеме да видиме дека полесните кривични дела (кражбите), бележат тенденција на намалување, а неговите потешки облици и облиците во кои доаѓа до израз манифестирање на насилничките елементи кои бележат тенденција на пораст. Во еден подолг период кривичното дело кражба е доминантно во структурата на групата кривични дела против имотот, но во периодот на транзиција состојбата се менува неговото учество се намалува и приматот го добива кривичното дело тешка кражба, кое е застапено 45,0% и

60,1% со тенденција на зголемување. Кај телесните повреди е забележано ниво на намалување, додека пак тешките телесни повреди покажуваат тенденција на зголемување. Во овој контекст треба да се укаже и на фактот дека со донесување на Кривичниот законик, кривичното дело телесна повреда оди по приватна тужба, за разлика од порано кога ова дело се гонеше по службена должност. Можеме да заклучиме дека во транзиционит период доаѓа до зголемување на имотниот и девијантното поведение со насилнички елементи.

Девијантното однесување на младите во нашата земја во разрешувањето на конфликтите бара подлабока анализа. Овде само ќе споменам бруталноста во нивното однесување најчесто има мотиви како што се : љубомората, повреда на честа, стекнување на материјална корист и сл. Девијантното поведение најчесто се манифестира  под дејство на алкохол или дрога, најчесто ноќно време и се повеќе добива димензија на вандализам. Причините за ваквото однесување на младите лежат во: социо-економските фактори, севкупното општествено опкружување, семејството и проблемите во него, групата врсници, фрустрации и др.

Врз основа на изнесените согледувања може да се оцени дека и покрај благото намалување на девијантното однесување во изминатите  години, што е главно резултат на актуелните безбедносни состојба во земјата т.е. намалена раздвиженост на младите, во наредниот период се очекува зголемување на девијантното однесување на младите.

Поради тоа, како и во функција на зачувување на младата популација од девијантни криминогени однесувања потребно е да се превземаат соодветни и адекватни мерки и активности од страна на сите субјекти задолжени за оваа проблематика (правосудни органи, здравствени институции, воспитно образовни институции, како и дел од НВО коија третираат оваа проблематика.

## 3.6. Социо-патолошки појави

Општествено неприфатливите однесувања, кои младите постојано ги следат во времето и просторот, е аргумент со кој се оправдува значењето што му го дава системот на репресивното и превентивното реагирање против криминалните, и, пошироко, девијантните појави на младите. Тие, со поголем или помал успех, им се спротивставувале, но никогаш не успеале да ги елиминираат. Напротив, се работи за појави кои не само што покажуваат нечувствителност кон мерките што се превземаат, туку покажуваат тенденција на постојано зголемување, што е индикатор и за неадекватноста на општественото реагирање кон нив. Таквата состојба ја наметнува потребата од констатирање, но следење и корегирање на постојните мерки, но и трагање по нови мерки кои ќе бидат поефикасни во спротивставувањето на овој општествено негативен феномен.( Љ, Чонева, 2007)

Секоја активност на младите е резултат на заемниот однос на младата личност со средината. Оттука и социо-патолошките појави кај младите треба да се разгледуваат и објаснуват во тие рамки. Во литературата се познати повеќе класификации на социо-патолошки појави, базирани врз различни критериуми.

В. Јаковљевиќ социопатолошките појави ги класифицира во три групи:

- Социјални болести(соматски,ментални и психосоматски)
- Социопатии-токсономании(алкохолизам,наркомаија),пороци(сексуални перверзии, проституција, егзистенцијални дезинформации),агресии (криминалитет, самоубиства, девијантно однесување).
- Социјална дезорганизација, во која спаѓаат дезорганизација на бракот и семејството, дезорганизација на комуната и работните колективи.(И, Ацевски, 1998 година)

Некои автори, наместо класификации само таксативно ги набројуваат социо-патолошките појави. Лемерт, ги наведува следните појави како социопа-

толошки: слеп и слепило, говорни дефекти, радикализам и радикали, проституција и проститутка, криминал и криминалец и сл. Клинард (1964),социо-патолошките појави ги набројува како: деликвенција и криминал, наркоманија и алкохолизам, функционални и ментални нарушувања, самоубиства,конфликти во бракот и др.

З. Шепаровиќ во својата книга-Криминологија и социјална патологија(1981), социо-патолошките појави ги распределува во две групи:

- *Девијантни однесувања* (ги опфаќа специфичностите на социопатолошките појави, како што се алкохолизмот, наркоманијата, проституцијата и други девијантни однесувања.
- *Социјална дезорганизација* ( ја наведува дезорганизацијата на семејството, социјалната патологија во сферата на градот, социо-патолошките аспекти на мобилност и сл.

Ж. Јашовиќ, во својата книга Криминологија, социолошките теории ги класифицира во следните групи: антрополошка, биолошка, психопатолошка и психолошка теорија на објаснување на девијациите, а нивни заеднички компоненти е во тоа што *внатрешните, личните* или таканаречените *ендогени фактори*, ги гледа одлучувачките причини за таквото однесување. Тие фактори секако меѓусебно се диференцираат во две основно групи: *вродени и стекнати*. На таа диференцијација и посебно на тоа кои се конкретните фактори во тие област придават одлучувачко значење за причините за девијациите, се развиле овие теориски концепти, кои заеднички можат да се означат како теории за ендогени причини за девијациите.(Ж, Јашовиќ, 1983 год)

Заеднички елемент на сите социо-патолошки појави е содржан во вредносниот суд: имено се работи за *општествени појави* со негативен предзнак, за општествени *неповолни факти*(односи или дезорганизација), факти кои не се поволно од гледиштето на функционирањето на општеството. Овој аксиоло-

шки момент е содржан во името и дисциплината и појавите социјална патологија смета Шепаровиќ.

Можеме да заклучиме дека социо-патолошките појави се општествени факти или општествени појави, кои го нарушуваат нормалното функционирање на општеството, групите на млади личности и поединци. Социо-патолошките појави се општествено неповолни, неприфатливи и негативни.

## Одделни законски одредби на Р.М. кои се однесуваат на малолетничките прекршители на правните норми

Постапувањето со младите сторители на девијантни дела, традиционално се разликува од приодот кон возрасните сторители. Ваквата подвоеност се должи на психофизичката состојба во која се наоѓаат младите, нивната возраст и зрелоста да ги сфати последиците од сопствените дејствија.

Системот на кривични санкции спрема малолетниците, збогатен со нови санкции по вид и тежина,овозможува индивидуализиран третман и нагласена специјална превенција, како основни цели кон кои се стреми малолетничкото казнено законодавство. Ваквиот приоде прифатен во Законот за малолетничка правда (Службен весник РМ,бр.87/07), којшто во пристапот при определувањето и примената на мерките и санкциите кон малолетниците ги разработува нацелата содржани во Конвенцијата за правата на детето, усвоена од Генералното собрание на ООН во 1989 година. Со посебен приод кон малолетничката правда се акцентира благосостојбата на малолетникот, без оглед дали на него се надоврзува мерка или санкција, мора да се води сметка за заштита на

интересите на малолетникот и да се оствари процес на воспитување,односно превоспитување и негов правилен развој.(Бужаровска Гордана, 2008год)

На никого не може да му биде изречена казна или друга кривична санкција за дело, кое, пред да е сторено, не било со закон определено како кривично дело и за кое не била пропишана казна со закон.(Член 1, Кривичен законик, Законитост во определувањето на кривичните дела и на пропишувањето на кривичните санкции, стр 9)

Покрај остварување на правдата, цел на казнувањето е:

1) спречување на сторителот да врши кривични дела и неговото превоспитување и

2) воспитно да се влијае врз другите да не вршат кривични дела.

(Член 32, Казни, Цел на казнувањето)

За спречување на девијантно однесување кај младите се применуваат следниве воспитни мерки:

а)***дисциплински мерки***: укор или упатување во дисциплински центар за малолетници. Овие мерки се превземаат докулку младото лице нема потреба од потрајни мерки, или девијантно се однесува од непромисленост или лекомисленост.ќе му се укаже на штетноста на неговата постапка и ќе се предупреди доколку се повтори таквото девијантно однесување, спрема него може да му биде изречена кривична санкција;

б) **мерки на *засилен надзор*** од страна на родителите, училиштето, Центарот за социјални работи, се изрекуваат кога има потреба од потрајни мерки за воспитување или превоспитување.

За кривично дело сторено од страна на малолетник може да се изрече една од следниве три вида санкции: а) *воспитни мерки,* б) *казни* и в) *алтернативни мерки.* Законот за малолетничка правда предвидува посебни услови за изрекување на различни облици на кривични санкции во зависност од возраста на младата личност, и тоа: а) на *помлад малолетник* за дејствие што со закон е

определено како кривично дело може да му се изречат само воспитни мерки; б) на *постар малолетник* за дејствие што со закон е определено како кривично дело може да се изречат воспитни мерки, по исклучок може да му се изрече казна или алтернативна мерка, а може и да биде ослободен од казна под општите услови определени со Кривичниот законик.(Гордана Бужаровска, 2008)

Законот за малолетничка правда, исто така, пропишува едно значајно право, согласно кое малолетникот - жртва **задолжително да има помошник**, и тоа **од правото сослушување на обвинетиот, па се до крајот на постапката.**(Член 140, Кривичен законик, Законитост во определувањето на кривичните дела и на пропишувањето на кривичните санкции)

# ВТОР ДЕЛ

## 1. НАСИЛСТВА КАЈ МЛАДИТЕ

Поимот насилството од кај младите е една од највидливите форми на девијантно однесување. Фаталните и нефаталните напади во кои се вклучени млади луѓе, во голема мера придонесуваат кон глобалната бројка на предвремени умирања, повреди и инвалидитет.

Насилството кај младите длабоко ги повредува не само жртвите, туку и нивните семејства, пријатели и заедници.

Постојат тесни врски меѓу младешкото и другите форми на насилство. Насилните млади луѓе честопати вршат бројни девијантни дела и покажуваат други социјални и психолошки проблеми.

Постојат поголем број на фактори кои влијаат за развојот на насилството кај младите, меѓу кои најважни се карактеристиките на личноста и начините на однесување поврзани со насилството меѓу младите, а тоа се:

- хиперактивност;
- импулсивност;
- слаба контрола врз однесувањето;
- проблеми со вниманието;
- историја на рано агресивно однесување;
- слаби образовни постигнувања.

За развојот на насилството кај младите големо влијание имаат и семејството и врсниците. Атмосферата во домот има големо влијание за развојот на насилното однесување кај младите. Некои од главните семејни фактори кои се поврзани со насилството кај младите се:

-лошиот надзор на младите од страна на родителите и тешки физички казни за нивното дисциплинирање;
- конфликти меѓу родителите во раното детство;

- низок степен на поврзаност меѓу родителите и младата лич-ност;
- мајката која го добила првото дете на млада возраст;
- доживување на раздвојување или развод на радителите на млада возраст;
- ниска социо-економска состојба на семејството;
- дружењето со деликвентни врсници, исто така се поврзува со насилството кај младата личност.

Насилството кај младите кај младите кај младите може да биде предизвикано и од многубројни други фактори како што се: социо-економски, социјални, политички и културолошки фактори:

- бандите и локалната понуда на оружје и дрога претставуваат можна комбинација што ја зголемува веројатноста за појава на насилство кај младите;
- социо-економските фактори претставуваат значаен фактор за развојот на насилството кај младите(слаба материјална состојба во семејството).
- нискиот степен на социјална кохезија во заедницата се поврзува со високите стапки на насилството кај младите;
- Квалитетот на владеењето на државата, нејзините закони и степенот до кои тие се споредуваат, како и политиката на социјалната заштита имаат ефекти врз насилството.
- Факторите како нееднаквост во приходите, брзите демографски промени кај младата популација и урбанизација, влијаат стимулативно за појавата на насилството кај младите.
- Културите кои не даваат ненасилни алтернативи за разрешување на конфликтите изгледа дека имаат повисоки стапки на насилството кај младите.

Моќта е еден од битноте фактори во ланецот на насилство и насилни дејствија. Без разлика дали насилството е грубо физичко насилство или е во помалку поинакви форми. Зависи за што се разговара, но на крај се сведува на тоа појакиот да му ја "скрши кичмата"на послабиот.

Се проценува дека во почетокот на 21 век, во светот се случиле 199 000 убиства на млади луѓе-еквивалентно на смрт на 565 деца и млади на возраст од

10 до 29 години, во просек секој ден , како резултат на интерперсонално насилство. Но, стапките на убиства на младите луѓе значително варираат во зависност од регионот или од државата, а стапките за женскиот пол се речиси секаде многу пониски од стапките кај машките.

Во деценијата 1995-2005 година, стапките на убиства на младите луѓе се зголе-мува во многу делови од светот. Овој пораст, во многу случаи се поврзува со почестата употреба на пиштолите како метод за напад.

Се проценува дека на секое загинато младо лице во насилство, 20-40 лица здобиваат повреди за кои е потребна болничка нега.

Нефаталните насилни повреди вклучуваат значително помалку напади со огнено орижје од фаталните напади, и кај нив повеќе се употребуваат тупаниците, ножевите и палките.

Студиите покажуваат дека алкохолизираната состојба е важен непосреден фактор кој може да го забрза насилството.

Употребата на физичка сила и заплашувањето се, исто така вообичаени меѓу младите луѓе.

Една студија на училишни деца во 27 земји открила дека мнозинството од 13- годишните учествувале во заплашување барем некогаш, во повеќето на испитаните земји.(www.vmacedonija.com/archives/11227.htm)

Мал број на научници  го проучуват проблемот на насилството кај младите и што може да придонесе за да се спречи насилството кај младите.

Испробани се разни методи за намалувањето на насилното однесување кај младите. Највообичаените интервенции бараат да се променат вештините, ставовите и верувањата на поединецот. Ваквите програми честопати се спроведуваат во училиштата и се изготвени да им помогмат на младите да управуваат со гневот, да разрешуваат конфликти и да ги разви и да ги развијат неопходните социјални вештини за решавање на проблеми. Друга вообичаена група напревентивни стратегиишто го третираат младешкото насилство се концентрира на рано интервенирање кај децата и семејствата. Таквите про-

грами на родителите и на младите им се покажале како ефективни во намалувањето на младешкото насилство или намалувањето на ризик факторите. (www.vmacedonija.com/archives/11227.htm)

## 1.2. Бунтовништво кај младите

Бунтовништвото кај младите не е особеност на современото општество. Тоа претставува појава што ги следи сите класни општества, од чии корени и произлегува и во чии услови наоѓа место да се шири, развива и егзистира.

Бунтовништвото во својата содржина опфаќа голем број поведенија на младите луѓе што од страна на општеството се одредуваат како негативни и неповолни: од непристојно, дрско однесување до вршење на тешки девијантни дејства. Низ историјата бунтовништвото не го привлекувало вниманието на еднаков начин со другите девијантни дејства. Всушност, општеството покажувало интерес само за оние поведенија што биле казниви,што претставувале непосреден напад врз заштитените добра и вредности. Врз основа на теоретските сфаќања и објаснувања за бунтовништвото кај младите, тоа не се гледа во неговата комплексност, како континуитет на формирање на една млада личност.

Бунтовништвото кај младите, најчесто се одредува како период во животот на младите во кој личноста се формира, но не е наполно формирана, кога созрева, кога не може реално и објективно да го сфати и објасни сето она што се случува околу неа и да го усогласи своето однесување со важечките општествени норми, како личност која не е во состојба наполно и правилно да оцени што е добро, а што зло, што е допуштено, а што казниво.

Бунтовничкото поведение кај младите претставува спротивставување на она што се создавало и се создава во општеството, тоа значи отстапување од основните принципи и норми на однесување и директен напад врз нив. Бунто-

вничкото поведение воедно е силен индикатор за тоа дека во општеството нешто не е во ред, не е во ред со развојот и воспитувањето на младите и со односите во општеството во целина. Оттука, интересот за оваа појава е врзан за самото општество, младите како посебна генерација и за карактеристиките на девијантното однесување на младите што се формираат под влијание на овие фактори.

Секое општество па и нашето, што мисли на својата иднина, на своите перспективи и развој, да ја сочува културната и националната традиција, создадените вредности и добра, на нивно натамошно унапредување, се потпира врз она што ја продолжува неговата егзистенција, врз младата генерација. Секое општество се бори и настојува да има "добра и надежна младина". Затоа и создава услови за правилен развој на младата генерација. Затоа и создава услови за правилен развој на младата генерација, ја образува и воспитува врз сопствените изворни вредности, врз своите идејни и политички погледи, врз вредностите што ги создавало низ својот развој. Младата генерација што се воспитува во пазувите на своето општество, но и генерацијата која доаѓа, која отвара перспективи, ги револуционаризира односите, му дава нови импулси на развојот, носи ново и обезбедува константен развој. По својата биопсихичка консти-туција таа е отворена и флексибилна, чуствителна на промените на општеството, одговорна пред историските задачи, таа е вистински барометар на социјалните ситуации и состојби во општеството.(Ф, Бабиќ, 1972)

## 1.3. Вршење на деликти во групи

Во многубројните социолошки истражувања, особено во малолетничката деликвенција не е дојдено до сознанија дека формирањето на групи може да има значајно влијание за појавата на девијантно однесување кај младите личности. Негативното влијание на групите се манифестира преку вршење на

групни деликти, кои најчесто делуваат во својата блиска околина,училиштето и др.

Влијанието на неформалните групи се остварува на повеќе начини т.е. преку нагласување на вредности за кои се залагаат, давање на разни подршки на оние кои се придржуваат кон нивните норми, казнување за оние кои отстапуваат од нивните барања, како и барања за однесување и мислење како нив,како поединецот ќе се однесува во групата зависи од тоа на каква хиерархиска положба се наоѓа во структурата на групата. Силината на групата и нејзиното делување зависи токму од ваквата хиерархиска поставеност и единство на членовите да останат во група.

Поврзувањето на младите во девијантни групи се врши на основа на прифаќање на лични ставови и вредности при што училиштето и соседството (маалото, улицата) имаат голема улога во нивното групирање. Психолозите истакнуваат дека во овој период на развој на личноста доминантни црти стануваат негативниот однос кон постарите, а силен култ на почитување на лидерот на групата врсници и вредностите на групата кои пак, или се дифузни и нејасни или пак се насочени против општествените вредности. Поврзувањето на младите во девијантна група се врши на основа на прифаќање на истоветни ставови и погледи при што училиштето и соседството се сфаќаат како важен фактор на собирање на истомислениците. Групата на врсници, како што се забележува во поновата литература, станува се позначаен фактор на девијантното однесување, но и елемент на чувство на поголема сигурност и поделена одговорност.

*Неформалните* девијантни (криминални) групи имаат големо , а можеби и најголемо влијание за појавата на девијантното однесување на младите.Овие неформални девијантни групи настојуваат да на разни начини придобијат што е можно поголем број на приврзаници особено од младата генерација. Со своите прокламирања дека со непочитување на општествените правила, нормите на однесување, непочитување на законот, игнорирањето на општествените обв-

рски се доаѓа до големи заработувачки, тие делуваат како девијантна болест или девијантна инфекција.

Негативното влијание на ваквите девијантни групи, имаат големо влијание врз младата популација, бидејки тие лесни ги прифаќаат таквите влијанија. За девијантните групи е утврдено дека тие може да се класифицираат по: местото ма живеење(улица), стамбен блок, училиште и др. Негативното влијание на овие девијантни групи особено е изразено во оние делови од градот во кои преовладува доселено население од хетерогени (различни ) структури на занимање, образование и социо-економската положба во семејството.

## 1.4. Семејство-проучување на семејството на малолетниците

Основната функција на семејството-воспитувањето и социјализацијата на младите, нормално може да се остварува ако за тоа постојат материјални и други објективни претпоставки. Меѓутоа, функцијата на семејството може да се остварува само во комплетно, складно и функционално адекватно семејство. Тоа значи дека, доколку е наручена комплетноста и функционалноста на семејс-твото, доколку се нарушени меѓусебните односи на членовите на семејството, доколку во него постојат одредени социо-патолошки појави, процесите на воспитување и социјализација можат да се нарушат, во нив да има одредени празнини и попусти, кои при постоење на други неповолни околности резултираат и со девијантно однесување на младите.(Љ, Чонева, 2007 год.)

Семејството претставува микро група преку кое во системот на општествена структура се остварува социјализација и формирање на личноста на младите. Во современото општество семејството е соочено со поинтензивно

слабеење на својата основна функција, а нејзиното делување може да влијае негативно врз развојот на личноста доколку се :

- пореметени семејните односи
- презафатеност на родителите со бизнис или престој во странство
- има конфликти, агресија,
- развод на брак на родителите,
- смрт на член во семејството,
- алкохолизам кај член на семејството
- наркоманија,
- секаков вид насилство,
- неповолни материјални услови во семејството,
- неможноста да се задоволат секојдневните, како и зголемените потреби на младите, влијаат тие лесно да се вклучат во девијантни однесувања.

Семејството има најважна улога во поглед на воспитувањето и воведувањето на младиот човек во животот, почнувајки од неговото најрано дејство.

За правилен развој на младата личност семејството треба:

- да му овозможи да живее;
- да му се обезбедат услови да се развива(физички и психички)
- да биде со своите родители (секогаш кога е тоа можно);
- да се искаже сопственото мислење;
- да биде заштитено од неосновано нарушување на неговата приватност;
- да има највисока можна здравствена заштита;
- де се образува;
- да биде заштитено од малтретирање и експлоатација.

(М, Најчевска,2008)

Младите во семејството ги стекнуваат првите искуства и претстави за животот, своите погледи,морални норми вредности, навики и склоности, кои

влијаат врз неговото подоцнежно однесување.Семејството покрај позитивно, може и негативно да влијае на формирање на младите.

Познатиот американски антрополог, Маргарет Мид, има кажано:"Семејството е институција на која и ја должиме човечноста, затоа што не е познат друг начин на кој се создаваат човечки суштества, освен со воспитување во рамки на семејната заедница".(Трајковски, Д,1998 година)

Значи, иако семејаството се заснова врз биолошки функции (одржување на видот), сепак овде е нагласен неговиот општествен карактер. Имено, семејството како микро-социјална група претставува прв и значаен агенс на социјализација на младите членови на општеството. Од тука, да се испитува девијантното поведение на младите без да се навлезе во приликите на неговото семејство, едноставно е недовршена работа.

Семејствата кои живеат под тешки материјални услови, во кои има алкохоличари, проституција, семејни кавги и недоразбирања, разделување и разведување помеѓу брачните партнери, претставуваат расадник на девијантни влијанија врз социјализацијата на младите. Честите конфликти во семејството создаваат страв и анкциозност која негативно влијае врз психата на младите, врз нивната свест и врз формирањето на нивниот карактер. Во ваквите семејства присутно е девијантно однесување, поради семејни кризни драми. Таквите семејства претставуваат девијантно семејно огниште.

Во услови на нагли и интензивни промени во општеството какви што се случија во нашето општество изминативе педесетина години, речиси нема семејство каде што не се почувствуваа негативните (пред се на социјално-економски план) ефекти: стечај или затварање на голем број на претпријатија со истовремено масовно отпуштање на работниците и прогласување за стечајни работници или технолошки вишок, ниски и нередовни примања за оние работници кои останаа на работа (честопати без платени придонеси), социјална несигурност, пропаднати заштеди во банките и штедилниците, проблеми при вработување на младите, распаѓање на доминантната средна класа, односно со

еден збор голем пад на животниот стандард на општеството и семејството. Еден мал процент на поеденци и групи (најчесто блиски дополитичките гарнитури на власта) успеаја да профитираат во овој "матен период"и да ја оформат новата класа на"бизнисмени". Меѓутоа, иако овие семејства материјално се ситуирани на начин на кој можат да им позавидат и бизнисмените од најразвиените држави, сепак, во пракса се покажадека не се имуни на асоцијални и девијантни поведенија. Имено, доколку поволната материјална состојба не ја следи висок квалитет на семејни односи, младите членови во семејството не стекнуваат реална претстава за вредностите и нормите на општеството во кое живеат. Тие се чувствуваат недопирливи на законот, немаат морални кочници и доколку немаат близок однос со родителите(кои често и самите практикуваат девијантни постапки со мисла дека"со парите се се купува") тогаш се чести девијации во нивното однесување.

Родителите кои вршат девијантни дејства не можат да бидат носители на позитивна воспитна улога, извор на психичка сигурност и позитивен модел на идентификација на младите во процесот на нивното созревање и социјализација.

Семејството како природна средина за развој на децата треба да им овозможи заштита и помош и атмосфера на среќа, љубов и благосостојба.

## 1.5. Семејството и пореметените семејни односи

Во динамичното транзиционо време, во кое живееме, се повеќе слабее влијанието на семејството при воспитувањето на младите. Причини за ова има повеќе, од кои би ги издвоиле: трансформацијата на семејството (премин од

патријархално во елигарно), слабеење на семејната кохезија и слабеење на семејните вредности, зголемениот обем на семејни обврски на родителите и неможноста да се носат во чекор со работните и со домашните ангажмани, преоптеретеноста на работното место, трката по егзистенција, а сето ова влијае на намалување на социјализаторскиот процес во семејството.(Т, Стојановска, Скопје, 2009)

Од многубројните истражувања многу социолози и криминолози сметаат дека семејството претставува стожар и камен темелник во едно општество, без кое не може да се функционира. Семејните функции се однесуваат на биолошки и културни репродукции, кои подразбираат целосен процес на воспитување на младите до формирање на зрела личност, односно семејството игра најважна улога во формирањето на личноста на младите.

Од семејството се очекува да остварува репродуктивна, економска, емотивна, заштитна и воспитно-морална функција, кои функции меѓусебно се поврзани, испреплетени и зависат една од друга.

Како и останатите општествени групи и семејството го карактеризираат одредена структура и организација, а неговото функционирање се одвива во склад на одредени правила. Семејствата меѓусебно се разликуваат по тоа што во некои семејства активностите на нивните членови ја регулираат и воспоставуваат контролата во рамките на семејството, планирајки многу аспекти на семејниот живот и извршување на многу семејни обврски, додека во други семејства тоа не се практикува.Членовите во семејството имаат одредени семејни улоги, воспоставуваат меѓусебни односи и донесуваат различно одлуки со помош на кои функционира семејниот систем.

Единството во семејството може да се сруши пред инвазија на надворешни фактори и сили. Во благопријатните услови преовладуваат чувствата на љубов и верност што се одразува врз семејната хармонија.

Ако се напнатоста и конфликтите преголеми се раѓаат заемни антагонизми и омраза кои го загрозуваат интегритетот на семејството. Иако во основа

семејството има две функции: тоа обезбедува физички опстанок и ги изградува основните човечки особини кај луѓето. Семејството е примарна група и тоа е на некој начин посредник меѓу индивидуата и поширокото општество. Токму заради тоа истражувањето на психо-динамиката на семејството и процесот на индивидуалната интеграција со семејството, кое порано беше занемарено, денес отвара нови патишта за истражување. Односот помеѓу индивидуалната личност и процесот на динамика на семејниот живот се неопходна карика во каузалниот синџир на состојбите на девијантните однесувања на младите.

Семејството е неминовна средина за младите, во која средина според најразлични влијанија, поаѓајки од најраното детство се формира и обликува личноста во поширока смисла. Семејството е општествена заедница, во која од самото раѓање се одвива животот на човекот како единка(индивидуа) и се обликува идната личност.

Меѓутоа колку и да е семејството значајно за успешна социјализација на младата личност, сепак е опасно да тој процес биде предолго ограничен само на семејството. Младата личност треба да има можност да вредностите стекнати во семејната куќа повремено да ги проверува и споредува со ставовитена други млади луѓе и семејства, каде процесот на созревање постепено се интегрира.

Во реалниот свет постојат се повеќе семејства кои се деградирани и дефициенти каде семејните односи не се одвиваат урамнотежено и хармонично. Ваквите семејства се предмет на многу девијантни истражувања, каде е дојдено до заклучок дека девијантното однесување на младите не може да се замисли без проучување на семејството како девијантен фактор.

Кога е во прашање современото семејство од големо значење е фактот,што под влијание на крупните промени во нашето општество, се наоѓа и процесот на значајна трансформација од патријахална во нова општествена заедница влијаат врз развојот на младата личност. Овој процес понекогаш се означува како криза на семејството воопшто, иако е очигледно дека се работи за криза

на еден преживеан и за нови самоуправни односи неприфатливи за типот на семејната организација. Се зборува за цела низа на промени, во сверата на економските функции, рефлектирајки се и понатаму во сите општествени области и функции на семејниот живот. Семејството се повеќе се отвара спрема општеството и неговите процеси, а внатре во неа доаѓа до се поголеми професионални диференцијации на нивните членови, чија општествена положба се повеќе зависи од личниот успех во работата надвор од семејството. Во врска со ова се и процесите поврзани со општествената еманципација и ослободување на жените, како и тенденција на репродукција на семејните функции и нивно пренесување во општеството.(Ж,Јашовиќ, 1983 година)

Нецелосните семејства претставуваат криминоген фактор за појавата на девијациите и поврзаноста на разни такви нецелосни семејства со девијантно однесување, каде е утврдено дека родителите живеат одвоено без меѓусебна емотивна поврзаност и изразување љубов спрема младата личност.

Непотполното семејство (по било кој основ) е анализирано во многубројни криминолошки истражувања и притоа е дојдено до заклучок дека ваквите семејства имаат голем придонес за појава на девијантно однесување на младите. Недостатокот на еден од родителите во семејството доведува до појавување на емоционална сигурност и нестабилност кај младата личност, кое оневозможува позитивна идентификација на младите со родителите и доаѓа до чувство на отфрленост и осаменост, асето тоа може да доведе до девијантно однесување на младата личност. Утврдено е дека разликата на приходите на родителите, полот и расата на младите кои живееле во непотполно семејство, во голема мера биле во значително полоша положба од младите кои живееле со двајцата родители.

Семејствата со лоши семејни односи во литературата се истакнуваат како значаен фактор за појавата на девијантното однесување на младите. Во ваквите семејства владее немир, каде постојано се јавуваат меѓусебни сукоби и емоционална напнатост.

Семејните односи и целокупната семејна атмосфера се согледуваат преку односите помеѓу брачните другари и односите помеѓу младите и родителите.одредени врски помеѓу поединечни карактеристики на семејството и појавата на девијантното однесување дури и кај високите статистички поврзаности, претставуваат помала или поголема индиција дека одредена семејна положба во одредена мера го зголемува ризикот за девијантното однесување, но не дава конечно објаснување за стварната природа на таа поврзаност ниту увид во делувањето на многу понатамошни фактори кои ги немаме во предвид, а кои се можни прикриени генератори за поедини поврзаности. Пореметените семејни односи имаат значаен придонес за девијантното однесување на младите, треба да се посматраат во нераскинлива врска со редица макро и микро социјални фактори.

Присутноста на социо-патолошкиот облик на однесување на возрасните членови на семејството негативно ќе се одрази на младите во семејството. Асоцијалното однесување на членовите на семејството како што се : алкохолизам, создавање нереди, питачење, наркоманија ,проституција и други разноразни девијантни однесувања, не само што по правило ја нарушуваат климата во меѓучовешките односи во семејството, имаат и непосредно негативно влијание во развојот на младите.

## 1.6. Неповолни материјални услови во семејството

Голем број социолози го испитувале поврзаноста на девијантното однесување на младите сосоцио-економскиот статус на семејството и нивната семејна припадност  во одредени општествени слоеви. При тоа посебно внимание обрнале на сиромаштијата, богатството и социјалниот и економскиот фактор.

Социо-економските животни стандарди воодредени општествени слоеви се помалку или повеќе поврзани со карактеристиките на личноста, начинот на однесување и реагирање, психички пореметувања и болести.

Заклучоците од социо-економскиот статус на семејството произлегуваат од различни податоци, а најчесто до висината на приходите во семејството, вработеноста во семејството, занимање, различни нивоа на образование, стамбено прашање, територијата каде престојуваат и слично

Вреднувајки ја важноста на поединечните одбележја во социо-економската положба на семејството во однос на девијантното однесување на младите, треба да се има во предвид дека и тие одбележја во многу случаеви меѓусебно се испреплетуваат.

Припадноста на семејството во ниските социјални слоеви со низок економски статус, неретко со себе повлекува лош општествен углед, мали приходи, поголем број на деца, лоши стамбени услови и зачестени асоцијални однесувања на возрасните членови во семејството.

Потребно е да се нагласи мислењето и на многу автори криминолози, кои истакнуваат дека девијантното однесување на младите не е реално претставен од едноставни причини што вниманието и дејноста на органите кои ги откриваат девијантните однесувања на младите во значителна мера повеќе се насочени кон ниските одошто повисоките социјлни слоеви.(Константиновиќ - Вилиќ Слободанка, 1997)

## 2. АЛКОХОЛИЗАМ И КЛАСИФИКАЦИЈА НА АЛКОХОЛИЧАРИТЕ

Алкохолизмот во светот и кај нас од ден на ден станува се поактуелен и помасовен проблем. Негативните последици кои произлегуваат од употребата и злоупотребата на алкохолот се многубројни и го загрозуваат здравјето и животот на младите луѓе, нивното семејство и социјалната средина. Употре-

бата на алкохолот кај младите лица претставува тежок проблем, кој нанесува материјални штети на семејството, средината. Големи се и непроценливи човечките жртви, а личните и семејните трагедии се мошне чести и алармантни.

Младите, како биолошки и социјални суштества изложени се во текот изложени се во текот на својот животен циклус на многу периодични делувања на зголемен притисок од социјалната средина во која живеат, социо-економските фактори, поради што запаѓаат во дефицитарни состојби на смалена прилагодливост, која претставува динамичен фактор за настанувањето на алкохолизмот и други девијантни и тенденции и однесувања.

Алкохолизмот претставува најтешка зависност во светот и кај нас, а истовремено тежок и комплексен социјален проблем.

Луѓето како биолошки,психолошки и социјални суштества изложени се во текот на својот животен циклус на многу перодични делувања и зголемен притисок од средината во која живеат, поради што запаѓаат во дефицитарни состојби и смалена прилагодливост, која претставува тежок динамичен фактор за настанувањето на алкохолизмот и други девијантни тенденции и однесувања.

Алкохолизмот многу почесто се сретнува кај емоционално незрели личности со ниска толеранција на фрустрации, импулсивни или депресивни невротичари со нагласена анксиозност, луѓе соочени со нерешиви проблеми и кои во почетокот бегаат од реалноста во алкохолната еуфорија, се додека не станат зависни од него. Младите личности се поосетливи на алкохолот и тие можат многу побргу да покажат зависност.

Алкохолот бол познат уште многу одамна. Уште околу 6000 години пред нашата ера бил употребуван како лек, храна и како средство за ублажување на грижите.

Опасноста од алкохолот можеме да ја согледаме уште во законите на стариот Рим, каде најстрого им било забрането на младите луѓе до 30 години од животот да пијат алкохолни пијалоци, затоа што токму во тие години на полна

и физичка и интелектуална сила, како и социјален подем, ги создаваат семејствата. Во таа смисла и Коранот забранувал употреба на средства кои ја менуваат состојбата на свеста.

Како и кај другите социопатолошки појави и кај алкохолизмот постои проблемот на темната бројка. Таа овде е значително поизразена одошто кај криминалитетот, зошто, поради неговата класификација помалата опасност, следењето на алкохолизмот не е организирано, ниту во тој поглед постои каква и да е општествена обврска.(З, Сулејманов, Н, Стојановски, Криминологија, Југореклам, Скопје, 2002 година)

Големиот прилив на семејства од разни социо-културни средини и разни народи и народности во Скопје, како и специфичната динамика на индустрискиот, економскиот и културниот развој на градот, периодот на транзиција му даваат многу специфичности кои имаат реперкусии врз проблемите од алкохолизмот.

Алкохолизмот се развива низ неколку фази:

- предикативна;

-продомална;

- критична и

-хронична.

(Г Чадловски,В, Мицев, 1994)

***Предикативната*** фаза се карактеризира со постепено зголемување на толеранцијата кон алкохолните пијалоци.

Во ***продрмалната*** фаза алкохоличарот пие скришум од околината и семејството. Почнува да се загрижува кога ќе му недостасува пијалок и прави секакви обиди( па и криминални) да обезбеди пијалок. Повремено чувствува виновност дека почесто пие, меѓутоа не прави напор да апстинира.Се уште мисли дека може повремено да консумира алкохол и без да стане зависник.

Во ***критичната*** фаза личноста ја губи контролата на испиената количина, почнува да се брани пред околината обидувајќи се да го минимизира

пиењето или да го претстави како инцидентно. Со време почнува да се изолира од општеството, да бара друштво со кое ќе конзумира алкохол. Следува компромитација на професионален и семеен план.

Личноста почнува да пропаѓа во ***хроничнаша*** фаза на морален и на социјален план. Конфликтите во семејството се почести и потешки. Запаѓа во економска криза и се служи со се за да дојде до пијалок. Се појавуваат симптоми на телесни растројства: тремор на рацете, телеангиектазии по лицето и носот(зацрвенување), болки во екстремитетите. Можни се и појави на алкохолни психози. Толеранцијата на алкохол не се намалува и веќе мали количини алкохол са доволни да доведат до пијанство.

За целосно разбирање на алкохолизмот мора да се потсетиме дека покрај: акутниот, и хроничниот алкохолизам треба да се имаат барем основни познавања за т.н. ***алкохемии*** кои претставуваат хронични труења. Меѓу нив Јевтиќ ги поместува:

1. Хроничен алкохолизам;
2. Delirium tremens potatorum;
3. Parafronezija potatorum ( за која се карактеристични):

а) Parafroneza potatorium persekutiva

б) Parafroneza potatorium kverulatorija

в) Самрачна љубомора на алкохолмани

г) Epilepsija potatorium;

д) .Алкохоломанска халуциноза и

4. Корсаковиот амнестички синдром.

Според Худолин, душевните пречки што можат да се јават вп врска со употребата на алкохол( но кои не мора да имаат врска со хроничниот алкохолизам) се:

- нормално пијанство;
- патолошка пијана состојба и

- диспоманија (неодолива желба за алкохолен пијалок кај лица кои инаку не пијат).(З. Сулејманов, Н, Стојановски, 2002)

Проблематиката на употребата на алкохолот кај младите луѓе во последно време побудува интерес кај голем број стручни кадри од повеќе аспекти од целиот свет. Тој интерес е предизвикан не само од социолошки, туку и од социјални и економски проблеми што ги предизвикува масовната употреба на алкохолот на младите личности од целиот свет.

Најголемиот број на автори денес се согласни дека алкохолизмот е еден од значајните фактори за девијантното однесување на младите, што е и разбирливо ако се има предвид дека се работи за општествено патолошка појава која во основа ги има истите општествени корени како и криминалитетот. Но, за да се разрешат проблемите се поставува прашањето дали алкохолизамот претставува непосредна или посредна причина за девијантното однесување на младите. За разрешување на ова прашање најнапред, се поаѓа од потребата за дефинирање на поимот алкохолизам.

## 2.1. Дефинирање на поимот алкохолизам

Од досегашните истражувања можеме да заклучиме дека авторите што се занимаваат со оваа проблематика, всушност одбегнуваат да одговорат на прашањето што претставува алкохолизмот, каква појава е тој во општествените односи.

Познато е дека прекумерната употреба на алкохолни пијалоци предизвикува бројни проблеми во физичката, психолошката и социјалната сфера на личноста.(З, Сулејманов, Н, Стојановски, 2002 година)

За запознавање на алкохолизмот како општествена појава потребно е да се одговори на основните прашања како што се: што е тоа алкохол, кој е алкохоличар, што е тоа алкохолизам? Секое од овие прашања е проблем за

себе, бидејки науката и истражувањата во оваа област постојано доведуваат до нови сознанија Што ги модифицираат, потврдуваат или негираат претходните. Затоа е потребно тие постојано да се следат за да може новите сознанија да се применуваат во објаснувањето и сфаќањето на појавата и нејзиното успешно спречување и сузбивање.(Љ, Арнаудовски,1983)

Една од најшироко прифатените дефиниции за алкохолизмот секако е онаа на Светската здравствена организација, која не оди кон појавата, туку настојува преку поединецот да ја дефинира појавата, па се вели: "***алкохоличар е лице кое ексцесивно зема алкохолни пијачки и чија зависност од алкохолот е толку голема што покажува отворени душевни растројства или манифестации кои ги зафаќаат неговото тело и здравје, ги расипуваат односите со другите лица и ја доведуваат во прашање неговата економска благосостојба***". (Ј, Јовев, 1994)

Под ***акутен алкохолизам*** подразбираме повремено уживање на алкохолни пијалоци со повремено или екцесивно опивање кое не останало незабележано од страна на средината што го опкружува конкретното лице.

Под ***хроничен алкохолизам*** подразбираме уживањето алкохолни пијалоци што кај определено лице се манифестира во вид на психичка и физичка зависност од алкохолот со потрајни растројства во неговото поведение.(З, Сулејманов, Н, Стојановски, 2002).

Научниот назив на етилалкохолот,чијишто хемиски состав се изразува со формулата C2H5OH, во секојдневната употреба е познат како "шпиритус". Тој е бистра, безбојна, леснозапалива течност со карактеристичен вкус и миризба. Инаку алкохолот е продукт на метаболичките промени на животинското и растителното тело. Човечката крв нормално содржи 0,00 - 0,003% алкохол. Етилалкохолот или етанолот се добива по природен и вештачки пат со вриење на разредени раствори на шеќер со помош на квасец. Квасецот предизвикува ферментација што природните шеќери ги разлага(гликозата или фруктозата) на етил алкохол и јаглен диоксид. Како резултат од оваа реакција

се јавуваат некои нуспродукти. Етилалкохолот се произведува од грозје, разни видови овоштие, житарици, компир,хмељ и друго.

Покрај етил алкохолот постои и метил алкохолот или метанол, во секојдневната употреба познат како" дрвен шпиритус". Неговата хемиска формула е CH3OH и претставува органско соединување на најпрост алкохол. По своите надворешни карактеристики мошне често се изедначува со етил алкохолот, со таа разлика што употребен во поголеми количина предизвикува многу тешки последици.(Бавцон, 1967)

Bacher и соработници во 1960 година нашле дека алкохоличарите епилептичари се приближуваат по електроенцефалографските снимки на алкохоличари кога се млади, а на епилептичари кога се постари.

Се добива впечаток како да долготрајната импрегнација на мозочното ткање со алкохол можела да се модифицира целуларната електрогенеза во иста смисла како и епилепсијата.

Електроенцефалографијата денес има голема вредност во дијагностиката, терапијата и прогнозата на алкохолизмот и на одделот за алкохолизам и наркомани во Душевната болница - Бардовци, многу често се користи.

На секој втор пациент од причината била применето електроенцефалографско снимање и резултатите се видливи на следните табели:

Табела а/

| ЕЕГ при болни во фаза на алкохолна болест | | |
|---|---|---|
| нормален | Граничен | Патолошки |
| 97<br>64,7% | 32<br>21,3% | 21<br>14% |

Табелаб/

| Ниско волтиран алфа ритам од 8-9c/s | Средно волтиран алфа ритам од 9-11 c/s | Високо волтиран алфа ритам од 11-12 c/s |
|---|---|---|
| 37<br>24,67% | 99<br>66% | 14<br>9,33% |

Табела в/

| Блокирање на алфа ритамот | | | |
|---|---|---|---|
| Добро блокирање на алфа ритамот | Намалено(делумно) блокирање на алфа ритамот | Слабо бло-кирање на алфа рита-мот | Не блокирење на алфа ритамот |
| 27/18% | 61/40/67% | 50/33,33% | 12/8% |

Табела г/

| Застапеност на средно и брзабета активност на ЕЕГ | | | |
|---|---|---|---|
| Без особености | Зголемена | Знатно зголемена | Доминантна |
| 92<br>61,33% | 24<br>16% | 17<br>11,33% | 17<br>11,33% |

Зголемувањето на брзите церебрални активности треба да ги сметаме и како карактеристика на електроенцефалограмот на алкохолната болест. Според сите горе споменати карактеристики за електроенцефалограмот кај алкоholичарите треба да се спомене и наодот на поголеми количини на Theta активности, фронто темпорално отколку кај нормалните енцефалограми. На крајот треба да го истакнеме и фактот што помеѓу алкохоличарите имаме голем број психопати кај кои, по мислењето на Куглер, абнормални наоди на ЕЕГ се почести отколку кај нормални луѓе. (Ј,Јовев, 1994).

Алкохолот не влијае подеднакво на сите поединци како и тоа дека неговото делување зависи од видот на алкохолниот пијалок, конзумираната количина, времето, местото и околностите во неговата употреба.

Постојаното и непрекинато употребување на алкохолот предизвикува психички промени и морално пропаѓање на личноста на алкохоличарот, го нарушува неговиот општествен углед и севкупноста на неговите односи со семејството и пошироката околина.

## 2.2. Дефинирање на поимот адолесценција

Адолесценцијата е специфичен, често драматичен и еден од најзначајните периоди во создавањето на човекот како био-психолошко битие. Тоа е преоден период помеѓу детството и возрасната доба и има карактеристики на двата периоди, па може да се каже дека адолесцентите се некаде помеѓу: *повеќе не се деца, а се уште не се ни возрасни.*Поради тоа разговорот со адолесцент бара многу знаење и такт.

Адолесценцијата започнува со започнување на пубертетот, односно со физичките и физиолошките промени карактеристични за оваа фаза на развојот.(Д, Баиќ, 2008 г.)

Според Законот за малолетничка правда, малолетник е секое лице на возраст до 18 години кое според Конвенцијата за правата на детето се смета за дете.

Во детството постојат одредени периоди кои меѓусебно се разликуваат. Тоа се:

- **Рано детство**(од раѓањето до 3 години)
- **Предучлишна возраст**(од 3 до 6 години)
- **Училишна возраст**(од 6 до 12 години)
- **Адолесценција**(од 12 до 18 години)

За потребите на нашето истражување ни е потребно да го истражуваме периодот на адолесценција, една од најчувствителните категории на млади личности.

Тоа е период во кој постепено доаѓа до извесно синхронизирање меѓу емоционалните и рационалните елементи во критичен реализам. Постепено почнува да се признава авторитетот на возрасните луѓе, во прв ред во семејството. (З, Сулејманов, Н ,Стојаноски, 2002 ).

Хронолошкото определување на овој период опфаќа период од 10-та до 24-та година, а се дели на: *рана, средна и доцна* адолесценција со распон од по 5 години.

- Од 10-14 години рана
- Од 15-19 години средна и
- Од 20-24 години доцна адолесценција.

Во почетокот на адолесценцијата е првенствено биолошки феномен, бидејки многу пред настанувањето на промените на емоционален о социјален план, хормоните почнуваат да ги менуваат биолошките карактеристика на детето.

На конгинитивен план, помеѓу 12-та и 15-та година адолесцентот се ослободува од "приматот на перцепциите", карактеристичен за детството и почнува да резонира како возрасна личност. Настапува нов период во конги-нитивниот развој, наречен од Пијаже период на формални операции, кој се каректеризира

со нов квалитет на мислење, по што адолесцентите повеќе се слични на возрасните отколку на децата.

Сознајното функционирање на адолесцентите се карак-теризира со развојот на апстрактното логичко мислење. Адолесцентите развиваат нови облици на мислење: пробалистичко мислење*( што би можело да биде,кога би се случило тоа и тоа...)*, комбинаторно мислење (кои се сите можни комбинации на она што може да биде). Користат хипотетичко-дедуктивно мислење, а тоа значи дека се способни од општ исказ, по логички пат, да ги изведат сите можни хипотези. Така на пример, ако на младата личност и се случи некој трауматски настан, како што е развод на родителите или смрт на близок, младата личност може да си престави што тоа ќе значи за него, односно какви се последиците по него што може да има.

Адолесцентот е во состојба да го согледа проблемот од повеќе аспекти и да му пријде појасно и пофлексибилно, се зголемува способноста за доживување на временскиот континуитет, за разбирање на минатото и антиципација на иднината, но истражувањата покажале дека адолесцентите се прилично невешти во донесување на одлуки,односно во раната адолесценција.

Со *конгенитивното* созревање се усвојуваат норми и правила на однесување, се развива чувството на праведност и хуманост. Тие се особено чувствителни на неправда и склони да развијат чувство на праведност и хуманост. Тие се особено чувствителни на неправда и склони да развијат концепт на посветеност и на жртвување за другите. Овие особини особено се присутни кај девијантните групи, кои меѓусебно се подржуваат и штитат. Девијантните дела во овој период најчесто се вршат во група.

*Раниот* адолесцентен период се карактеризира со аголемена емоционална чувствителност и реактивност. Анксиозните, депресивни и агресивни чувства се позачестени отколку во детството.

Преминот од детството кон адолесценцијата се карактеризира и со значајни промени во социјалното живот, контактите со врсниците стануваат по-

интензивни и поблиски, односите во семејството се менуваат, адолесцентот станува се посамостоен и склон да се побуни против родителскиот авторитет. За развојот на адолесцентот значаен фактор се и социо-економските фактори во семејството.

## 2.3. Фактори кои влијаат за употребата на алкохолот кај младите

Не е лесно, ниту едноставно да се зборува за прашањето, зошто младите личности се оддаваат на алкохол, кога свесно или помалку свесно знаат дека стануваат роб на чашката. За да се разбере алкохолизмот кај младите и да се создадат можности за превентивно делување од многу голема важност е да се проучат сите фактори кои влијаат на настанувањето и развојот на алкохолизмот кај младите, но сепак поради ограниченоста на просторот ке ги сведеме на следниве:

1. Физиолошки фактори
2. Психолошки фактори и
3. Социолошки фактори.

( Данова, Г, 1993)

**1. Физиолошки фактори**

Неретко настанувањето на алкохолизмот се објаснува со постоењето на некои специјални фактори во крвта, кои човечкиот организам го чинат осетлив на алкохолот. Меѓутоа ниту еден од нив не е утврден и докажан како специфичен причинител во настанувањето на алкохолот.

Постојат многубројни претпоставки кои од физиолошки аспект го објаснуваат настанувањето на алкохолизмот, според кои:

- алкохолизмот е резултат на метаболни пореметувања( неодредени метаболни пореметувања, пореметување во метаболизмот на шеќерот, недоволен метаболизам на минерали);
- алкохолизмот е предизвикан поради неодредена преосетливост на основните прехрамбени продукти која се ублажува само со земање на алкохол.
- алкохолизмот е предизвикан од пореметување во еден дел од мозокот(хипоталамус), поради што се јавува жед за алкохол.

За овие физиолошки фактори треба да се напомене дека имаат важност за развој на зависноста од алкохол и напредување на болеста, но не и за нејзиниот настанок и појавување.

**2.Психолошки фактори**

Нема единствено и специфично пореметување на личноста кое лежи исклучиво на алкохолизмот. Мошне разбирливо е дека не постои тип на личност Што е карактеристичен да стане алкохоличар. Сепак психолошките фактори се важни за развојот на алкохолизмот кај младите и во овој случај ќе ги проучиме следниве:

- **Фактор за подржување т.е. за имитација**.Мошне познато правило во социологијата е дека младата личност сака да се изедначи со родителите, да се поистовети со нив. Уште во раното детство запошнуваат да попримаат одредени особини и навики од родителите, зошто длабоко во нивната душа е силната желба да бидат како нив.

Во периодот на адолесценција психата на младата личност се одликува со незрелост, од што произлегува сугестибилноста и некритичноста на голем број на гледишта на животот. Токму затоа не може, и не е во состојба сам да искаже некои гледишта и сфаќања, бара објекти на идентификација и ги наоѓа во книгите, дома, на улица, во филмовите и со нив се идентификува. Не се ретки случаевите кога на младите им се наметнуваат примери на лица, чија што сила,

машкост, чест и зрелост се мери и се изразува со количината на испиените алкохолни пијалоци.

- **Фактор на неспособност да се поднесуваат конфликтите.** Бегството во алкохолот често е предизвикан од многуте судрувања и проблеми што можат од секоја личност и ситуација да бидат решени на соодветен начин. Во фазата во развојот на младите, се јавува т.н.феномен на еманципација, односно стремеж за ослободување од влијанието и туторството на постарите. Тоа е период на протест и емоционална вознемиреност, кога се појавуваат и кризи во училиштето и дисциплината. Младата личност доаѓа до недоразбирања и судири насекаде, и дома и на улица и во училиштето. Поради лошите меѓучовечки односи тој доаѓа во внатрешни и надворешни конфликти, при што алкохолот му служи како средство за заборавање на непријатните ситуации и доживувања кои во тие ситуации се создаваат. Токму затоа излезот на сопствените тегоби, страв, напнатост и незадоволство, тој го наоѓа во алкохолот.

- **Фактор на афирмација**. Во адолесценцијата се јавува потреба за организираност и стремеж кон потполна афирмација.Тоа е период кога често се појавува срамежливост, претерана чувствителност, желба да се доживе авантура, да се докаже машкоста настојување на полесен начин да се пребродат некои внатрешни кризи и надворешни препреки, да се решат многу конфликти-семејни, школски, љубовни.

Како резултат на неуспехот да се организира и да се афирмира во средината, може да се појави разочарување, повлекување во себе и често наоѓање на утеха во алкохолот.

## 3.Социолошки фактори

Иако младите почнуваат да пијат за да ги намалат психичките тензии кои настануваат во општествениот живот, не треба да заборавиме дека користе-

њето на алкохолот како средство за намалување на психичките тензии е научено однесувањето во процесот на социјализација.

Како најважни фактори и виновници за настувањето на алкохолизмот кај младите се: семејството, социо-економските фактори, училиштето, општеството, но сметам дека исто така големо внимание имаат групата врсници и средствата за масовна комуникација, користење на слободното време.

Во современото општество алкохолизмот подеднакво ги зафаќа возрасните како и младината, неписмените и образованите,како и мажите и жените. Во последно време во сите земји во светот особено е присутен брзиот пораст на жени алкохоличарки,што повторно се објаснува со нејзината нова положба во семејството, која со нејзиното прифаќање на "машки"функции ги прифаќа и "машките"недостатоци.(З, Сулејманов, Н,Стојановски, 2002).

Скоро сите статистички студии зборуваат за поголема фреквенција на одредени зависности во семејства каде еден или обата родители се зависници. Мајките алкохоличари често пати раѓаат деца со конгенитални малоформации или други соматски и психички растројства. Се поставува прашањето дали постои некоја хередитарна детерминантност кон овие растројства, или пак се работи за психолошки ефекти, односно детето расте и созрева во таква средина и се идентификува(ги копира) своите родители? Експериментално е докажано дека алкохолизмот не се наследува како болест, меѓутоа алкохолот може да го оштети ембрионот и да предизвика смрт или болест на фетусот.(Г, Чадловски, В, Мицев, 1994)

## 2.4.Алкохолизмот и адолесценцијата

Во литературата многу малку е проучуван односот помеѓу алкохолизмот и адолесценцијата, бидејки алкохолот претставува значаен фактор за појавата на девијантното однесување на младите. Тоа е разбирливо ако се има во пре-

двид дека алкохолизмот е општествено-патолишка појава, која во основа ги има сите социјални појави на девијантното однесување.Социолозите кои ја проучувале ова област се согласни дека алкохолот и алкохолизмот во периодот на адолесценција претставуваат примарен фактор за девијантното однесување на младите.

Познат е фактот дека кај младите кои конзумираат алкохол се присутни негативните, а особено девијантните однесувања, проблем во семејството, сопирање на тенденцијата кон позитивните работи, губење на рабитната способност и навика на други разни девијантни појави. Разорувајки ги психо-физичките способности на младата личност, посебно нервниот систем, алкохолот доведува до оштетување на психичките функции и психичкиот живот воопшто. Со тоа се парализираат многу процеси, кои ве важни за однесувањето на младите адолесцент, а посебно на оние социјални компоненти на психичкиот живот, кој младата личност ја држат во рамките на дозволеното однесување. Познато е дека неумереното и неконтролираното пиење негативно влијае на менталните способности, ги отапува свеста и волјата, ја слабее контролата и го потенцира девијантното однесување. Адолесцентите кои пијат алкохолни пијалоци, не се во состојба поради засилената раздразливост и отсуство на моралните својства правилно да реагираат и да се самоконтролираат, па заради тоа се готови да вршат девијантни дејства.

Младите адолесценти кои конзумираат алкохол, не се секогаш способни прецизно да го диференцираат дозволеното од забранетото, поради што често пати асоцијално се однесуват.

Алкохолизмот кај адолесцентите е голем социјален проблем, поврзан со многу девијантни однесувања, како што се: предизвикување тепачки, напуштање на училиштето,талкање, проблем во семејството и социјалната средина. Влијанието на алкохолизмот кај адолесцентите е особено големо врз појавата на убиства, телесни повреди, разбојништва, навреди, клевети, малтретирање на семејството и сообраќајни несреќи.

Во последните години како се зголемува употребата и злоупотребата на алкохолните пијалоци, од страна на младите адолесцент, изразито се зголемува и девијантното однесување, во смисла на насилничко однесување, бунтовништво итн.

## 2.5.Алкохолизмот кај младите како општествен проблем

Алкохолизмот кај младите во денешни услови станува се поголем социјален проблем. Додека во минатото повеќето алкохоличари биле од средна возраст, денес ситуацијата е поинаква, така што бројот на младите алкохоличари се повеќе се зголемува.

Резултатите од истражувањето од 1990 година покажуваат дека еден од осум млади под 20 годишна возраст, и една од 25 девојки на истата возраст се конзументи на алкохол во количина која е опасна по здравјето.

Овие и други податоци недвосмислено покажуваат дека станува збор за експанзија на алкохолизмот меѓу младите, за што можеме да речеме дека достигнува размери на епидемија.(Б,Гачиќ,1985)

Но ако алкохолизмот го толкуваме врз основа на познатата дефиниција на Светската здравствена организација тогаш не можеме секоја употреба на алкохолни пијалоци од страна на младите да ја прогласиме за болест.

Дури можеме да кажеме дека кај младите не станува толку збор за вистински алкохолизам колку за распространетоста од пиење алкохолни пијалоци кое може да има ексцесивен карактер,што може да предизвика зависност од алкохолот, а во потешки ситуации и алкохолизмот.

Постојат социјални средини кои покажуваат многу потолерантен однос кон алкохолот и на тој начин ги зголемуваат условите за создавање навика или зависност. Скоро сите статистички анализи укажуваат на поголем процент на алкохоличари во оние средини кои се потолерантни на алкохол и каде е

поголема неговата потрошувачка. Познато е скоро во сите медитерански земји децата научуваат да пијат уште во раната возраст, додека во северните земји културните норми го ограничуваат пиењето во таа возраст. Постои тесна врска помеѓу алкохолот и миграцијата и професионалната дејност (многу повеќе пијат доселеници, мигрант, угостителски работници).

Во поглед на штетните последици на алкохолизмот, ставовите на скоро сите автори се еднакви, додека во поглед на мотивите и начините на сузбивање постојат значајни разлики, што е и разбирливо со оглед на различниот третман на употребата на алкохолот во одделни земји. За современиот свет меѓутоа сепак, може слободно да се каже дека овој проблем главно се посматра од аспект на националните и материјални губитоци поврзани со порастот на алкохолизмот кај населението ,а многу помалку од аспект на потребите на поединецот и создавањето прикладни општествени и економски услови за безбеден и пристоен живот и сеопшта среќа кои во основа го сопираат ширењето на ова социопатолошка појава.(З, Сулејманов,Н,Стојаноски, 2002 )

Во третирањето на појавата на алкохолизмот меѓу младите многу фактори се занемаруваат така да проблемот доволно не се согледува од страна на оние кои по природата на својата работа и положбата во општеството мораат одлучно и смислено да се заинтересираат за него.

Сепак за појава на алкохолизмот кај младите основни причини се : семејството, социо-економските фактори, социјалната средина, училиштето и општеството. Овие фактори се најповикани да се борат против ова појава со превентивни и воспитни мерки. Кога зборуваме за алкохолизмот кај младите како општествен проблем, не мислиме само на неговата енормна распространетост, туку и на тоа дека општеството е она што го предизвикува алкохолизмот кај младите и истовремено треба да се превзема мерки за борба против него.

## 2.6. Стравот на младите за алкохолизмот

Самиот факт дека од ден на ден се повеќе се зголемува бројот на младите кои пијат, го актуелизира и прашањето за тоа каков е ставот на младите за алкохолот и алкохолизмот, како тој став се гради и кој го гради.

Причините зошто кај некои млади луѓе се развива зависност од алкохол, а кај други не, зависат од факторите: *личност, средина, алкохол*. Во некои семе-јства низ генерации се јавува *алкохолизмот и девијациите*. Семејствата во кои низ генерации е присутен алкохолизмот, средина во која постои негување на традициите кон употребата на алкохолот и притисокот на средината, се можни причини за појавата на алкохолизмот кај младите. Друга причина поради која младите пијат се психичките потешкотии во смисла на несигурност, страв, нервоза или некое друго психичко нарушување од примарно значење, при што пиењето алкохол се надоврзува со цел да се ублажат тие тешкотии.

Младите, се се почести и помасовни посетители на кафеани, бифеа, дискотеки, при што конзумираат алкохолни пијалоци и тоа во повеќето случаи жестоки, какви што се: коњак, виски, водка итн.

Речиси нема организирана забава на младите без присуство на алкохолни пијалоци. На родендени, ноќни седенки, свечености секогаш е присутен алкохолот. Тој е присутен и во средношколските интернати, студентските домови, младинските летувалишта, организираните натпревари и сл.

Ставовите на младите за тоа зошто пијат, се значајни за понатамошното истражување и превземање на соодветни мерки. Најчесто одговори се : поради друштвото, за да се изгледа постар, да се заборави нешто, поради разочарување, затоа што пиењето е корисно по здравјето, за да се создаде расположение, затоа што создава задоволство, поради нервоза, поради апетит, бидејки е интересно, бидејки девојките сакаат кога си " *под гас* " за да се заборават

проблемите, бидејки нема да се живее вечно,бидејки тогаш се ти е убаво, бидејки престанува секој страв.

Одговорите на анкетираните адолесценти ги потврдуваат досегашните сознанија за алкохолизмот кај младите, а се однесува на тоа дека младиот човек посегнува по чашката за да ја истакне зрелоста, машкоста, силата, сериозноста, за да се афирмира во средината, за да се идентификува со некој возрасен, да го компензира чувството на инфериорност и сл.

Младите сметаат дека алкохолните пијалоци имаат хранлива вредност и дека стимулативно делуваат на човекот, особено во делокругот на творештвото и стекнување енергија. Интересно е дека такво мислење имаат оние чии родители конзумираат алкохол. Ова верување е многу поцврсто формирано во краевите со масовно производство на алкохол, а каде здравственото воспитување и воопшто информирањето за алкохолизмот скоро и не се спроведува.

Колку младите се запознаени со овој проблем и нивниот став кон алкохолизмот,за кој сметаат дека не е вреден за внимание, а во алкохоличарите гледаат смешни луѓе, а не болни. Додека онаму каде е извршена барем делумна едукација за алкохолизмот, учениците имаат поинаков став.

## 2.7.Дејството на алкохолот врз социјалното формирање на младите

Освен што има негативно влијание алкохолот врз физичкиот и психичкиот развој на младата личност, не можеме да го запоставиме влијанието кое алкохолот го има врз социјалното формирање на младите.

Во нашите краишта човекот доаѓа најчесто до првиот допир со алкохолот веќе во најраното дејство, а најкасно во време на пубертетот. На младата

личност, алкохолниот пијалок во почетокот му служи како средство со кое се идентифицира со возрасните во својата околина, се повеќе се привикнува на него. Имено младите сметаат дека, ако пијат алкохолни пијалоци како што го прават возрасните, постари луѓе од неговата околина, ќе стане со самото пиење, поугледен, повозрасен, попочитуван. Во почетокот на околината обично не се загрижува заради тоа пиење на толку млада личност, туку напротив ја храбри. Околината ќе стане загрижена заради пиење на алкохолни пијалоци дури тогаш кога кај младата личност ќе се појави изразено девијантно однесување.

Проблемите со кои се соочува младата личност во текот на психичкото созревање се многу сложени, но сите луѓе на овој или оној начин, ги пребродуваат тие проблеми, брзо или споро изградувајки свој свесен душевен живот, воочувајки и прифаќајки поедини животни норми. Личноста која прибегнува кон пиење, кога ќе се најде во судир со средината или со самата себе, често пати распната меѓу желбите и можностите, ги одложува решавањата на одредени животни проблеми.

Така често се одложува душевното и емоционалното созревање на личноста, а повторувањето на барањето олеснување и растеретување од животните тешкотии со алкохолот, создава навика за пиење.

Физички и психички сеуште незрелите личности, под дејство на алкохол имаат помало чувство за контрола и самоконтрола, па во таква состојба се склони кон ексецивно однесување.

Алкохолот преку крвта доаѓа до централниот нервен систем при што ги ослободува психо-моторните функции на човекот. Слабо мислење, концентрација, намалување на креативноста отупување на интересите.

Релативно мало количество на алкохол кај младите, со оглед на чуствителноста на нивниот организам, ја намалува критичноста и условува низа други пореметувања во однесувањето т.е. влијае врз формирањето на карактерот и личноста на младата личност.

Пиењето на алкохол не поднесува било каква работа , креативност и создавање. Точно заради тоа неприфатливо пиење на младите за време на училиште и во слободното време по кафулињата.

Алкохолот не е средство кое младите ги воведува во светот на возрасните и машкоста, рамноправноста, ниту е средство кое охрабрува. Алкохолот е идеален замаглувач во овој правец.

Секое пиење на алкохолни пијалоци е штетно. Лекувањето пак на алкохоличарот не е срамота, туку потреба.

Од горните разгледувања е неспорно дека алкохолизмот има многустрани негативни дејства кои се изразуваат на различни начини. Алкохолизмот доведува до деморализирање на личноста на поединецот, до неговото ментално и општествено пропаѓање, атрофија на способностите и работните навики, до материјално осиромашување , појава на потолошка љубомора,разни судири (несогласувања, кавги и физички пресметки), до неможност правилно да се остварува воспитување на децата и другите социјални функции на семејството,па дури до негово целосно распаѓање како и до бројни други неса-кани последици какви што се повлекување со себе како и на појавата на други социопатолошки однесувања (вагабонтажа, питачење, проституција, и сл.). Крајниот резултат на сето тоа честа е и појавата на криминалитетот било од страна на носителот на таквото девијантно поведение (во прв ред, имотни, агресивни и кривични дела и сообраќајни деликти),или од страна на неговите жртви (од тормозените членови на неговото семејство или другите поединци од неговата непосредна околина).(З, Сулејманов, Н,Стојаноски, 2002 год)

## 3. Младите и употребата на дрога

Кога е во прашање злоупотребата на дрогата може слободно да се каже дека во современи услови ниту едно општество не е благонаклоно расположено.Тоа особено се однесува кога е во прашање нејзината злоупотреба од страна на младите, што е и најчест случај, при што општествената осуда се состои во превземање низа на репресивни и но и превентивни мерки од медицински и социјален карактер.(З, Сулејманов, Н, Стојановски, 2002).

Дрогата е присутна како во класичните култури и модерните цивилизации, така и меѓу примитивните народи, опфаќајки ги еднакво периодот од пред историјата па се до денес. На човекот дрогата му е позната уште пред да почне да ја бележи, пишува својата историја, бидејки постојат археолошки истражувања, книги, цртежи во пештери, глинени садови,разни папируси преку кои се доаѓа до сознание дека уште во палеолитско доба, човекот употребувал некои видови droги.

Трагите од архаичното сликарство зборуваат за вештачки екстези, како и многуте верски и магиски ритуали, кои ги изведувале поданиците на шамонизмот и свештениците. Низ векови сите општества пронаоѓале *волшебни билки* во своите географски граници или во нивната близина, меѓутоа, ограничените услови и средства за комуникација биле причина, долго време во еден дел од светот да се користи првенствено или единствено опиум, во друг канабис или кокаин, а некаде пејотл итн.

Наркоманијата или злоупотреба на опојни дроги претставува прекумерно редовно земање на дроги што води кон физичка или психичказависност поради која поединецот штп ја користи има потреба за постојано зголемување на дозата, а самото делување на дрогата предизвикува оштетување на неговото здравје и штета за општеството.(З, Сулејманов, Н, Стојаноски, 2002)

Процесот на пренесување на дрогите од еден крај на друг, од една цивилизација во друга, длабоко се поврзува со културниот, економскиот и социј-

алниот развој на животот во одделни земји, посебно со развојот на трговијата и зголемување на можноста за комуникација. Пренесувајки ја од една традиција во друга, иако во одделни периоди се употребува во строго определени случаеви и од определени лица кои достигнале до одредена возраст и општествен статус, скоро секогаш, а посебно во сегашниот период кога масовно се употребува, дава поразителни резултати во сите современи културни традиции.

## 3.1. Дефинирање на поимот наркоманија

Повеќе години во светот, Европа и во нашата земја па и во нашата Република постои тренд на зголемување на инциденцијата и преваленцијата на наркоманите. Се почесто се употребуваат тешки и опасни дроги како што се: хероинот, кокаинот, ЛСД идр. Според согледувањата на Комисијата за опојни дроги и врз основа на сериозни анализи во организацијата на Обединетите се предвидува во наредните година уште поголем пораст на инциденцијата и преваленцијата на наркоманите.(Јовев Ј,1994 ).

Нарко значи укочен, опијен, а манија значи беснеење, суманутост.

Според дефиницијата на светската здравствена организација (World Health Organization-WHO) од 1961, "Наркоманијата претставува состојба на периодични или хронично труење, штетно за последиците на опшѕеството, предизвикано со повторно земање на природни или синтетички дроги. Таа состојба пред оваа

а) неодолива желба и потреба да се продолжи со земање на дроги истата да се зема по секоја цена;

б) стремеж поединечната или вкупната дневна доза постојано да се зголемува;

ц) психичка и физичка зависност на наркоманот од дејството на дрогите ;

д) штетност за здравјето на последиците и општеството во целина и

е) Да се јавува карактеристичен апстиненцијален синдром (криза) по наглото одземање на дрогата"(Н. Стојановски, З. Сулејманов, 2002 )

Денеска, без секакво сомнение во градот Скопје и во целата наша Република, употребата на дрога(наркоманија),претставува голем, комплексен и суптилен проблем.

Големината и комплексноста на проблемот се гледа во тоа што тој зафати голем број на млади луѓе воглавно адолесценти и тој длабоко навлегува во сите пори на животот на младите,при што ги загрозува од сите аспекти и тоа: економски, медицински, социјален, правен, педагошки и др.

Денес дрогата е средство кое младите ја земаат за да ги избегнат барањата на секојдневието и да ги ублажат психичките тензии.

Здружувањето на младите со волшебните напивки, дрогите погрешно е да се поврзува со специфичноста на овој век во кој живееме или со кризните општествени состојби, бидејки светот никогаш не бил без кризи. Низ сите општества, цивилизациски прифатлива употреба на дрогите, како и подоцнежната злоупотреба, започнува со промената на начинот на живеење на човекот, кој збунет и заплашен почнал да се одделува и се повеќе да ги прекинува врските со природата, да се одделува етнолошки, да ги прифаќа или отфрла традиционалните културни достигнувања, да бега во заборав, да го бара иреалното, при што постојано се повторува архетипски, низ разни мотиви, уметнички достигнувања и содржини.

Анализирајки ги социо-економските фактори во семејството и интерсемејните односи во етиопатогенезата, оценуваме висок процес на нарушувања на семејните структури било поради,социо-економската положба во семејството,поради развод или смрт на едниот од родителите. Затоа сметам дека повеке треба да се анализираат социо-економските фактори кои влијаат врз развојот на младата личност.

Зависноста може да биде: *психичка* зависност при која преовладуваат психички пореметувања и потреби (хабитуација) и *физичка* зависност, при која

преовладуваат физички пореметувања и физичка глад за дрогата,(адикција). Наркоманите во понапредна фаза се комплетно психофизички зависни што значи дека дејствениот принцип од разните droги се вградил во метаболизмот на нервните келии и тие не се повеќе во состојба да функционираат без дрогата, па до колку дојде до тоа да особата од боли кои причини неможе да зема дрога тогаш запаѓа во така наречена апстиненцијална криза.(Јовев, Ј ,1995)

*Айсшиненцијалнаша* криза е таква состојба во која се јавуваат поголем број на психички и физички тегоби, непријатности. Најпрво, се јавува внатрешна напнатост, раздразливост, моторен немир, а потоа општа малаксаност-слабост и супдепресивно расположение. Расте степенот на психомоторна вознемиреност, расположението добива карактер на дисфорија со изразити манифестации на стравот, се јавува несоница главоболка, нагло губење на апетитот. Апстиненцијалната криза зависи од дневната доза која ја земала младата личност.

Ако подолго време младата личност зема дрога доаѓа до социјални промени на младата личност, до ментално конфузни состојби,параноидни реа-кции и состојби на анксиозност. Ваквите состојби доста често доведуваат до инциденти кои трагично завршуваат за самиот наркоман или за поблиската и подалечната околина.

За среќа во нашата средина најчесто се јавува лекување во раната фаза пробатори (наркофили) млади особи кои ги доживуваат првите искуства со некоја психоактивна супстанца, па затоа и нивните апстиненцијални кризи се впечатливи полесни.

## 3.2. Видови на дрога

По документите на Светската здравствена организација од 1961 година сите наркотични и психотропни супстанци се делат на четири основни групи:

а) депресори на централниот нервен систем;

б) стимуланси на централниот нервен систем;

в) халуциногени droги;

г) канабис;

Депресорите на централниот нервен систем ја снижуваат нервната активност. Во таа група спаѓаат:

- хипнотиците
- седативите
- транклизерите
- аналгетиците
- опиумот и неговите деривати (морфин,кодеин,хероин,хепантол).

Во оваа група се и барбитуратите. Помеѓу депресорите на централниот нервен систем спаѓаат и : петролејот, бензинот, растворувачи и средства за чистење. Овие средстава се најефтини и најпристапни за наркоманите, па затоа најчесто ги употребуваат младите почетни адолесценти наркомани. Во оваа група спаѓаат и етерот, лепилата, смолите, лаковите за нокти, плинот за запалки и др.(Јовев Ј, 1995).

Во современата литература постојат повеќе различни класификации на појавата на употребата на дрога, во зависност од тоа кој критериум на класификација е применет.

Според причините на земањето на дрога, наркоманија, односно токсикоманија, се делат на : оправдана токсикоманија, токсикоманија од упорност и примитивна токсикоманија или токсикоманија од перверзија.

*Оправданата токсикоманија* опфаќа случаеви на болни луѓе, кои поради јаките болки се принудени сталнода употребуваат силни аналгетици (средства за смирување на болка).

*Токсикоманија од упорност*, се карактеризира по тоа што причина за употребата на дрога е отклонување или ублажување на болките кај одредени заболувања. Меѓутоа, и после престанувањето на болките, овие лица продолжуваат со употребата на дрога поради ефектите кои им се пријатни.

*Примитивната токсикоманија* ја опфаќа категоријата на луѓе кои дрогата ја употребуваатсамо заради ефектот кои произлегува од употребата на дрога.(Ј, Шпадијер, Џиниќ, 1988).

Според начинот на делувањето дрогите воопштено можат да се поделат на: *опијати, деперсанти, стимулант и халициногени droги.*

а) Под ***опијати*** се подразбираат алкалоидите опиум и неговите соли. Тие не се добиваат директно од опиумската дрога туку со изолирање и комбинирање по пат на разни хемиски реакции. Во опијатите се вклучени опијумските деривати какви што се хероинот, морфиумот и кодеинот. Тука спаѓаат и синтетичките производи слични на морфиумот какви што се хептанонот и метадонот. Мали дози на овие супстанции предизвикуваат ефект сличен на депресантите, но со помало влијание на моториката и на интелектуалниот процес.

б) Меѓу ***депресантите*** се најпознати дериватите на канабисот(Ca-nabis sativa)- хашиш и марихуана, барбитуратите и разни други седативи. Мали дози од овие дроги доведуваат до опуштање проследено со слабеење на интелектуалните функции и концентрацијата. Тие не доведуваат до психичка и физичка зависност и не влијаат потребата од зголемување на дозите. При употреба на поголеми дози предизвикуваат ментални конфузии и проблем со помнењето, а доведуваат и до болести на црниот дроб.

в) ***Стимуланти или психостимулативни дроги*** се анфитаминот, кокаинот, кофеинот, бензердин, метердин, и сл. Супстанции кои во мали дози предизвикуваат чувство на живост и енергија. Тие, од една страна го смалуваат апетитот, а од друга страна го зголемуваат расположението и го поттикнуваат сексуалниот нагон, меѓутоа на така што сексуалните односи се изведуваат на мошне перверзен начин. Овие дроги создаваат значителна физичка и средна психичка зависност. Навиката да се зголемуваат дозите за да се постигне ист ефект од нивната злоупотреба како и опасноста по здравјето на зависникот.

г) ***Халуциногени дроги*** како на пример LSD И маскалинот предизвикуваат халуцинации или илузии кои се поврзани со промената на расположението и на мислите како и со зголемување на сексуалноста. Нивната основна карактеристика е задолжително предизвикување промени во забележувањето, мислите и чувствата. Кај нестабилните и незрели лица кои веќе во себе носат некои предиспозиции спрема душевните заболува,ња тие предизвикуваат сериозни душевни растројства: трајни душевни болести, најчесто шизофренија како и болести од параноидниот круг на психози. За овие дроги се вели дека не доведуваат до физичка и психичка зависност, ниту е нужно да се зголемува нивната доза заради постигнување на истиот ефект. Меѓутоа, последиците од нивното земање се поразителни особено оттаму што предизвикуваат минливо или дефинитивно лудило, а имаат определено значење кај самоубиствата. (З, Сулејманов, Н, Стојановски, 2002 )

Има автори што сметаат дека секое средство што не се употребува за вистинската цел, кога станува цел само за себе, добива елементи на дрога или страст.( Деспотовиќ, А,1971).Но овде ке стане збор само за оние средства, за оние отровни супстанци што поради своите фармаколошки својства олеснуваат да се создаде страст, доведувајки на тој начин до наркоманија.

Постојат многу класификации на дрогите. Заради поголема прегледност ја прифативме даденава класификација на дрогите, со краток опис на секоја од овие по групи.

| | I | II | III |
|---|---|---|---|
| Групи дроги | Постои потреба од зголемување на дозата | Предизвикува психичка зависност | Предизвикува физичка зависност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| I НАРКОТИЧНИ ДРОГИ | | | |
| - опиум | постои | предизвикува | не |
| - морфиум и неговите деривати | постои | предизвикува | не |
| - кокаин | постои | предизвикува | не |
| II ИНДИСКИ КОНОП | | | |
| - канабис | не | предизвикува | не |
| - хашиш | | | |
| - марихуана | | | |
| III ПСИХОСТИМУЛАНСИ | постои | предизвикува | не |
| IV АЛКОХОЛ | постои | предизвикува | не |
| V БАРБИТУРАТИ | | | |
| - хипноаналгетици | | | |
| средства за смирување | постои | предизвикува | не |
| VI СРЕДСТВА ЗА УЖИВАЊЕ | не | предизвикува | предизвикува |
| - кафе | | | |

- чај
- никотин
- роборанси

VII ХАЛУЦИНОГЕНИ

ДРОГИ постои предизвикува не

- деривати на лизер-
гична киселина идр.

---

(Ј. Букелиќ, 1971)

Опиумот се добива од чаурата на опјниот мак (афионот). Тој претставува сировина од која во медицината се добиваат голем број препарати. Во организмот на човекот се внесува орално,интравенозно,пушење,вдишување пареја и со џвакање. При акутно труење се јавува силно возбудување, поспаност,повраќање и вртоглавица,дишењето станува бавно до паѓање до кома. Главни карактеристики на оваа состојба се: стеснување на зениците,силно дејство врз системот на дишење,и паѓање во кома.

Кокаинот се внесува со џвакање лисја,со пушење,шмркање, вдишување или интравенозно аплицирање.Со земање накокаин се јавува зголемен импулс за говор,поголема подвижност,еуфорија, а покасно опиеност, халуцинации, страв, и загрозеност. Се јавува бледило на лицето,стеснување на зениците, аритмија,крчење на мускулите,состојба на колапс и губење свест. По стимулативната фаза настапува депресија, а може да доведе до смрт.

Хашишот се добива од индиското коноnје, со преработка на смолата. Ако се употребува како лист или тутун за пушење се вика марихуана. Дејствува врз централниот нервен систем: од еуфорично до депресивно расположение, се до паѓање во кома.

Психостимулансите се јавуват како лекови: Амфетамин, допинг сретсва, катх и други. Дејствуват врз повисоките мозочни структури: Предизвикуваат

радосна состојба, весело расположение, говорливост и други еуфорички ефекти, несоница и голема возбуденост. При труење со психостимуланси се јавува главоболка,вртоглавица,неспокојство, страв, зениците се стеснуваат, устата е сува, се јавува аритмија со непријатно чуство ,халуцинации, и интерпретативни доживувања, со конфузна свесст и деструктивни дејствија.

Барбитуратите се бели прашоци што дејствуваат врз сите делови од централниот нервен систем, предизвикуват депресија до длабока кома. Симтоми на труењето се: губење свест, емотивна нестабилност,смалени ментални капацитети, вртоглавица, гадење, и дискординација на движењата.

При земање на поголема доза аналгетици настанува труење кое се манифестира со: вртоглавица, потење, бучава во ушите, болки во стомакот, повраќање, голема жед, неспокојство, несфаќање и тешко расудување.

Најзначајно место во средсвата за уживање имаат: кофеинот и никотинот. Една шолја кафе содржи 0,1 грам кофеин кое доведува до ментално освежување, го отстранува заморот, идејните асоцијации и интелектуалната работа се стимулира и се подобрува расположението. Земање кофеин во доза од 0,5 грама и повеќе предизвикува, вртоглавица, бучава во ушите, аритмија,отежнато дишење и несоница. Никотинот што е содржан во тутунот, се пусу, а со една цигара во оргнизмот се внесува 1 мг. никотин. При труење со никотин се јавува: вртоглавица, бледило, потење, повраќање, дијареја, аритмија и снижување на крвниот притисок.

Труењето со халуционогените дроги најчесто се јавува со употреба на хашиш кој се пуши помешан со тутун. Кај труењата се јавуваат: бледило, потење, тресење, вртоглавица, аритмија, стеснување на зениците, тресење натаците, зголемување на телесната температура а потоа поспаност и зашеметеност. По престанокот на дејството на дрогата настапува амнезија.

Според СЗО постојат повеќе видови на зависности, кои меѓусебно се разликуваат зависно од врстата на дрогата и нејзините особини да пре-

дизвикуваат психичка или физичка зависност и толеранција. Некои од нив ќе ги прикажеме на следнава табела: (Г Чадловски, В Мицев,1994)

**Типови на зависност**

| Типови зависност | Физичка зависност | Психичка зависност | Толеранција |
|---|---|---|---|
| морфиумска | ++ | ++ | ++ |
| барбитуратна | + | + | + |
| алкохолна | + | + | + |
| кокаинска | 0 | ++ | о |
| канабис | 0 | +++ | 0 |
| амфетаминска | 0 | +++ | + |
| халуциногени | 0 | +++ | + |
| Лепила и растворув. | 0 | + | + |

Според начинот на однесувањето и нивните индивидуални психолошки особини, зависниците можат да се класифицираат во три групи:

1. Социјални зависници, кои дрогата ја земаат од радозналост, општественост, имитација и слично. Тие повремено земаат дрога, прават големи паузи или пак освен еднаш-два пати повеќе не ја консумираат дрогата.
2. Невротични зависници, кои дрогата ја употребуваат со цел да ги намалат своите невротични тензии. Тие во начело се пресметливи за своите

дела, бидејки тие треба да знаат дека под дејство на дрогата може да доведат во состојба на привремено душевно растројство(actiones liberale in causa).

3. Психотични зависници, кои се психотични пред земањето на дрогата. Непресметливоста мора да содржи мерки и за принудно лекување. Постои можност лицето да стане психотично по долготрајно земање на дрога тоа се испраќа на задолжително и принудно лекување во психијатриска установа.(Г Чадловски, В Мицев, 1994)

Според редовноста на употребата на дрогата и нивното социјално однесување, зависниците можат да се поделат во неколку групи:

**1.Стабилни,** кои покрај редовната употреба на дрога, редовно ги вршат своите професионални дејности и се придржуваат кон законот.

**2. Наркоси** или **џанкис,** кои најчесто се издржуват преку кражби, препродавање на дрога и други криминални дејства.;

**3.Двосветовници,** кои се дружат со наркомани, учествуваат во одреде-ни ситни криминални дејства, меѓутоа се уште, барем официјално, се вработени;

**4.Осаменици,** кои живеат сами, не се вработени ниту, пак,учествуваат во некои криминалитети. Се издржуваат од доброволни прилози(најчесто просење).

Психоактивните супстанции, кои најчесто се злоупотребуваат, можат да се класи-фицираат во неколку групи:

1. опијати или опиоиди:
   - хероин
   - морфиум
   - метадон
   - меперидин(демерол, петадол)
   - пропоксифен(дарвон,долен,пропен 65)
   - хидроморфон(дилаудид)
   - оксидон(перкоцет,перкодан)
   - пентазоцин(талвин)

-кодеин;

2. депресори на ЦНС:
   - бензодијазепини
   - барбитурати
   - мепробамат
   - етхлорвинол(плацидил)
   - глутетимид(дориден,дориглут);
3. психостимуланси:
   - амфетамини
   - кокаин;
4. халуциногени:
   - ЛЦД(диетиламид на лизергичката киселина)
   - мексалин
   - псилоцибин;
5. канабиноиди:
   - марихуана
   - хашиш;
6. други супстанции.

(Г Чадловски,В Мицев,1994)

Треба да се спомене и тоа дела *лейакоӣ* и *разниӣе разредувачи* и не се дроги и оттаму ги има во слободна продажба. Меѓутоа, со оглед дека содржат toluen тие се во состојба да предизвикаат застрашувачки халуцинации во мерка која силно ја менува реалноста. Под дејство на вдишаните испарувања лицето не можат да ги препознаат ниту своите најблиски. Нивните најчести жртви се деца меѓу девет и дванаесет години.(З, Сулејманов, Н, Стојаноски, 2002 )

## 3.3. Социолошко објаснување на причините за појавата на земањето на дрога

Денес, младите живеат во општество кое се карактеризира со се поголема информираност за човекот, неговото оттуѓување и тоа не само од луѓето, туку и од природата, под влијание на "меритократски" системи кои одат по пат на рационализација со површностна животните вредности до ирационалност. Тие се повеќе се окупираат со усовршување на ствари и навики, а не со тенденција човекот да го доведе до совршенство за да може да чувствува со занес и желба. Затоа младиот човек останува заплашен, често очаен, депресивен, со грижа на совест, неодговорен, со копнеш за блискост и збунет, во се што треба да учествува. (Ј, Јанев,1994 год). Тие млади луѓе самите во себе не се сигурни, не се во состојба да ги проценат своите можности, се јавува една тензија во која насока треба да оди. Најчесто своите барања за решавање на конфликтноста, анксиозноста, депресивноста, беспомошноста,очекуваат ублажување на овие состојби низ употребата на дрога .

Причините на наркоманијата главно лежат во сиромаштијата од една и богатството и изобилството од друга страна, во динамичноста на животот посебно во урбаните средини и неможноста од адекватно прилагодување на животот во таа средина, во борбата за секојдневна егзистенција, борба за афирмација ви општеството, страв од разни конфликти и друго. Сето тоа доведува до судир со самиот себе и недоразбирања со другите во средината во која живее. Во оваа сфера секако дека определена улога имаат и психопатолошките карактеристика на личноста како што се: колебливост, лабилност, склоност кон нерасположение, хистеричност, глад за дразби, стремеж за авантуризам и сензации, ненормална сексуалност (хиперсексуалност, хипосексуалност ) и др. Поради овие и други општи и посебни, посредни и непосредни околности голем број лица прибегнуваат кон земање на дроги заради

бегство од светот на реалноста и барање утеха во светот на емоциите.(З, Сулејманов, Н, Стојановски, 2002)

Социо-економските фактори се, исто така од особено значење. Најчесто зависниците доаѓаат од семејствата со понизок социо-економски статус, со нестабилни, некомплексни и дисхармонични семејни односи.

Голема улога игра и љубопитноста, која во адолесцентната доба е доста изразена. Адолесцентот од љубопитност сака да види каква е таа "хај" состојба во која ќе дојде преку дрогата и преку која ќе ја смали анксиозноста и еуфоричните чувства а ќе ја зголеми својата продуктивност. Некогаш и некаде првите чекори и првите наркомански искуства се само резултат на бунт на младите против постојните односи во општеството. Меѓутоа, еднаш-два пати пробана дрогата може да предизвика и научено условување и повторна употреба.(Г, Чадловски, В,Мицев, 1994)

Младите кои употребуваат дрога можат да се препознајат по следниве знаци:

- Најлесно се забележува промената во поведението во училиштето;
- Наркоманот почнува да касни на училиште, невнимателен е и неза-интересиран за учење, доста е површен, а пред тоа бол внимателен или добар ученик;
- Ваквите лица се слаби и имаат лош изглед;
- Невнимателно се облекуваат и ја занемаруваат личнат хигиена;
- Носат темни очила и ви период кога тоа не е потребно,кога нема сонце, ноќе, а тоа го прави за да ги прикрие проширените или стеснетите зеници, а и заради тоа потешко се прилагодува на светлината;
- Ги прикрива проширените очни капилари, односно закрвавените очи, што е многу често кај пушачите на марихуана;
- Ги прикриваат рацете носејки долги ракави сред лето, за да не се видат трагите од убоди од интравенозни инекции;

- Некој од машките наркомани се обидуваат тие знаци да ги покријат со тетовирање на пределите во рацете каде се вршат убодите;
- Најчесто го менуваат друштвото и се дружат со зависници;
- Најголем дел од нив позајмуваат пари од многу луѓе и крадат предмети кои лесно можат да се продадат за да дојдат до пари за дрога.(Јовев Ј, 1994)

Зависниците најчесто се со изглед на исцрпени лица во некоја летаргична состојба, така за да можат и во друштво да заспијат, па повторно да се разбудат и заспијат итн. Кожата на зависникот е наежена, тој често се прозева и може да има благи движења на мускулите. Се повлекува сам во соба, во купатило или на некое скришно место за самиот да си даде инекција.

Наркоманите често имаат своја животна филозофија и во тој поглед се потпираат на големите религиозни авторитети какви што се: Христос, Буда и сл. Така на пример, дел од нив сметаат дека Буда бил првиот хипик и дека за време на медитациите доспевал во истата состојба во која доспеваат и тие кога"тргнуваат на пат". Тие веруваат во реинкарнацијата, во циклусот на вечни умирања и повторни раѓања, па оттаму не се плашат од смртта. Веруваат во задгробен живот во кој човекот го задржува обликот што го имал во моментот на смртта. Ако е тоа вистина, велат наркоманите, тогаш е убаво да се умре млад. Или посликовито:"*наркоманиѿе се несреќни лица кои барајки ѓи клучевиѿе од рајоѿ, ѓи оѿвараат враѿиѿе на ѿеколоѿ*". Тие се лица кои не можеме да ги третираме како криминалци туку едноставно како несреќници на кои мора да им се укаже разбирање, доверба, помош.(З, Сулејманов, Н, Стојаноски 2002)

# 4. ОПШТЕСТВЕНА РЕАКЦИЈА ЗА ЗАВИСНОСТ ОД ДРОГА

Злоупотребата на дрога од страна на младите, што е и најчест случај, при што општествената осуда се состои во превземање на низа репресии, но и превентивни мерки од медицински и социјален карактер.

Во литературата се смета дека денес главно егзистираат четири модели на општествено реагирање:

а) Моралистичко-легалистички;
б) Медицински;
в) Психосоцијален и
г) Социокултурен.

а). *Морално-легалистичкиот модел* се состои во морална осуда и примена на репресивни мерки спрема лицата кои злоупотребуваат дрога.

б). Според *медицинскиот модел* злоупотребата на дрогата претставува болест, а наркоманот е болно лице кое треба да се лекува во рамките на постојните и специјализирани медицински установи.

в). *Психосоцијалниот модел* поаѓа од ставот дека на наркоманијата треба да се реагира соодветно на нејзините причинители кои се наоѓаат во личноста на наркоманот и непосредната општествена средина во која тој живее.

г). *Социокултурниот модел* е заснован врз уверувањето на претежното влијание на општествените услови и причини на појавата на злоупотреба на дрогата.Оттаму овој модел во прв ред се заснова на широкото користење на мерките на општествената превенција.(З, Сулејманов, Н, Стојановски, 2002).

За успешно спречување на злоупотребата на дрогата, како општествено зло, резултати можат да се очекуваат само доколку постои комбинирана примена на наведените методи.

Бидејки дрогата е социјална творба, и нејзиното дејство најјако ќе биде изразено токму во областа на социјалното созревање и формирање на младата личност.

Со оглед на уредувањето на човековото општество, младата личност е принудена да одржува контакт со личности кои не му се *симпатични,*кои не ги *сака*, поради што создава непријатно чувство на напрегнатост и незадоволство. Тие чувства се воспитувачите, професорите, претпоставените итн. Младата личност не може да се помири со улогата на *безлична* единка во средината, и тогаш се појавува бунт,младите сакаат да бидат ако не главен, тогаш важен двигател во средината. Доколку не постои можност да се реализира саканото, излезот се бара во земањето на дрога, која ги оддалечува младите од средината, од прифаќањето на нормите т.е. од социјализацијата и потполната зрелост на личноста.

резултати доколку постои комбинирана примена на сите наведени методи. Во нашата земја се прават сериозни напори во таа насока.

Во рамките на социјалното формирање на единката најмногу доаѓа до израз создавањето навики кои постепено преминуваат во потреби. Телесното и душевното созревање се одвиваат на наследна основа, а социјалното созревање е зависно од средината, затоа што дрогата може да остави најдлабоки и неизбришливи последици.

Бидејки средината е таа која на младите им овозможува допир со дрогата, не е ни чудно што влијанието на дрогата има значајно влијание врз социјалното формирање на младите.

Кога е во прашање законодавството на нашата држава треба да се знае дека се казниви бројни дејствија во врска со опојните droги и психотропни супстаниции со исклучок на нивната злоупотреба.

Според законот за производство и промет со опојни дроги, (Службен весник на СФРЈ,1991/13, преземен врз основа на чл.5 од Уставниот закон) се казнуваат само лицата кои неовластено поседуваат дрога или го одгледуваат

растението кока, произведуваат опиум со засекување на чушките од афион или произве-дуваат други видови на дрога. Во тој случај се работи за прекршок кој се казнува со парична казна или казна затвор до два месеци. Според тоа, *самото земање на дрогата( нејзината злоупотреба) не претставува кривично дело ниту прекршок.* Меѓутоа, определени поведенија во врска со дрогата во наши-от Криичен законик се инкриминирани како кривични дела. Станува збор за кривичните дела недозволено производство и пуштање во промет на наркотични дроги,психотропни супстанции и прекурзори ( член 215 КЗ) и овозможување на употреба на наркотични дроги, психотропни супстанции (член 216 КЗ).( З,Сулејманов, Н, Стојановски, 2002).

## 5.Влијанието на училиштето во процесот на социјализацијата на младите

Денес, на прагот на дваесет и првиот век во т.н. постмодерен период, живееме во мошне сложени општествено-економски и политички услови. Живееме во време кое некои автори го нарекуваат, и тоа се одомакини кај нас, време на транзиција и промени. Некои го викаат и време на премин од старата кон новата парадигма. А некои и време на парадокси. Ги има насекаде и секојдневно, но еден од најголемите парадокси го сретнуваме во образованието. Имено, се вели дека идниот век ќе биде ерата на информатиката, роботиката, новите технологии, екологијата и др.( Петковски,К,1998)

Во услови на изместени семејни вредности и недоволната активност на родителите во воспитниот процес, постои опасност од нивно застранување и прибегнување во девијантни појави. За да се избегне секаква можност за девијантно поведение, пред се злоупотребата на дрога, училиштата се тие, кои активно треба да се вклучат во воспитување на младите и да го надоместат и

На училиштето денес со право му се префрла дека своите усилби и програми се повеќе ги насочува кон пружање на образовни содржини, а се помалку во насока на воспитување на младината и вградување морални норми, ставови и позитивни карактерни црти во личноста на малолетникот и нивно подготвување да водат општествено корисен живот, како и кон изградба на способности со кои ќе можат успешно да им се спротивстават на негативните сили и влијанија со кои секојдневно ќе се срeќаваат во животот. Методите на работа, бројот, составот и стручноста на нивниот кадар, а особено опременоста со лабаратории, фискултурни Сали и терени и наставни помагала се во голем расчекор со вистинските потреби и образовниот и воспитниот процес. Кон сето тоа се надоврзуваат и малиот број на училишта што води кон пренатрупани одде-ленија од по 35-40 ученици во едно одделение. Сето тоа укажува дека средните училишта како и целокупниот систем на образование не е веќе во

согласност со потребите и барањата на општеството.Тие едноставно не можат да ги задоволат растечките потреби на општо воспитување, а најмалку да претставуваат вистинска алтернатива на изгубената воспитна улога на семејството и да придонесуваат кон создавањето на морални стабилни и општествено прилагодени личности. (З, Сулејманов, Н, Стојановски, 2002)

Имајки ја оваа појава во вид и сознанието дека училиштето е основна организациона клетка на која се темели организациониот систем на една држава, јасно следи констатацијата дека промените треба да започнат токму од училиштето. Тоа ќе значи иницирање на промени оддолу нагоре.Но, тие промени за да бидат успешни потребно е во исто време да се проследени и со процес на промени одгоре(државата), према долу (училиштата). Промените не треба да бидат само заради менување на состојбите, туку промени кои ќе значат развој на училиштата и изградување на актуелна училишна култура со што ќе се овозможи унапредување и усовршување на работата во училиштата во целина, а тоа треба да резултира со постигање на подобри образовни резултати на учениците.Училиштата треба да си ја превземат улогата на едукатори, наставниците да се вклучат во едукацијата на младите и на тој начин да се изгради здрава млада личност, односно училиштето да превземе низа активности за да ги насочи младите кон правилен развој ослободени од сите пороци.

Низ образованието младите личности се запознаваат со логиката и законитостите на струката, како и со современите научно-технички достигнувања, со што човечките ресурси се подготвуваат и се воведуваат до нивно стручно доусовршување. Преку образованието младиот човек го стекнува потребното општокултурно ниво како главен инструмент за ширење на достигнувањата на човековата цивилизација. Оваа мултиплицирачка цел на образованието е клучна за општествените текови во сите земји.

Крупните општествено-економски и политички промрни во државата и пошироко во светот, наметнаа ново време, нови содржини, нови погледи, нови верувања, нови однесувања и се разбира многу нови дилеми.

Повеќето држави се соочуваат со проблемот на сиромаштијата кај нивното население. Во изминативе неколку години ситуацијата се влошува. Истата не треба да се разгледува само од економски аспект бидејки проблемот на сиромаштијата има полифакторски карактер. Ваквата состојба во Македонија е резултат на, главно, два фактора: намалување на агрегатната потрошувачка за време на деведесетите и зголемување на нееднаква дистрибуција на истата. Ваквата состојба е во каузалност со:

- драстично намалување со економските активности, со пад на бруто домашниот производ од 1,7% годишно;
- падот на реалните плати, пензиите и другите социјални приходи на населението(намалување на реалната плата е 3,9% годишно;
- зголемување на доходовните разлики меѓу одделни групи кај населението;
- структурните форми и приватизацијата произведоа армија невработени итн.

Во периодот од 1996 до 2000 година не се забележуваат значајни промени. Стапката на сиромаштија од 18,1% во 19996 година се зголеми на 20,7% во 1998 год, со што индексот на сиромаштија се зголеми од 3,9% на 5,3%.( Митовски, С, 2003)

Од овие податоци можеме да заклучиме дека постои силна корелациона врска меѓу образованието и сиромаштијата. Семејствата со повисок животен стандард можат на младите да им овозможат поквалитетно образование и поудобен живот. Намалувањето на сиромаштијата мора да се потпомогне со: фискалната и монетарната политика, јакнење на малите и средните претпријатија, образованието итн.

Сите овие промени доведоа до пораст на девијантните однесувања на младите во училиштата и надвор од нив. Причините за ваквото однесување

веројатно лежат во нивната општествена положба, севкупното општествено опкружување, проблемите во семејството и др. Ова прашање е актуелизирано и во некои универзитетски кругови, семинари, трибини и сл., но многу малку е направено на теоретски план, во соодветна стручна литература.

## 5.1. Училиштето како фактор за превенција за спречување и злоупотреба на дрога

После семејството и социо-економските фактори, училиштето претстсвува најзначајна општествена организација во која влегуваат младите заради воспитување и образование т.е. нивно социјализирање.

Во училиштето младите остваруваат контакт со своите врсници од различни семејства, од кои некои се подобри или полоши од неговото, кое честопати претставува главен фактор за неговото понатамошно однесување спрема училиштето и евентуална појава на девијантно однесување на младите, наместо стекнување на интелектуални способности.

Во училиштето од страна на воспитниот кадар од ученикот се бара да ги исполнува училишните обврски, кои доколку зависно од своите интелектуални можности не ги совлада, кај младите почнува да се јавува отпор према училиштето кое резултира со слаб успех,бегање од часови и сукоб со наставничкиот кадар. Ваквиот негативен однос кон училиштето е изразен преку зачестено бегање од училиштето, постигант слаб успех, конфликти со наставничкиот кадар кое доведува до поголем број на млади да го прекинат образованието и се впуштаат во криминалните води.

Покрај овие фактори кои делуваат негативно на младите, негативно влијание може да се јави и како резултат на обемниот материјал, несоодветен

стручен кадар, неприфаќање на иницијативите и мислењата на младите, лошите просторни услови и материјални капацитети кое што особено е изразено во нашето сиромашно транзиционо општество, каде поради невреднување на трудот од страна на наставничкиот кадар се организираат штрајкови, прекина на наставата и неконтинуирано совладување на наставната програма.

Во услови на изместени семејни вредности и недоволната активност на родителите во воспитниот процес, постои опасност од нивно застранување и прибегнување во девијантни појави.За да се избегне секаква можност за девијантно поведение, пред се злоупотребата на дрога, училиштата се тие кои активно треба да се вклучат во воспитување на младите и да го надополнат она што не се постигнало во семејната социјализација.(Т, Стојаноска, 2009)

Младите со ниско или непотполно образование, без одредени квалификации, тешко наогаат запослување и тешко се вклучуваат во општествено корисна работа, што доведува до безделничење, а со тоа се создаваат нови погодни околности за антисоцијални однесувања.

Меѓутоа од бројни истражувања и анализи е дојдено до заклучок дека необразованоста не е секогаш главен или битен фактор за девијантното однесување на младите.

Напротив, во денешното современо општество, каде што големо влијание имаат социо-економските фактори, необразованоста не е секогаш главен фактор за девијантно однесување на младите, постојат облици на девијантно однесување кои не можат да ги вршат лица со низок степен на образование и дека со порастот на образованоста во одредени земји се јавува и пораст на девијантното однесување.

Во согледувањето на етиолошките страни на престапите кај младите од посебно значење е нивното однесување спрема училиштето. Значи испитувањата на овие односи се состојат, између останатото, и во тоа што преку девијацијата во овој поглед најчесто се манифестираат и односите на младите спрема своите обврски. Овие девијации можат да претставуваат знак на девиј-

антно поведение, а некои од нив се третираат како посебни облици на такво однесување. Во секој случај девијациите и односите на младите према училиштето се значајни индикации за состојбата и бараат полно ангажирање на воспитните и други фактори, бидејќи ако благовремено не се реагира на овие појави, тие многу бргу претставуваат тешки облици на девијантно поведение. Негативниот однос на младите према училиштето претставува слаба моќ на усмерување на нивното однесување, со што се ствараат услови за развивање на негативното влијание и зголемувае на можноста за појавата на девијантно однесување

Во современата криминолошка литература преовладува сфаќањето да односот на образованието и девијантното однесување треба да се согледаат во склоп на социо-економските фактори, општествените услови на живеење и општествените структури, кои ги детерминираат општествените појави и процеси, како и системот на образование и воспитување.

Училиштето треба да има посебна задача во превенцијата на девијантното однесување на младите. Воспитно-образовната работа во училиштето претставува своеврсна превентивна дејност. Оваа дејност за разлика од традиционалните во современтите училишта се одвива не само преку нас-тавниот процес, туку се проширува во вонучилишните и вон наставните облици на работа. Со тоа младите луѓе се ангажираат во слободното време, кои придонесуваат за нивно обликување и истакнување на нивните творечки можности.

## 5.2.Образованието и влијанието на социјалните нееднаквости врз девијантното однесување

Анализата на односот на образованието и општествената структура можеа да се сведе на следното: **прво**, во општеството постои поделба на трудот

која е претпоставка за одредена структура на занимања и најразновидни професии. Од друга страна, постои и класно-слојна структура, што создава претпоставки за постоење на различен систем на вредности, идеологии и институции. **Второ** образованието претставува поле(сфера) на отворена повеќе-страна борба на слоевите за доминација, за економска корист и за углед (Колинс,1986, ). Образовниот систем претставува хиерархиска организација и во исто време и своевидна легитимација за идните припадници на одделни професии и општествени слоеви. Преку системот на образование се врши своевидна општествена селекција. Еден дел од младите се образуваат во елитни училишта, кои ги подготвуваат за упис на универзитет и стекнуваат врвна култура, еден дел посетуваат завршни стручни училишта, а дел своето образование го завршиле во основно училиште. (И Ацевски,1998)

На елитната друпа на ученици и е загарантиран упис во секој нареден степен на образование. Сите ученици се опфатени во средни училишта и е присутна постојана борба и натпревар за секој повисок степен. Можностите за образование, способностите, статусот на занимањето на родителите се нееднакво распределени.

Според Бернштајн, децата од работничката класа добиваат ограничено одговори на прашањата што ги поставуваат дома, и помалку се информирани и љубопитно за светот околу себе, отколку децата од редовите на"елабо-рираниот код од редовите од средната класа". Децата доаѓаат до тешкотии во одговорите на апстрактниот јазик во учењето, како и во барањата во школ-скоит систем.Овие деца не го разбираат говорот на наставникот и се соочуваат со тешкотии во учењето на материјалот, кој за нив е се поапстрактен и нера-збирлив.

Се до Втората светска војна Македонија немала свој систем на воспи-тание и образование, бидејки постојано се наоѓала под тугинска власт. Но, во 1945 година со успешно окончување на НОБ и со воведувањето на соција-листички општествен систем, отворени се широки можности за сестран развој

на македонското општество, па во таа смисла и за изградување на свој систем на воспитание и образование.

Фактот, дека, на пример по ослободувањето(1945) во Македонија биле евидентирани 130 лица со високо образование, дека во 1948 година само 0,2% од вкупното население над 10-годишна возраст биле со вишо и високо образование. Во 1957 година дипломирале 2423 студенти, а во периодот 1958-1974 година дури 32 722, или просечно годишно по околу 1924.(К, Камберски, 1994 г)

Според истражувањата на социолозите, образовните шанси кај младите од редовите на пониските социјални слоеви, каде социо-економската состојба е на пониско ниво, покажале дека вината за неуспехот во образованието, се наоѓа кај нив самите, кај нивните родители, непосредната околина и субкултурата на групата во која живее. Во вакви околности на младата личност и недостигаат значајни вештини, вредности и воопшто еден амбиент кој не му овозможува да се вклучи во воспитно-образовниот процес.

Природно е тоа што недостатоците во училиштето, а уште повеќе нејзините неуспеси доведуваат до девијантно однесување на младите. Так-вите недостатоци создаваат општествени и психички услови за нивен развој. Во набројувањето на конкретните недостатоци во кои функционираат училиштата како институции понекогаш се оди толку далеку, што и нејзината најмала слабост во организацијата во воспитно-образовниот се означуваат како фактори за девијантно однесување на младите.

Со воспитно-образовниот процес треба да се формираат, толерантни, праведни,способни да ја вреднуваат демократијата,творечки и слободности кои мислат недвосмислено, длабоко и широко за прашањата кои се од фундаментален интерес за опстанокот во земјата во кој живееме.

## 5.3.Влијанието на средствата за масовна комуникација во превенција на девијантно однесување

Во денешното современо општество со напредната технологија, човештвото е доведено во положба да црпи позитивни информации од медиумите, но истовремено  и преку истите средства да се доведе во положба да негативно се одразува на нивниот секојдневен живот, особено кај младите, кој штотуку ја оформуваат својата личност.

Во современите услови на живеење комуникациите и брзината на информирање стануваат многу важни фактори во животот и работата на луѓето. Со својата се поголема достапност, електронските и печатените медиуми преку своите секојдневни содржини можат да го прошират видокругот на знаења кај младата личност. Преголемото присуство на содржини кои го демонстрираат девијантното однесување како начин на однесување кон другите луѓе, содржини кои го прикажуваат бесмислен животот  или го фаворизираат лесниот начин на заработка со отсуство на било какви морални скулптури, содржини со кои се вулгаризира сексуалната слобода паразитизмот и слично, негативно влијаат врз се уште неизградената млада личност. При тоа некои млади луѓе можат да се идентификуваат со негативните (јунаци), други можат да ја учат и прифатат техниката на крадење, посегање на одужје и други девијанатни дејства.

Средствата за масовна комуникација, како што се : филмот, телевизијата, радиото и печатот, претставуваат влијателни фактори на современиот човек. Преку нив се пренесуваат информации, со едукативна и забавна содржина и со тоа излегуваат во пресрет на сите нагласени потреби на современиот човек да биде известен за сите значајни општествени процеси,односи и стварања, да ја развиваат својата личност и во слободните часови да го исполни своето време со содржини кои можат да го забавуват и рекреираат. Посебно значење на сретсвата за масовна комоникација доаѓаат до

израз кај младите,кои се наоѓаат во процесот на развој и општествено формирање.Тие го шират видокругот на нивното знаење и умеење,будат интерес кај младите за усвојување на научни и културни активности,ги збогатуваат социјалните и моралните димензии и кавалитетот на младите,ги разбудуваат и развиват нивните творечки способности во сите области на човечкото општество. Со еден збор, овие средсва имаат вонредна воспитно-образовна вредност и моќ на дејствување на младите. По тоа нивното влијание многу се приближува на влијанието на примарните воспитни фактори - семејството и училиштето. Тие имаат и известна предност,која е содржано не само во извонредните и изразени можности на средствата за масовна комуникација,и во тоа што е "излагање"на младите и нивните впечатоци, да кажеме,доброволно. Освен тоа, содржините на средсвата за масовна комуникација претставуваат омилен облик на забава,кој го исполнуваат добар дел од слободното време на младите, што сами по себе претставуваат поволна околност за подигање на поголеми ефекти. (Ж, Јашовиќ, 1983)

Во социолошките и криминолошките литератури се посветува големо внимание на влијание на медиумите и другите средстсва за масовно комуницирање како фактор за девијантно и криминално однесување на младите. Според едни теоретичари постои мислење дека медиумите немаат влијание на на однесувањето на лугето, мегутоа поголемиот број теоретичари го застапува мислењето дака покрај позитивното влијание, масовните медиуми можат да доведат до манифестирање на негативни својства на личноста.

Средствата за масовна комуникација како криминоген фактор особено силно влијание можат да имаат врз младата популација преку: филмот, телевизијата, интернетот, радиото, печатот и др.

Врз основа на бројни анализи за медиумско прикажување филмови со насилничка содржина е дојдено до заклучок дека имаат големо влијание врз лугето, особено врз младите бидејки насилството се прикажува како идеално решение, додека штетните последици од тоа не се прикажуваат.

Влијанието на средствата за масовна комуникација на девијантното однесување треба да се посматра од *објективни и субјективни* критериуми. Објективните критериуми го опфаќаат начинот на прикажувањето на содржините кои преку масовноте медиуми се пренесуваат и нивната мегузависност со другите општествени влијанија и фактори. Субјективните критериуми се однесуваат на процесот на интеракција помегу средствата за масовна комуникација и лицата на кои им се пренесува содржината преку масовните медиуми. Каква интеракција ќе се воспостави помегу средствата за масовна комуникација и поединците и дали истата ќе биде позитивно или негативно насочена зависи од особините на личноста. Личностите кои се подлежни на влијание, особено младите, лица психички и емоционално нестабилни, полесно ја прифаќаат негативната страна на содржината и кај нив таквата содржина може да има влијание на евентуално девијантно однесување.(Тодоровиќ Л,1989)

Сугестибилните личности лесно се идентификуваат со јунаци од масовните медиуми и притоа го имитираат секакво нивно однесување,во кое потпага и секакво нивно девијантно однесување, проследено со насилства, земање на дрога, алкохол, начина на извршување на кривични дела, и слични девијантни однесувања

Сепак мислењата на авторите во поглед на негативното дејство на масмедиумите е поделено. Имено во некои истражувања (Бандура Волтерс) се нагласува пресудната улога на средствата за масовна комуникација (особено филмот) во процесот на создавање на агресија кај младите.Меѓутоа, има и автори ( Никола Рот) кои сметаат дека масовните медиуми со прикажување на агресивни содржини можат да ги ослободат младите од агресијата која ја имаат во себе.(Лазаровски Ј,1997)

Заклучокот на најголем број од авторите е дека медиумите имаат делумно влијание за девијантното однесување на младите, кое зависи од *полот, возраста, образованието, социо-економските фактори, воспитувањето и самата структура на личноста.*

# ТРЕТ ДЕЛ

## 1. ЕТИОЛОГИЈА ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ МАНИФЕСТНИТЕ ФОРМИ НА ДЕВИЈАНТНО ОДНЕСУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ НА ТРАНЗИЦИЈА

Етиологијата како димензија на социопатолошките појави треба да ги осветли објективните и субјективните и фактори кои предизвикуваат или условуваат манифестирање на девијантно однесување во општествената стварност. За да може да се постигне тоа, етиологијата како посебно девијантно подрачје мора да се впушти во анализа на интеракцијата меѓу општествените процеси и појави, и личните својства на младите како субјекти на девијантно однесување. Може да се каже дека етиолошките сознанија се камен-темелник на целокупната политика на спречување и сузбивање на девијантното однесување и други престапнички однесувања, односно превенција на таквите појави и ресоцијализација на нивните индивидуални субјекти. Нема сомнение дека ова е најзначајната , но и најсложената димензија од аспектот на проучувањето на девијантните однесувања. За нејзино проучување е потребен интегриран пристап кој ќе обезбеди мулти-димензионално проучување на причините кои доведуваат до девијации.

Причините кои доведуваат до девијантно однесување се изучуваат во сите елементи на човечковото општествено битие, како социо-културните, така и оние што се врзани за личноста ((биопсихолошките и физичките). Од друга страна, при изучувањето на причините не е битно тие само да се идентификуваат, туку и да се ставаат во меѓусебен дијалектички однос, во одреден редослед и ранг ( причини, услови и поводи), непосредни и посредни, објективни и субјективни и во тие рамки да се утврдува нивното значење и меѓусебно влијание.(Ж, Јашовиќ, 1983 )

Првите мисли за девијацијите и за нивната генеза се среќаваат уште кај античките мислители, посебно кај Платон и Аристител. Платон прв правел разлика меѓу психолошките и надворешните фактори кои предизвикуваат престап. Психолошките фактори според него потекнуваат од психичката несреденост или "болната душа", додека "надворешните" прични се сведуваат на биолошка дегенерација. Затоа Платон се смета за иницијатор на соматската концепција во девијациите. Аристотел посебно го подвлекува влијанието на општественото уредување, богатството и сиромаштијата кои со посредство на волјата и чувствата водат во девијантна активност.(М. Милутиновиќ, 1976)

Средниот век во согласност на општата состојба на духот и човековите мисли, во престапот гледал скршнување од највисокото добро-божјите заповеди. Тоа сфаќање ќе биде изложено на жестока критика од страна на ренесансните писатели, особено од енциклопедистите. Мур, Русо, Холбах, Волтер и други, на криминалитетот му приоѓале како на општествена појава која се јавува како последица на лошото општествено уредување. Класичната кривично-правна школа (Бекариа, Роси, Бентам,Карара) и други, повторно ке го воведат "бог" во објаснување на девијациите. Имено тие девијантното дело го гледаат како повреда на "етичкиот ред кој го поставил бог", а извршувањето на девијантното дело го сметаат за израз"fiat" на слободната волја.

Сите горе споменати сфаќања имаат повеќе карактер на попатни забелешки за девијациите, отколку што се резултат на посебно и студиско занимање со девијациите како појава.

Дури во првата половина на минатиот век почнуваат првите научни проучувања на овој феномен. Од тогаш па до денес се развиле разни теоретски концепции и сфаќања за причините за девијантното однесување. Сите тие обиди за етиолошко објаснување на девијациите и девијантното однесување на младите, можат со оглед на факторите на кои им придаваат решавачко значење, да се поделат во пет основни групи: *антропологшки, биолошки, психолошки патолошки и социолошки учења*. Она што е заеднио за нив е што,

согласно својата теоретска ориентација, претставниците на одделните криминолошки правци настојуваат со потенцирање на еден фактор да ги објаснат сите видови на девијантни поведенија. Во рамките на овие групи или општи теоретски ориентации постојат повеќе варијанти. Исто така често застапниците на еден вид на учење не ги запоставуваат факторите кои ги нагласуваат претставниците на другите правци. Во таа смисла и оваа поделба има условен карактер.

Антрополошките, биолошките и психопатолошките сфаќања за причините на девијациите и девијантното однесување во многу нешта се отфрлени и надминати. Психолошките и особено социолошките теории се честа појдовна рамка за истражувањата од оваа област.

Голем број на автори (Ничефоро, Морсели, Хутон, Бауерлс) и други ќе го доплонат гореспоменатото сфаќање со психоконституалните особини на деликвентите, поаѓајки од идејата на нагонот за криминални склоности. Ваквите сфаќања ќе ги базираат на опсежни истражувања на близнаци и т.н. криминални семејства.(Сулејманов, З, 2003)

## 1.2. Причините за девијантното однесување

Познат е фактот дека само здраво семејство во кое владеат складни односи дава гаранција за нормален живот и динамичен напредок. Точно заради тоа секое општество, секоја средина тежнее да ја сочува внатрешната кохезија на семејството и да го одбегне нејзиното распаѓање, се разбира во прв ред заради децата. Токму заради тој факт само потполно семејство во кое владеат меѓусебни односи, дава гаранција дека поради позитивна идентификација со родителите ќе се развијат во здрави и позитивни личности. ( Јовев, Ј 1994)

По своето причинско значење и каузалните врски причините можат да се утврдуваат како: *непосредни* и *посредни.* Првите често се одредуваат како

каузални. Непосредни причини се оние што треба да дадат одговори на прашањата сврзани со настанувањето на појавата, а посредните се јавуваат како услови и поводи. Поделбата на причините на непосредни и посредни се покажува како значајна за да не дојдеме до нивно заменување, за да може да се одреди нивното значење и да се одбегнат погрешни толкувања. Непосредните причини за настанувањето на девијантните фактори кај младите се: социо-економските фактори, општествено-културните и поткултурните судири ( во семејството, групата врсници, училиштето), општествената аномија( бесмисленоста на колективните цели во општеството), социјалната изолација и др.(Ж, Јашовиќ, 1983).

Значењето на социо-економскитефактори ( сиромаштијата, безработницата лошиот социјален статус и големите разлики во него), општествените, политичките, културните, здравствените и други карактеристики на средината и заедницата во која се раѓаат, живеат и се воспитуваат младите се развива младата личност и тогаш се работи за неговото општествено, неприфатливо и девијантно однесување.

Во дејствувањето на овие фактори особено значење има интрапсихичката состојба на личноста. Колку личноста е неурамнотежена, толку повеќе е исполнета со свесни и несвесни внатрешни судири (комплекси), толку повеќе ќе биде стеснета во барањето излез од неповолната ситуација. Во најголема мера интерпсихичката состојба зависи зрелоста на младата личност и времето во кое интерпсихичките судири почнуваат да влијаат на неа.

Сите овие елементи овозможуваат да се утврди девијантноста како појава, сите мора да се посматраат во поврзаност и меѓусебно влијание во рамките на видот и функционирањето на девијациите. Но, при проучувањето на секоја појава треба да се укаже на основните причини и потреби за дијагностицирање кои во практична работа ќе можат да се модифицираат.

Кај младите личности се јавуваат повеќе видови општествени девијации односно девијантни однесувања. Девијантното однесување е неприфатливо од

страна на општеството. Колку почесто младите се јавуваат како престапници, толку е полоша и понесигурна положбата на младата генерација во општеството и тие се сносуваат со сериозни последици и за ваквите млади нема светла иднина.

Обемот на девијантното однесување на младите во една земја е индикатор за положбата, условите за живот и работа и можностите за развој на младата генерација.

Кога станува збор за причините за девијантното однесување на младите, треба да се истакне покрај општите причини и услови кои влијаат на девијантното однесување, овде посебно влијание имаат: семејството, социо-економските фактори, училиштето, социјалната средина, групите врсници, начинот на кој го користат слободното време, средствата за масовна комуникација и други фактори.

## 1.3. Интерпретација и анализа на резултатите од истражувањето на влијанието на социо-економските фактори врз девијантното однесување на младите во Скопје во периодот на транзиција

Овој дел од научниот труд се состои од интерпретација на резултатите што ги добивме на терен со цел подобро да се запознаеме со животот на младите во периодот на транзиција и влијанието на социо-економските фактори врз развојот на девијантното однесување на младите во Скопје. Се конкретизираат факторите кои влијаат за девијантното однесување,социо-економските фактори, општествената средина и семејството.

Поголемиот дел од населението во Република Македонија (невработените пензионерите, неписмените и недоволно образованите, руралното население и другите социјални групи) живеат во неприфатливи услови на сиромаштија. Животниот стандард на населението драматично опадна и човековиот развој заостанува или назадува. Денешните социјални и други проблеми на човековиот развој произлегуваат не само од транзицијата на економскиот и политичкиот систем, макар што тие се силен фактор на негативното влијание, туку се и резултат на наследното ниво на економската развиеност од претходниот период.

Општеството се каректеризира со определена социјална стратификација и треба поконкретно да се каже дека имаме процес на социјално преструктуирање, вклучувајки формирање на нови социјални групи. На една страна е социјалниот слој кој брзо се збогатува, кој не е многу чесен, но на кој населението гледа сосомневање кое несомнено означува неправедно збогатување. Во новите економски елити учествуваат и успешните бизнисмени. За краток временски период новите елити се адаптираат на новите услови, со голема социјална дистанца кон другите социјални групи и тоа во услови кога постои стагнација, па дури и опаѓање на стопанската активност во Република Македонија. Нештата можат да се нормализираат кога ќе може да се прави

разграничување меѓу легалното и нелегалното збогатување, а кога збогатувањето е легално тоа бара заслужено социјално признание и се квалификува како праведно.( Зборник трудови, ИСППИ, 2003)

Економската транзиција предизвика повеќе удари и врз младите одколку шанси за поголем просперитет. Во Скопје има изразито сиромашни луѓе , но има и многу богати луѓе.Сиромашните луѓе стануваат се посиромашни, средната класа се спушта надолу во долните слоеви, а се помал број од населението станува побогато. Овие економски промени силно се реперкусираат врз развојот на младата генерација.

Република Македонија е далеку од светските трендови за остварување на правата на младите, вклучувајки го и процесот на рамноправен однос на сите млади, по пол, вера, социјално-економска положба во семејството.

За собирење на потребните податоци и сознанија за одделни прашања на истражувачкиот проблем, користени се податоци од: Центрот за Социјална работа во Скопје - Одделение за заштита на деца и младинци, МВР, средните училишта во Скопје и стручните соработници во нив и др. Со наведените субјекти вклучени во истражувањето е добиено одговор на повеќе прашања: животот, социо-економските фактори, периодот на транзиција, социјализацијата, влијанието на семејството и др.

Истражувањето е извршено во повеке средни училишта на територијата на Скопје, државни и едно приватно средно училиште. Во реализацијата на истражувањето се анкетирани се 400 средношколци на различна возраст, по пол ,вероисповед и различна социјална структура. Анкетирањето беше анонимно.

Добиените резултати од истражувањето обезбедија солидна емпириска рамка за предметната појава и тие ќе бидат презентирани во овој труд.

Од аспект на корисноста и намената, несомнено е дека истражувањето ќе придонесе за намалување и развивање на соодветна платформа за преденција на манифестните форми на девијантното однесување на младите во

Скопје, преку воспитно и социјално делување на младата генерација и помош на семејството, како и подобрување на превоспитниот процес на младите, сторители на девијантни дејства.

На територијата на општина Скопје постојат дваесет и едно средно училиште: гимназија и стручни училишта.Податоците за бројот на учениците и паралелките во средните училишта можеме да ги видиме во следната табела:

Табела бр 1.Средни училишта во Скопје

| | Средно училиште | Број на ученици | Број на паралелки | Образовни профили |
|---|---|---|---|---|
| 1 | "Никола Карев" | 1138 | 32 | гимназиско обр. |
| 2 | "Раде Јовчевски Корчагин" | 1021 | 32 | гимназиско обр. |
| 3 | "Јосип Броз Тито" | 1498 | 50 | гимназиско обр. |
| 4 | "Михајло Пупин" | 642 | 27 | стручно |
| 5 | "Боро Петрушевски" | 1114 | 42 | стручно |
| 6 | "Орце Николов" | 1167 | 37 | гимназиско обр. |
| 7 | "Кочо Рацин" | 667 | 25 | гимн. и стручно |
| 8 | "Панче Арсовски" | 711 | 24 | гимназиско обр. |
| 9 | "Георги Димитров" | 1229 | 39 | гимназиско обр. |
| 10 | "Васил Антевски Дрен" | 1875 | 56 | стручно |
| 11 | "Марија Кири Склодовска" | 798 | 28 | гимн. и стручно |
| 12 | "Владо Тасевски" | 1394 | 44 | стручно |
| 13 | "Димитар Влахов" | 2208 | 73 | стручно |
| 14 | "Браќа Миладиновци" | 694 | 29 | гимн. и стручно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15 | "Здравко Цветковски" | 1183 | 51 | гимн. и стручно |
| 16 | "Арсениј Јовков" | 2208 | 73 | стручно |
| 17 | "Лазар Танев" | | | стручно |
| 18 | "8 Септември" | 313 | 16 | стручно |
| 19 | "Цветан Димов" | 1881 | 57 | гимн. и стручно |
| 20 | "Др. Панче Караѓозов" | 2398 | 67 | стручно |
| 21 | "Зеф Љуш Марку" | 1229 | 39 | гимн. и стручно |
| | Вкупно | 25 368 | 821 | |

( www.mabro.org.macedonija.obrazovanie.html)

Во табелата се прикажани сите средни училишта на територијата на Скопје по број на паралелки и ученици, само немаме податоци за бројот на учениците и парелелките во средното училиште на Град Скопје" Лазар Танев ".Вкупно ученици во сите средни училишта се 25 368 а парелелки се вкупно 821. Постојат шест општи гиманазии во кои учат 6764 ученици , девет стручни училишата во кои учат 12 152 ученици и шест стручни и гимназиски паралелки во кои учат 6452 ученици. Од податоците можеме да заклучиме дека голем дел од младите во Скопје се вклучени ви воспитни-образовниот процес.

Во овој труд се анкетирани ученици од гимназиите, стручните училишта и средношколците од Петта приватна гимназија во Скопје.

Статистичкиот метод е максимално користен во фазата на прибирање, обработка и анализа на податоците, односно определување на проценти, индекси, квоти, средни вредности,тренд и сл. Свесна сум за ограничувањата на статистичките методи и неможноста да се добие целосен увид во проблематиката, квантитативните показатели се комбинирани со квалитативна анализа (опис и анализа на текст). Оттука се гледа дека методолошкиот пристап е интегрален. При интерпретација на истражувачките резултати главно, се користени методите на *дискрипција, индукција и дедукција.*

Со резултатите што ги добивме од спроведената анкета, ни се дава можност да добиеме објективна слика за нивниот живот, со што овој труд ќе

има практична вредност за превземање мерки за намалување на девијантното однесување на младите, мерки за подобрување на нивната положба во семејството и општествената средина во периодот на транзиција. Добиените истражувачки резултати се прикажани нумерички, процентуално и со графикони.

Истражувачкиот дел се базира на спроведена анкета на млади лица ,со цел подлабински да се навлезе во претходно наведените прашања, на кое ги добивме следните резултати:

- Со цел подлабински да се навлезе во претходно наведените прашањана младите кај нас, најнапред сакавме да дознаеме каква е националната структура.Основни карактеристики на анкетираната група на млади според националност. Бидејки живееме во мултиетничка држава, би било интересно од феноменолошки аспект да согледаме како е гледано девијантното однесување на младите според национална припадност.

Во средните училишта во Скопје се застапени млади лица од повеќе националности.

Табела бр. 2. Број на испитаници според националност

| | Број | % |
|---|---|---|
| Македонци | 287 | 71,75 |
| Срби | 26 | 6,50 |
| Босанци | 24 | 6,00 |
| Албанци | 8 | 2,00 |
| Бошњаци | 27 | 6,75 |
| Црногорци | 9 | 2,25 |
| Роми | 16 | 4,00 |
| Словенци | 2 | 0,50 |
| Швегани | 1 | 0,25 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Со оглед на својата доминантна процентуална застапеност во нашето истра-жување на терен, анкетирани се 287, Македонци или 71,75%, Срби 26 или 5,50%, Босанци 24 или 6,00%, Албанци 8 или 2%, Бошњаци 27 или 6,75%, Црногорци се 9 или 2,25%, Роми 16или 4,00%, Словенци 2 или 0,50%, Швеѓани 1 или 0,25%. Овие податоци можеме да ги претставиме со графикон. Од податоците можеме да заклучиме дека најголем број од испитаниците се од македонска националност, но, интересен е податокот што меѓу испитаниците има еден испитаник кој се изјаснил дека е Швеѓанин.

Графикон бр.1. Испитаници според националност



- Образованието е една од детерминантите на однесување на секој човек. Процесот на образование е всушност процесс на интернионирање на општествените норми и вредности кај младиот човек. Ниското образовно ниво и воспитното ниво се одразува на поведението на младите лица, и честопати се јавува како девијантен фацтор. Анкетираните средношколци од средните училишта во Скопје, се од прва до четврта година.

Табела бр.3 Број на испитаници според клас (година) на образование

| | Број | % |
|---|---|---|
| Прва година-клас | 68 | 17,00 |
| Втора година | 81 | 20,25 |
| Трета година | 194 | 48,50 |
| Четврта година | 57 | 14,25 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Од прегледот на годината или клас во кој учат,најголем број од анкетираните ученици се од трета година,194 ученици или 48,50%, кои се на возраст од 16 до 17 години, од втора година се 81 или 20,25%, од прва година 68 ученици или 17,00% и до четврта година 57 или 14,25%.

Во училиштето учениците стекнуваат знаења, умеења, навики, а училницата претставува работна лабараторија во која ќе се експериментира, елаборира и истражува. Средното образование во нашата држава е задолжително и трае четири години.

Графикон бр.2. Испитаници според клас( година) на образование




- Во секое истражување каде се испитува девијантното однесување на младите, се потенцира значењето на полот во манифеститањето на девијантното однесување. При тоа се потенцира ниското учество на женскиот пол во девијантното однесување, пред се како последица на биопсихичките разлики меѓу половите, но и разлики кои се генерирани и од самото општество. Таков е случајот со девијантното поведение. Испитаниците беа од двата пола, а податоците за полот можеме да ги видиме од следната табела:

Табела бр.4 Број на испитаници според пол

| | Број | % |
|---|---|---|
| Машки | 278 | 69,50 |
| Женски | 122 | 30,50 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Од презентираните податоците во табелата можеме да заклучиме дека повеќето испитаници се од машки пол или 69,50% се ,а 30,50% се од женски пол. Тоа графички можеме да го претставиме со следниот графикон.

Графикон бр.3. Испитаници според пол



Полот е билошка карактеристика која се покажува мошне значајна за учеството на девијантното поведение. Имено, несомнене е дека е помало учеството на жените во девијантното однесување. Затоа сакавме да направиме споредба за подолг временски период.Од следнава табела можеме да ги видиме податоците за млади кои се осудени според полот во перодот од 1965-2006 година :

Табела бр.5

| ГОДИНА | ВКУПНО | ЖЕНСКИ ЛИЦА | % |
|---|---|---|---|
| 1965 | 487 | 15 | 3.1 |
| 1966 | 514 | 30 | 5.8 |
| 1967 | 533 | 28 | 5.2 |
| 1968 | 696 | 16 | 2.3 |
| 1969 | 867 | 21 | 2.4 |
| 1970 | 797 | 18 | 2.2 |
| 1971 | 888 | 22 | 2.5 |
| 1972 | 1026 | 34 | 2.3 |
| 1973 | 936 | 22 | 2.3 |
| 1974 | 1158 | 51 | 4.5 |
| 1975 | 1026 | 31 | 3.0 |
| 1976 | 1000 | 45 | 4.5 |
| 1977 | 964 | 47 | 4.9 |
| 1978 | 800 | 45 | 5.6 |
| 1979 | 1059 | 57 | 4.6 |
| 1980 | / | / | / |
| 1981 | 831 | 52 | 6.2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1982 | 964 | 69 | 7.1 |
| 1983 | 1144 | 69 | 6.0 |
| 1984 | 1040 | 57 | 5.5 |
| 1985 | 1180 | 58 | 4.9 |
| 1986 | 1428 | 92 | 6.4 |
| 1987 | / | / | / |
| 1988 | 1173 | 69 | 5.9 |
| 1989 | 1214 | 57 | 4.7 |
| 1990 | 1238 | 63 | 5.1 |
| 1991 | 1357 | 51 | 3.7 |
| 1992 | 1453 | / | / |
| 1993 | 1861 | 41 | 2.2 |
| 1994 | 1542 | 39 | 2.7 |
| 1995 | 1184 | 40 | 3.4 |
| 1996 | 1162 | 33 | 2.8 |
| 1997 | 745 | 30 | 4.0 |
| 1998 | 934 | 34 | 3.6 |
| 1999 | 936 | / | / |
| 2000 | 939 | 17 | 1.8 |
| 2001 | 877 | 19 | 2.2 |
| 2002 | 776 | 18 | 2.3 |
| 2003 | 826 | 16 | 1.9 |
| 2004 | 877 | 30 | 3.4 |
| 2005 | 762 | 20 | 2.6 |
| 2006 | / | / | / |

(В, Чачева, 2008 )

Податоците за нашата држава за учеството на женските лица во малолетничкиот криминалитет претставуваат уште една потврда за помало учество на жените во криминалитетот. Имено, учеството на женските лица во разгледувачкиот период се движи од 2,2% до 7,1%. Објаснувањето за различната застапеност е исто, независно од возраста на сторителите, без разлика дали се работи за полнолетни или малолетни лица.. Се работи за биопсихолошки особини за двата пола, кои особено доаѓаат во израз во период на пубертетот и адолесценцијата, патријахалното воспитување во семејството и др.

- Како пример за влијание на еколошките елементи врз девијантното однесување на младите се проучуваат индустријализацијата и урбанизацијата и со нив поврзаните миграции, особено на релација село-град. Така настануваат бројни проблемиод психолошки и социо-економски карактер: промена на начинот на живот, поинакви норми на однесување, друд систем на вредности и друг систем на социјална контрола. Сите овие негативни влијанија се реперкуираат врз семејството, а од тука се пренесува и врз воспитанието на младите.Местото на живеење има значајна улога за развојот на девијантното однесување на младите, затоа на нашите испитаници им поставивме прашање, Каде е нивното место на живеење: во град, село или приградска населба при што ги добивме следните резултати:

Табела.бр 6 Живеалиште на испитаниците

| | Број | % |
|---|---|---|
| Град | 366 | 91,50 |
| Село (приг. нас.) | 34 | 8,50 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Најголемиот број од испитаниците 91,59% живеат во град, а 8,50% во село или приградска населба. Сообраќајната поврзаност меѓу населбите во Скопје е на високо ниво и средношколците добиваат бесплатни билети за возење.

Графикон бр.4. Испитаници според живеалиште



- Возраста на младите најчесто се поклопува со определениот степен на биолошко и интелектуално созревање. Значи, возраста сама по себе не преставува девијантен фактор, но во содејство со други фактори,лични и средински може да влијае врз формирање на девијантното однесување на младите. Нашите испитаници се на возраст од 14 до 18 години, но и повеќе, од 14 години учениците тргнуваат во средно училиште,образованието трае четири години и завршуваат на 18 или 19 години.

Табела бр.7 Број на испитаници според возраст

| | Број | % |
|---|---|---|
| 14 години | / | / |
| 15 години | 68 | 16,50 |
| 16 години | 81 | 20,25 |
| 17 години | 194 | 46,00 |
| 18 години | 67 | 15,50 |
| Повеке од 18 години | 7 | 1,75 |
| Без одговор | / | / |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Возрасната структура претставува значаен фактор за развојот на девијантното однесување на младите, затоа во нашето истражување сакавме да добиеме податоци, колкава е возраста на младите средношколци.

Возрасната група на масата испитаници, исто така одговара на структурата на машки и женски пол, кои ги имаат сите карактеристики на својата генерација.

Од податоците на табелата можеме да заклучиме дека 46,00% од испитаниците се на возраст од 17 години, 15,50% се полнолетни на возраст од 18 години, 1,75% се повеќе од 18 години, на шеснаесет годишна возраст се 20,25% а на петнаесет годишна возраст се 16,50%, на четиринаесет годишна возраст немаме испитаници. Овие податоци можеме да ги претставиме и со графикон:

Графикон бр.5. Испитаници според возраст




• Во овој труд може објективно да се идентификуваат проблемите на младите во Скопје, причините кои ја отежнуваат нивната положба во семејството, дали младите се родени во брачна заедница или вонбрачно. Елементот брачност-вонбрачност спаѓа во редот на поекспонираните фактори во

девијантното однесување на младите. Вонбрачното потекло на младите има негативно влијание врз развојот, формирањето и воспитувањето на младата личност, но и врз дисфункционалноста на целото семејство. Вонбрачното дете сноси последици од типот на тешка економска положба, нерешеност на неговиот социјален статус, неприфаќање од мајката или таткото, негативен однос од потесната и пошироката средина, што негативно се одразува врз неговата личност и поведение.

Табела бр.8 Потекло на испитаниците

| | Број | % |
|---|---|---|
| Брачно | 383 | 96,75 |
| Вонбрачно | 17 | 4,25 |
| Непознато | / | / |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Од податоците во табелата можеме да заклучиме дека 96,75% од испитаниците се родени во брачна заедница, а 4,25% се родени во вонбрачна заедница.Најчесто кај испитаниците од ромска националност но поради традиционалните норми потекнуваат од неформални (правно регулирани) брачни заедници. Непотполното семејство допринесува за појавата на девијантни дејства меѓу младите.

Овие податоци можеме графички да ги претставиме во следниот графикон:

Графикон бр.6. Испитаници според потекло




• После семејството, училиштето претставува воспитно-образовна институција каде младите се образуваат, воспитуваат, стекнуваат одредени знаења, умеења и навики.Успехот на секој ученик е значаен показател за неговиот развој. Во училиштето младите остваруваат контакти со врсници од различни семејства, од кои некои полоши или подобри од неговите. Училиштето претставува најорганизирана и специјализирана институција на младите. Општеството на училиштето му доверило задача на младите да им обезбеди што поквалитетно усвојување на знаења и вештини и формирање на морални својства, културни, работни и други општествено пожелни навики и квалитети. Со остварување на воспитно-образовната функција, училиштето на систематски начин го продолжува процесот на интелектуално, емоционално и социјално

созревање на личноста.Со оглед на тоа што анкетираната група на млади, се се уште ученици, не може да се зборува за некој степен на оформено образование, туку само за нивниот однос кон образованието, односно заинтересираноста за учење.Во нашето истражување им поставивме прашање: каков е успехот во последната година?, при што ги добивме следните резултати:

- Табела бр.9 Успехот на испитаниците во последната година

| | Број | % |
|---|---|---|
| Слаб | 1 | 0,25 |
| Доволен | 19 | 4,75 |
| Добар | 131 | 32,75 |
| Мн.добар | 142 | 35,50 |
| Одличен | 100 | 25,00 |
| Без одговор | 7 | 1,75 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Од изнесените податоците во табелата можеме да заклучиме дека најголем број од учениците се со многу добар успех 35,50%, со добар успех 32,75%, одлични се 25%, доволни се 4,75% а само 0,25% се со слаб успех. Во училиштето од страна на воспитниот кадар од младите се бара да ги извршуваат училишните обврски, кои доколку зависно од своите интелектуални можности не ги совлада, кај младите почнува да се јавува отпор спрема училиштето, кое резултира со слаб успех, бегање од часови и појава на најразлични девијантни дејства. Ако се работи за објективност во одговорите, а не за самодокажување пред непознати, што е карактеристично за нивната возраст,

можеме да констатираме дека најголемиот број на средношколци денес се заинтересирани да постигнат што подобар успех. Мотивираноста за оформување на соодветно образование кај овие генерации млади претпоставуваме дека е увидена и созреана како убедување, дека тоа е единствениот излез од социјалната несигурност и постојната сиромаштија во земјата. Транзицијата во нашата земја покажа дека најпрво без работа останаа работниците без образование и квалификација, малиот број на вработувања, затоа младите бараат излез надвор од државата и професии што одговараат на пазарната економија и информатичкото општество.

Меѓутоа од бројни истражувања и анализи е дојдено до заклучок дека необразованоста и слабиот успех во училиштето, не е секогаш главен фактор или битен фактор за девијантното однесување на младите.

Ова можеме графички да го претставиме со следниот графикон:

Графикон бр.7. Испитаници според успех



- Покрај овие фактори што делуваат негативно на младите, повторувањето на клас или година , влијае за појава на негативен однос кон училиштето и воспитниот кадар, конфликти со наставничкиот кадар и учениците. Податоците за поведението на младите вклучуваат податоци за неговиот образовен статус, присуство на соцои-патолошки појави нив и нивното друштво( ако ги има), начин на користење на слободното време, поранешни престапи (доколку ги има) и др. Овие фактори можат да доведат и до напуштање на училиштето и младите се впуштаат во вршење на девијантни дејства.

Табела бр.10 Дали се повторувале

| | Број | % |
|---|---|---|
| Да | 1 | 0,25 |
| Не | 399 | 99,75 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Податоците во табелата ни покажуваат дека 99,75% од нашите испитаници,не повторувале во текот на воспитно-образовниот процес, само 0,25 % или еден испитаник само повторувал. Овие податоци претставуваат позитивен фактор во развојот на младите во Скопје и влијанието на социо-економските фактори.

## Б) Семејна положба

Современото семејство ,поради карактерот на односите и силните емоционални врски меѓучленовите, а посебно поради потенцијално големото влијание на на родителите врз севкупниот развиток и формирање на младата личност, повеќе од било кога претставува важен фактор за развитокот на личноста на младата генерација.

Семејството претставува стожар и каментемелник на едно општество, без кое не може да функционира. Семејните функции се однесуваат на биолошки и културни репродукции, кои подразбираат целосен процес на воспитување на младите до формирање на зрела личност, односно семејството игра најважна улога во формирањето на личноста на еден млад човек. Семејството е неминовна средина за младите, во која средина според најразлични влијанија, животот со еден или двајца родители, смртта или одделувањето на родителите делуваат во формирањето и обликувањето на младата личност. Семејството е општествена заедница, во која од самото раѓање се одвива животот на младата личност и се обликува идната личност.

Табела бр.11 Со кого живееш?

| | Број | % |
|---|---|---|
| Со двата родитела | 341 | 85,25 |
| Со мајката, таткото е починат | 10 | 2,50 |
| Со мајката, родителите се одвоени | 23 | 5,75 |

| | | |
|---|---|---|
| Со таткото,мајката е почината | 8 | 2,00 |
| Со таткото родителите се одвоени | 4 | 1,00 |
| Со роднини | 7 | 1,75 |
| Друго,што | / | / |
| Без одговор | 7 | 1,75 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Од податоците во табелата за семејната структура на младите ни даваат позитивна вредност,за условите за нивниот развој.Можеме да заклучиме дека 82,25% од испитаниците живеат со двата родитела, на 2,50% од испитаниците таткото е починат, живеат само со мајката,кај 5,75% родителите се одвоени , кои можат негативно да влијаат врз развојот на младата личност, од нив 2,00% живеат со таткото, мајката е почината, 1% од младите испитаници живеат со таткото, родителите им се одвоени, но 1,75% живеат со роднини од различни причини и без одговор останаа 1,75% од испитаниците.

Во големите семејства се уште е изразен патријахалниот модел на живеење, со традиционалната авторитарност на постарите, што во одредена мера го намалува квалитетот на потребното внимание на децата. Тука воспитувањето се движи во рамките на старата генерациска матрица: да се биде послушен, исполнителен, а средината недоволно да ги согледува проблемите на младите кои ги носи современието. (Љ,Чонева,2007)

Графикон бр.8. Испитаници според живеењето со родител/старател




- Од семејството се очекува да остварува репродуктивна, економска, емотивна заштита и воспитно морална функција, кои функции меѓусебно се поврзани, испреплетени и зависни една од друга. Бројот на членовите претставува значаен фактор за развојот на младата личност.

Табела бр.12 Од колку членови се состои твоето семејство

| | Број | % |
|---|---|---|
| Два | 8 | 2,00 |
| Три | 26 | 6,50 |
| Четири | 312 | 78,00 |

| | | |
|---|---|---|
| Повеке членови | 54 | 13,50 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Од изнесените податоци од нашето истражување, евидентно е дека во поголемиот број (78,00%), живеат во четиричлени семејства,во семејства со три членови има (6,50%), во семејства каде живеат два члена има (2,00%) од испитаниците-односно живеат со еден од родителите, мајка или татко, а во семејства со повеќе членови живеат (13,50%) од испитаниците. Односно живеат во пошироко семејство, со баба и дедо или семејството брои повеќе членови. Овие податоци можеме да ги претставиме со следниот графикон:

Графикон бр.8. Испитаници според број на членови во семејството



- Социо-економските фактори во семејството претставуваат значаен фактор за развојот на младите. Економската и социјалната криза што ја погоди Република Македонија во периодот на транзиција, предизвика значајни промени во благосостојбата на населението изразена со влошување на стандардот на граѓаните и голема економска несигурност. Турбулентните случувања во економската сфера, придонесе за кумулирање на невработеното население и делумно мал активиран човечки потенцијал. Во реалниот свет постојат повеќе семејства кои се деградирани и дефициентни каде што семејните односи не се одвиваат урамнотежено и хармонично поради слабата материјална положба во семејството. Ваквите семејства и нивните членови се предмет на девијантни истражувања, каде е дојдено до заклучок дека за девијантното однесување на младите не може да се замисли неговото проучување без да се проучи материјалната положба во семејството.

Табела.бр 13 Како ја оценуваш материјалната положба на твоето семејство во последните години

| | Број | % |
|---|---|---|
| Многу богато | 13 | 3,25 |
| Богато | 19 | 4,75 |
| Просечно, како повеќето семејства | 316 | 79,00 |
| Сиромашно | 18 | 4,50 |
| Многу сиромашно | 11 | 2,75 |

| | | |
|---|---|---|
| Не може да процени | / | / |
| Без одговор | 23 | 5,75 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Проценката на вкупната материјална состојба на семејствата, односно социо-економскиот статус ги сублимира сите претходно наведени елементи (образование, занимање, вработеност, приходи, стамбен статус) итн. Врз основа надобиените податоци податоците од истражувачкиот примерок, во кој недостасуваат комплетни податоци за 23 млади средношколци или 5,75%, покажуваат дека оваа целна група на средношколци објективно ја оценуваат општата економска и социјална положба на поголемиот дел на населението во Република Маскедонија. Најголемиот број од испитаниците живеат просечно за што се изјасниле 316 или 79,00%, ова покажува дека овие млади, својата положба ја имаат прифатено таква каква што е, богато живееле 19 или 4,75%. Но, 11 или 2,75% живеат многу сиромашно, беспарицата, кое ја има во повеќе семејства во нашата држава ја споделуваат со своите родители, кои настојуваат да им ги задоволат основните потреби за живот и образование

Графикон бр9. Испитаници според материјалната положба




- Семејството како основна општествена клетка, трпи силно влијание на разните социо-економски промени кои се одвиваат во општеството во периодот на транзиција. Тие промени можат да бидат со таков интензитет, што можат да го разбијат, онеспособат семејството да ги врши своите основни функции. Како последица на сето тоа, многу семејства не се во можност да ги исполнуваат своите функции кои им се традиционално и органско предодредени, па поради тоа се создава таква семејна средина која е продор за развој на девијантни дејства.

Позната е мислата на Лав Толстој во Ана Каренина:"***Сите среќни семејства личат едни на други, секое несреќно семејство е несреќно на свој начин***"

Со интенција подлабоко да се навлезе во материјалниот статус на младите ги прашавме испитаниците: *Како се издржува семејството*

Табела бр. 14 Како се издржува семејството:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Работат двајцата родители | 237 | 59,25 |
| Работи само таткото | 57 | 14,25 |
| Работи само мајката | 23 | 5,75 |
| Работи друг член од семејството | 13 | 3,25 |
| Од пензија на постарите членови | 12 | 3,00 |
| Од социјална помош | 16 | 4,00 |
| Од помош за невработеност | 5 | 1,25 |
| Од земјоделство | 6 | 1,50 |
| Од семеен бизнис | 13 | 3,25 |
| Без приходи | / | / |
| Без одговор | 18 | 4,50 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Ако ја анализираме табелата бр.12, ќе увидиме дека кај 237 испитаници или 59,25%, работат и двајцата родители, кај 14,25% работи само таткото, додека пак кај 5,75% , од социјална помош живеат 4,00% таа претставува единствена егзистенција во тие семејства, работи само мајката, кај 3,25% работи друг член во семејството, најчесто постар брат или сестра кои помагаат на родителите за подобрување на економската положба во семејството, од пензијата на постарите членови во семејството живеат 3,00% од младите,1,50% живеат од земјоделство, најверојатно оние анкетирани младинци кои живеат во сели или приградска населба, од семеен бизнис живеат 3,25%,меѓу анкетираните млади нема такви што немаат никакви приходи, но голем е бројот или 4,50% од боло какви причини се изјасниле без одговор. Овде државата има примарна фун-

кција, со вработување на невработените членови на семејствата и подобрување на економската положба во семејството.

Графикон бр.10. Испитаници според начинот на издржување




• Семејството како основна општествена клетка, трпи силно влијание на разните социо-економски промени кои се одвиваат во едно општество. Така, семејството наместо препрека за негативните надворешни влијанија, станува главна причина за девијантното однесување на младите. Општествениот статус на семејството пред се се одрекува преку економските услови во кои тоа егзистира. Утврдувањето на еконоската положба на семејството пак, не е можна без определување на месечните приходи, односно месечниот буџет и задоволувањето на потребите на неговите членови. Секако, определувањето на месечните приходи е релативна категорија, бидејки семејствата се разликуваат според својата бројност, така и според потребите на своите членови.

Едно од прашањата беше за оценка за месечните приходи на анкетираната група, односно : Колкави се месечните приходи во нивното семејство, и на него ги добивме следните одговори:

Табела бр.15

**Колкави се месечните приходи во семејството**

| | Број | % |
|---|---|---|
| До 5000 денари | 17 | 4,25 |
| Од 5000-8000 денари | 23 | 5,75 |
| Од 8000-10 000 денари | 36 | 9,00 |
| Над 10 000 денари | 324 | 81,00 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Показателите што се однесуваат на месечните приходи во семејствата на нашите испитаници ни покажуваат дека,најголемиот број на семејства егзистираат со над 10 000денари 81,00% или 324 семејства, 9% живеат со месечни приходи од 8000-10 000, 5,75% живеат со месечни приходи од 5000-8000 денари, а 4,25% се наоѓаат во крајно лоша материјална положба и се на линија на егзистенцијален минимум, живеат со парични средства до 5000 денари, потекнуваат од сиромашни семејства, односно од семејства со ниски месечни приходи.

Графикон бр.11. Месечни приходи во семејството




• Стандардот на секое семејство зависи од приходите, кои претставуваат важен социо-економски фактор за задоволување на животните потреби Познато е дека неповолноте материјални услови во семејството можат да продолжат во семејството и генерациски, на младите како социјална загрозеност. Имено, во семејствата изложени на материјална беда може да се очекува намаленост на семејната ефикасност, во однос на својата економска функција, што е многу значајно во социјализацијата на младите.Значи материјалната загрозеност превентивно може да делува на неговата ефикасност, семејните односи и компактноста на членовите. Субјективното чувство за сопствената материјална состојба кај секој средношколец, Која ја опфативме со анкетата, покрај другото се гради и врз можноста за задоволување на своите потреби и големината на нивниот буџет-џепарлак. Поради тоа нашите испитаници ги прашавме: *За што редовно добиваат пари од родителите:*

Табела бр.16. За што добиваш редовно пари од родителот/те:

| | Број | % |
|---|---|---|
| За појадок | 212 | 53,00 |
| За книги и учил. потреби | 22 | 5,50 |
| За облека и обувки | 24 | 6,00 |
| За излег. во диско и кафулиња | 43 | 10,75 |
| За летовање и зимовање | 21 | 5,25 |
| За друго што | 46 | 11,50 |
| Не добива за ништо | / | / |
| Без одговор | 32 | 8,00 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

- Презентираните податоци покажуваат дека материјалната положба на семејствата не е воопшто розова, дополнително говорат податоците дека падот на стандардот кај македонското население и крајно намалената куповна моќ на домакинствата , силно го чувствуваат и младите што го изразија преку оваа анкета, за што добивале младите пари од своите родители. Во структурата на основната потрошувачка кај младите,најчесто нашите испитаници од своите родители добивале пари за појадок 53,00% и тоа не за сите туку за половината од анкетираните, од нив на второ место се11,50% добивале пари за друго, а за одење во диско и по кафулиња или друга забава за која треба да платат добивале 10,75%, за да купат облека и обувки и друго од младешката гардероба имаат можност само 6,00%, за книги и друг училишен прибор 5,50%, а на летовање и зимовање заминувале 5,25% од младите иако тие се потребни за психи-физичкиот развој на секој организам кој е во раст, а не луксуз. Понатамошниот осврт на ова прашање покажува дека без одговор останале 8,00%.

Овие одговори исто така ја потврдија констатацијата од повеќето истражувања за социо-економската положба на населението во периодот на транзиција е многу тешка. Сметаме дека сите овие млади својата положба ја имаат прифатено како таква, беспарицата ја споделуваат со своите родители и членовите на семејството, а образованието го прифатиле како своја задача. Тешката материјална состојба никогаш не гарантира дека некои од нив не можат да застанат кон девијантно однесување, или поведени од другари со такво поведение, или какосвоја определба за стекнување пари за своите лични задоволства. Овие податоци можеме да ги претставиме со следниот графикон.

Графикон бр.12. Добивање пари од родителите




• Семејните функции можат успешно да се остварат само во усогласени и функционално адекватни семејни средини. Многубројните односи коишто се воспоставуваат помеѓу членовите во семејството претставува една од најзна-

чајните, а воедно и најсложените сфери во семејството и тоа пред се за здравиот психички и социјален развој на младите. Во семејствата каде доаѓаат до израз различни елементи на функционална и структурална дезорганизација станува центар за притисоци, кои се манифестираат и преку девијантното поведение на младите.Затоа во нашето истражување сакавме да дознаеме какви се односите во семејството на нашите испитаници.

Табела бр. 17 Како ги оценуваш односите во твоето семејство:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Хармонични | 272 | 68,00 |
| Повремено несредени | 33 | 8,25 |
| Почесто несредени | 12 | 3,00 |
| Константно напнати | 24 | 6,00 |
| Не може да оцени | 16 | 4,00 |
| Без одговор | 43 | 10,75 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Евидентно е дека субјективната оцена на младите за односите во нивното семејства најглобално е поларизирана на хармонични за кои се изјасниле 68,00% од младите испитаници живеат во хармонични услови, кај 8,25% односите во семејството се повремено несредени , кај 6,00% односите се кон-

стантно и почесто напнати,4,00% од испитаниците не можат да ги оценат односите, но голем е бројот на испитаниците кои останале без одговор на ова прашање дури 10,75%.Меѓутоа, при поставувањето на овие прашања бевме свесни дека младата личност по својата генеричка суштина е "семејно суштество", што значи дека одредени интимни прашања ќе настојува да си ги задржи во својата приватност. Нарушените семејни односи неретко се етиолошки фактор за запаѓање на младите во девијантно однесување, односно вршење на девијантни дејства.Овие податоци можеме да ги претставиме со графикон.

Графикон бр.13. Односи во семејството




Многубројните односи кои се воспоставуваат помеѓу членовите во семејството всушност претставуваат една од најзначајните, а воедно и најсложени сфери на семејството и тоа пред се за здравиот психички и социјален развој на младите. Ова поради фактот што семејството претставува основна и

најинтимна средина за неговите членови , а децата во него ги добиваат основните примери за своето воспитување или т.н. идентификација.

Во семејствата каде преовладуваат конфликтите над интеграцијата, напнатостите наспроти емоционалната рамнотежа, заемна недоверба наспроти довербата, односно преовладуваат процесите на дезорганизација,како индикатор за утврдување на односите или атмосферата во семејствата во семејствата кај анкетираните млади ќедознаеме какви се односите во семејствата на младитеод нивните одговори :

Табела бр.18 Доколку односите во семејството не се најдобри, како тоа се манифестира:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Кавги | 282 | 70,50 |
| Физичко пресметување | / | / |
| Психичко малтлетирање | 8 | 2,00 |
| Алкохолизам | 7 | 1,75 |
| Наркоманија | / | / |
| Скитништво | / | / |
| Од се понешто | 16 | 4,00 |
| Друго што | 24 | 6,00 |
| Без одговор | 63 | 15,75 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Најчесто лошите односи во семејствата кај младите се манифестирале со кавги 70,50%, од се по нешто има кај 4,00%, алкохолизам има во 1,75%, кај 6,00% се изјасниле дека лошите односи во семејството се јавуваат појави од се по нешто,

но голем е бројот или загрижува податокот што 15,75% од младите не сакале да дадат никаков одговор, односно се изјасниле без одговор. Соодносте на категоријата семејна клима, скоро е идентична кај сите наши испитаници, без оглед од кое училиште доаѓаат. Овие подататоци можеме да ги видиме на следниот графикон:

Графикон бр.15. Манифестирање на односите во семејството




• Семејствата каде се чести кавги и конфликти меѓу членовите на семејството, односно колку често се случуваат тие нарушени односи, придонесуваат младите да почнат да вршат девијантни дејства, за разлика од оние семејства во кои владеат хармонични услови. Затоа сакавме да дознаеме колку често се случува тоа:

Табела бр. 19 Колку често тоа се случува:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Секојдневно | 16 | 4,00 |
| Еднаш неделно | 33 | 8,25 |
| Еднаш месечно | 35 | 8,75 |
| Одвреме-навреме | 231 | 57,75 |
| Односите се хармонични | 42 | 10,50 |
| Без одговор | 43 | 10,75 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Интересот за пошироко препознавање на нарушените односи во семејствата кај нашите испитаници, најголемиот број од испитаниците 57,75% овие конфликти се случуваат одвреме-навреме,што е во тесна врска со интересот на семејното насилство,еднаш месечно се случува кај 8,75%, еднаш неделно кај 8,25%, секојдневно се случуваат кај 4,00%, позитивно е што кај 10,50% односите се хармонични, а 10,75% од испитаниците се без одговор. Нарушените семејни односи можат негативно да влијаат врз развојот на младата личност, до појавата на девијантни однесувања. Овие податоци можеме да ги претставиме со следниот графикон:

Графикон бр.16. Колку често се случуваат кавги и конфликти во семејството




- Нарушената емотивна клима во семејството силно се рефлектира врз поведението на младите, тие се оддалечуваат од своите најблиски,со проучувањето на семејните односи ги утврдивме односите на релација, родител-родител,млада личност-родител,но и помеѓу другите членови во семејството. Доведувајки ги несредените семејни односи во врска со тоа меѓу кои членови се случуваат тие настани, дојдовме до одредени инттересни, но во секој случај очекувани сознанија, со поставување на прашањето: Меѓу кои членови во семејството најчесто се случува тоа:

Табела бр.20 Најчесто мегу кои членови се случува:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Меѓу родителите | 182 | 45,50 |
| Меѓу мајката и очувот | 5 | 1,25 |
| Меѓу мајката и некое од децата | 42 | 10,50 |
| Меѓу таткото и маќеата | 4 | 1,00 |
| Меѓу очувот и децата | 3 | 0,75 |
| Меѓу макеата и децата | / | / |
| Мегу децата | 26 | 6,50 |
| Мегу други членови | 24 | 6,00 |
| Односите се хармонични | 53 | 13,25 |
| Без одговор | 61 | 15,25 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Најчесто конфликтите се случуваат меѓу родителите 45,50%,нешто што може да ја нарушува хармонијата и да го загрози психичкиот развој на младите. Кај 10,50% конфликти има меѓу мајката и некое од децата,меѓу децата е 6,50%, помеѓу другите членови во семејствоте е 6,00%,кои најчесто се манифестираат со вербални расправии. Меѓу мајката и очуват 1,25%, кај 1,00% конфликти има меѓу таткото и маќеата, но позитивно се изјасниле 13,25% каде односите во семејството се хармонични, меѓу маќеата и децата не се јавуваат конфликти, барем така се изјасниле нашите испитаници,а 15,25% од младите се изјасниле

без одговор. Нарушената семејна клима негативно се рефлектира врз однесувањето на младите. Овие податоци можеме да ги претставиме со следниот графикон.

Графикон бр.17. Испитаници според начинот на издржување




- Младите кои покажуваат девијантно однесување потекнуваат од семејства со лоши или просечни материјални услови , каде често се случуваат непријатни дејства во семејството. Најголем дел од нив сепак, се жртви на транзицијата бидејки во минатото имале подобар живот: биле вработени, имале повисоки приходи, купувале и опремувале станови и сл. Меѓутоа во изминатиот период се соочуваат и со низа проблеми од егзистенцијален карактер. Од тука не е тешко да се претпостави и влошувањето на целокупните

семејно односи и создавање на неповолна семејна клима, неотпорна на негативни надворешни влијанија, особено врз младите.

Табела бр. 21 Дали имаш присуствувано на такви однесувања:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Да,почесто | 47 | 11,75 |
| Да, поретко | 177 | 44,25 |
| Не, ама знам дека се случуваат | 48 | 12,00 |
| Односите се хармонични | 66 | 16,50 |
| Без одговор | 62 | 15,50 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Што се однесува до личното искуство на анкетираните млади во споменатите случувања,односно негативните однесувања на членовите од семејствата на младите, се случувале поретко кај 44,25% тагаш нашите испитаници биле присутни на овие однесувања, почесто се случувале кај 11,75%, младинци кои знајат дека има појава на негативни однесувања во смејството а немат присуствувано се 12%, односите во семејството се хармонични кај 16,50%, но голем број од младите не сакале да дадат одговор дури 15,50%. Присуството на младите на вакви однесувања може негативно да делува врз развојот на младата личност и наместо семејството да претставува здрава социјална средина, може да биде примарно за развојот на девијантното однесување на младите.

Графикон бр.18. Присуство на такви однесувања




- Конфликтните ситуации во семејството на младите, бруталноста во нивното однесување, мотивите како што се љубомората, повреда на честа, стекнување на материјална корист и нивното разрешување бара подлабока анализа. Овде само ќе споменам како младите се чувствувале кага се присутни на конфликтни ситуации. Притоа, сметаме дека наведеното прашање е во врска со интересот за да дознаеме како се чувствуваат младите кога се сведоци на конфликтни ситуации меѓу нивните најблиски во семејството и ги добивме следните одговори:

Табела бр.22 Како се чувствувате кога сте сведок на конфликтни ситуации:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Повреден | 224 | 56,00 |
| Несигурен | 98 | 24,50 |
| Рамнодушен | 41 | 10,25 |
| Без одговор | 37 | 9,25 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Голема важност на младите како основна референтна група е нивниот социјален развој во семејството. Анализирајки ги податоците во табелата, најчесто младите кога присуствуваат на конфликтни ситуации во семејството се чувствуваат повредени 56,00%, несигурни во себе се изјасниле 24,50%, рамнодушни биле 41 испитаник или 10,25%, без одговор се 9,25%. Причините за ваквото однесување веројатно лежат во нивните нарушени семејни односи, кои не ретко се етиолошки фактор за појавата на конфликтни ситуации, нивната општествена положба, севкупното општествено опкружување, проблемите меѓу одделни членови во семејствот во , фрустрациите итн.

Графикон бр.19. Сведок на конфликтни ситуации




- Врската со алкохолот со другите девијантни и криминални поведенија е многупати истражувана и докажана. Алкохолот влијае врз нарушување на здравјето на човекот (особено на младите), ја менува личноста и нејзините особини, создава психички растројства, ги ослабнува социјалните врски, доведува до економски проблеми. Очигледно алкохолот го менува поведението на луѓето, па оттука состојбата на алкохолизираност е во тесна врска со девијантното поведение. (З, Сулејманов, Н, Стојаноски, 2002)

Користењето на алкохол кај младите се смета за раширена појава, но честопати и други лица од семејството на младите користат алкохол.

Табела.бр.23 Дали некој од семејството конзумира алкохол:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Таткото | 71 | 17,75 |
| Очувот | / | / |
| Мајката | / | / |
| Макеата | 4 | 1,00 |
| Браката | 7 | 1,75 |
| Јас | 79 | 19,75 |
| Поголемиот број пијат | 17 | 4,25 |
| Никој не пие | 186 | 46,5 |
| Без одговор | 36 | 9,00 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Од податоците во табелата можеме да заклучиме дека 46,50 % од испитаниците се изјасниле дека никој не пие, 19,75 % од младите сами конзумираат алкохол или повремено пијат( за викенди, журки, родендени и сл), кај 4,25% поголемиот број од членовите во семејството пијат,кај 1,75% пиеле браќата, кај 1% пие маќеата, дури 9 % од испитаниците се без одговор. Мора да се напомене дека хронични алкохоличари меѓу младите нема, од причина што алкохолот се создава при подолготрајна употреба.

Овие податоци можеме да ги прикажеме со следниот графикон:

Графикон бр.20. Конзумирање на алкохол во семејството




- Семејствата каде е присутен некој порок: алкохол, дрога стануваат извор на девијантни поведенија кај младите.Фактот што како жртви најчесто се јавуваат млади луѓе и дава посебно значење на општеството.Сакавме да дознаеме дали некој од семејството на нашите испитаници користи дрога, при што ги добивме следните резултати:

Табела бр. 24. Дали некој од семејството користи дрога:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Да | / | / |
| Не | 383 | 95,75 |
| Без одговор | 17 | 4,25 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Добиените податоци покажуваат дека кај оваа целна група на млади луѓе, дури кај 95,75% од нашите испитаници никој во семејството не користи дрога, а без одговор се 4,25%, интересно е зошто нашите испитаници не сакале да дадат никаков одговор.

Ако ги анализираме личностите кои користат дрога, најчесто тоа се личности со ниска толеранција на фрустрациите, млади луѓе со ниско ниво на самопочитување, депресивни,пасивни психопати, сочувство на инфериорност или кривица.Но, сепак не сме сигурни во искреностана одговорите, имајки ја во предвид сложеноста на овој проблем. Но, ако одговорите се искрени, тогаш за среќа кај нашите испитаници никој од семејството не користи дрога.

Графикон бр.21. Користење на дрога во семејството




• Како општествено негативна појава проституцијата се среќава од најраните периоди на човековата историја во кои се манифестирала во најразлични облици и пројавувала низа специфичност. Нејзиниот развиен облик сепак се врзува со појавата на големите градови во текот на XIX век и со интензивните миграциони процеси. Денес е раширена со загрижувачки размери на сите континенти, апо осамостојувањето на нашата држава добива манифастни облици и кај нас. Тој факт јасно покажува дека се работи за феномен кој особено брзо се прилагодува на општествените и економските промени и степенот на развој на одредени подрачја. (З, Сујејманов, Н, Стојановски, 2002).Честопати поради немањето на материјални средства, некои од младите се одлучуваат да даваат сексуални услуги за надоместок, но постојат и семејства во кои тоа го прават возрасните. Младите ги прашавме: Дали имате

сознанија дека некој од вашето семејство дава сексуални услуги за надомест? И ги добивме следните одговори:

Табела бр 25. Дали имате сознанија дека некој од вашето семејство дава сексуални услуги за надомест:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Да | / | / |
| Не | 392 | 98,00 |
| Без одговор | 8 | 2,00 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Причините за проституцијата во прв ред се од општествена природа(невработеност, тешки материјални прилики, економската зависност на жената и нејзината општествена нерамноправност, нејзината изложеност на притисок и уцени од страна на сопругот, повозрасните членови на семејството или друг подведувач да се занимава со најстариот занает на светот и сл. Кај нашите испитаници 98,00%се изјасниле дека никој од семејството не дава сексуални услуги за надомест, а 2,00% се без одговор, овие податоци ни покажуваат дека младите живеат во здрава социјална средина.

- Постојат личности кои во основа имаат негативен став спрема трудот и работата, својата егзистенција не ја обезбедуваат со работа, живеат на паразитски начин, се оддаваат на питачење. Економската положба во семе-

јството претставува значаен фактор за развојот на младите, честопати во некои семејства во кои материјалната положба не е добра се одлучуваат за питање.

Табела бр 26. Дали некој од семејството питачи:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Да | / | / |
| Не | 398 | 99,50 |
| Без одговор | 2 | 0,50 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Презентираните податоците во табелата ни покажуваат дека 99,50% од испитаниците се изјасниле дека никој од семејството не питачи, а 0,50% се без одговор. Од ова можеме да заклучиме дека нашите испитаници иако живеат во тешки материјални услови за живот за кој придонесе процесот на транзиција сепак не се одлучуваат да питаат.

- Родителите играат значајна улога за развојот на младата генерација, некои од младите се поврзани само со еден родител, во кого имаат доверба. Податоците за блискоста на анкетираните ученици со родителите ја потврдуваат егалитарноста на заемните односи родители-деца, што го заменија авторитарниот родителски однос во минатото, Затоа ги прашавме: Како ја чувствуваат мајката/маќеата?

Табела бр.27 Како ја чувствуваш мајката/маќеата:

| Како ја чувствуваш мајката/маќеата | Број | % |
|---|---|---|
| Многу блиска | 357 | 89,25 |
| Помалку блиска | 18 | 4,50 |
| На растојание сме | 4 | 1,00 |
| Друго,како | / | / |
| Нема мајка/маќеа | 7 | 1,75 |
| Без одговор | 14 | 3,50 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Според презентираните податоци може да се види дури 89,25% од младите се изјасниле дека мајката ја чувствуваат многу блиска, 4,50% помалку блиска,1,00% се на растојание од својата мајка, 1,75% немаат мајка, а без одговор се 3,50%. Јасно се покажува дека мајката има поголема и поодговорна улога околу децата. Тоа зборува за се уште постоење на патријахални остатоци од семејниот живот во однос на децата.Наспроти ова познато е дека примарната социјализација може да биде успешна , само со заемно учество на двајцата родители. Имајки го ова во предвид, треба почесто да се укажува на родителите дека на младата личност му требаат двата родитела, а љубовта и блискоста на таткото не смее да се замени со пари или да се смета за помалку важна во воспитувањето.

- Непотполни семејства се оние во кои од различни причини недостасува едниот родител: поради смрт, болест, привремена работа во странство и

младите се понаклонети со родителот со кој живеат. Дел од младите се понаклонети кон својот татко, сакавме да дознаеме како го чувствуваат својот татко,очувот.

Табела бр 28 Како го чувствуваш таткото/очувот:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Многу близок | 312 | 78,00 |
| Помалку близок | 36 | 9,00 |
| На растојание сме | 7 | 1,75 |
| Друго,како | / | / |
| Нема татко/очув | 6 | 1,50 |
| Без одговор | 39 | 9,75 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Евидентно е дека најчесто младите својот татко го чувствуваат многу близок за кои се изјасниле 78,00%, помалку близок го чувствуваат 9,00%, кај 1,75% од младите постои растојание меѓу нив и таткото, 1,50% немаат татко и живеат со очувот, а 9,75% се без одговор. Блискоста со родителите влева сигурност меѓу младите, оние кои живеат со родителите и се во блиски односи имаат доверба во самите себе и во средината во која живеат.

- Заедничкиот пристап на двајцата родители во воспитувањето и образувањето на младите придонесува за постигање до поголеми резултати. Податоците за блискоста на анкетираните млади со членовите од потесното

семејство ја потврдуваат егалитарноста на заемноте односи родители - деца, што го заменија авторитарниот родителски однос во минатото.

Табела.бр 29. Кој од семејството или од роднините го чувствуваш најблизок:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Мајка | 334 | 83,50 |
| Татко | 21 | 5,25 |
| Брат/Сестра | 11 | 2,75 |
| Други роднини | 5 | 1,25 |
| Без одговор | 29 | 7,25 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Според презентираните податоци станува јасно, евидентно е дека дека најголем дел од младите 83,50% најблиска ја чувствуваат мајката, отколку 5,25% се блиски со таткото, 2,75% имаат блиски семејни односи со братот или сестрата, 1,25% се блиски со други роднини, а 7,25% од младите испитаници останале без одговор. Наспроти ова познато е дека примарната социјализација на младите може да биде успешна со заемното учество на двата родитела. Можеме да заклучиме дека младите сепак се понакломети кон своите мајки одколку кон другите членови во семејството,но само мајката неможе да го даде потребниот квалитет на воспитување и често претставува етиолошки фактор за запаѓање на младата личност во вршење на девијантни дејства.

Б) Односи со другарите и средината

- Постојат различни сфаќања за поврзаноста т.е.причинетоста на односите на другарите и средината како фактор за девијантното однесување на младите.Според едно сфаќање девијантните дејства кај младите се последица на неангажираност, според друго сфаќање девијантноста е последица на задоволување на нивните потреби за игра и разонода, додека третото сфаќање тргнува од тоа дека недостатокот на игра и дружење во голема мера можат да придонесат кај младите да се појават разни видови на девијантно однесување.

Групата на врсници, во секој животен период, особено во младоста има најголемо влијание врз поединецот. Овие групи поправило се среќаваат во завршните одделенија на основното училиште, а особено во средното училиште. Бидејки личноста на младиот човек во тој период е во процес на вообличување, групите на врсници играат улога на минлива форма некој вид на "колективна свест" во која се бара потврда на своите ставови. Ваквите групи формираат сопствена филозофија, која често се одликува со препознатливост на надворешните обележја, по начинот на облекување, по фризурата, по специфичниот говор, по посебните места на собирање. Во некои од овие групи алкохолните пијалоци се појавуваат како елемент на заедништвото. Со алкохолот најчесто оди и девијантно однесување. Затоа на нашите испитаници им го поставивме прашањето: *Со кого најчесто се дружиш?*

Табела бр 30 Со кого најчесто се дружиш:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Со другари од училиштето-врсници | 236 | 59,00 |
| Со другари од соседството различна возраст | 58 | 14,50 |
| Од училиштето и соседството | 64 | 16,00 |
| Од други делови на градот | 7 | 1,75 |
| Немам постојани другари | 5 | 1,25 |
| Почесто сум сам/а | 9 | 2,25 |
| Без одговор | 21 | 5,25 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Од податоците во табелата можеме да добиеме јасна слика дека најчесто младите се дружат со другари од училиштето 59%, од училиштето и соседството 16%, со другари од семејството се дружат 14,50%,без одговор се 5,25% од испитаниците,2,25% нај-често се сами, 1,75% имаат другари од другите делови од градот, а само 1,25% немаат постојани другари.Од сите податоци во табелата можеме да заклучиме дека училиштето претставува во поголем број случаи пресуден фактор за дружењето на младите. Овие податоци можеме да ги претставиме со графикон:

Графикон бр.22 Дружење на младите




- Родителите најчесто настојуваат младата личност да ги усвои општествените норми, и од тоа ќе зависи дали младата личност, ќе има доверба во другите луѓе, дали во него ќе преовладува надеж, оптимизам, волја или непријателски став кон другарите и социјалната средина. Иако добивме податоци дека младите во Скопје, најчесто се дружат со другари од училиштето во кое учат, сепак сакавме да дознаеме, дали постојат критериуми според кои младите ги избираат другарите:

Табела бр 31. Според кои критериуми ги избираш другарите:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Карактерните особини | 271 | 67,75 |
| Материјалната положба | / | / |
| Успехот во училиштето | 13 | 3,25 |
| Нивното поведение | 34 | 8,50 |
| Без критериуми | 23 | 5,75 |
| Немам постојани другари | 7 | 1,75 |
| Без одговор | 52 | 13,00 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Од податоците добиени од нашето истражување можеме да заклучиме дека,најчесто младите своите другари ги избираат по каректерните особини 67,75%, според нивното поведение 8,50%,без критериуми се 5,75%,немаат постојани другари 1,75%,а без одговор се дури 13% од испитаниците.Младите се дружељубиви, имаат свои другари, другарите ги избираат според свое убедување, но интересен е податокот дека ниту еден испитаник не ги бира своите другари според материјалната положба. Овие податоци можеме да ги видиме на следниот графикон:

Графикон бр.23. Критериуми за избор на другарите




• Социјалните контакти на младите луѓе се прошируваат и во слободното време и начинот на неговото организирање дружење преку членување во формални организации од спортски, културно забавен, хуманитарен, верски карактер, како и некои невладини организации кои може да има позитивни и негативни последици. Како последица на неадекватното искористено слободно време, во социолошките истражувања е дојдено до сознание дека слободното време е причината повеќе млади да се однесуваат девијантно и слободното време го користат на различен начин од своите врсници кои слободното време го користат за позитивни цели. Затоа младите испитаници ги прашавме : Дали членуваш во некоја организација?, при што ги добивме следниве одговори:

Табела.бр. 32. Дали членуваш во некоја организација:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Спортска | 98 | 24,50 |
| Хуманитарна | 14 | 3,50 |
| Верска | 19 | 4,75 |
| Културно-уметничка | 11 | 2,75 |
| Невладина | 14 | 3,50 |
| Друга,која | 16 | 4,00 |
| Не членувам | 211 | 52,75 |
| Без одговор | 17 | 4,25 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Развојот на овие особини има посебно значење во развојниот период на младите, кој по многу нешта, како што спомнавме е доста специфичен. Поаѓаме од мислењето дека во нашето денешно време луѓето имаат се поголема потреба да се зближуваат, културно да се издигаат, да се стремат кон интелектуални задоволства, да нема конфликти и вршење на девијантни дејства.

Од добиените податоци од нашето истражување кај младите средношколци во Скопје, можеме да заклучиме дека 52,75% не членуваат во ниту една организација, 24,50% се занимаваат со спорт, 4,75% членуваат во верски организации, што претставува голем процент на млади луѓе да членуваат во верски заедници,2,75% во културно-уметнички друштва,4% се изјасниле дека членуваат во други организации, во хуманитарни организации младите се вклучени со 3,50%, но интересен е податокот што 4,25% се без одговор. Оние

млади кои не го ценат и прифаќаат дружењето во организирани групи и неговите позитивни ефекти, се повлекуваат во себе и не ретко се прифатени од другари со сомнително поведение. Податоците за членувањето во некоја организација можеме да ги претставиме со следниот графикон:

Графикон бр.24. Членување во некоја организација




• Кризните состојби што ги предизвика транзицијата во македонија, се наоѓаат во непосредна врска со манифестните форми на девијантно однесување на младите. Објаснувањата за ова лежат во ограничените можности за задоволување на многубројни потреби и во кризата на општествените вредности, кои ги поместуваат границите на толеранција. Тоа повратно го потикнува девијантното однесување, особено кај младите, Што во многу случаи станува вообичаена и раширена појава. Од друга страна,деструктивното однесување кај

младите, со негативни ефекти од различна содржина и вид, ги следат стеснатите можности и немоќта на општественитеинституции (МВР, социјалните служби и училиштата), посериозно и на соодветен начин да се однесуваат спрема причините и последиците од деструктивните однесувања. Ставовите на младите за деструктивните однесувања, се значајни за понатамошното истражување и превземање на соодветни мерки. Најчести одговори се дека најчесто конзумираат алкохол, дрога, тепачки по кафулиња.

Табела.бр.33. Според тебе, кои деструктивни однесувања кај младите најмногу загрижуваат:

| | Воопшто не (број) | % | Делумно (број) | % | Многу (број) | % | Вку-пно | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Употреба на алкохол | 187 | 46,75 | 126 | 31,50 | 87 | 21,75 | 400 | 100,00 |
| Користење дрога | 321 | 80,25 | 66 | 16,50 | 13 | 3,25 | 400 | 100,00 |
| Бегање од часови | 298 | 74,50 | 95 | 23,75 | 7 | 1,75 | 400 | 100,00 |
| Ситна кражба | 388 | 97,00 | 12 | 3,00 | / | / | 400 | 100,00 |
| Тешка кражба | 400 | 100.00 | / | / | / | / | 400 | 100,00 |
| Тепачки во кафулиња и дискотеки | 374 | 93,50 | 17 | 4,25 | 9 | 2,25 | 400 | 100,00 |
| Тепачки во градски автобус | 389 | 97,25 | 8 | 2,00 | 3 | 0,75 | 400 | 100,00 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Тепачки меѓу групи во училиштето | 374 | 93,50 | 19 | 4,75 | 7 | 1,75 | 400 | 100,00 |
| Носење на пиштол, нож и слично | 398 | 99,50 | 2 | 0,50 | / | / | 400 | 100,00 |
| . Учество во вршење на кривични дела | 374 | 93,50 | 23 | 5,75 | 3 | 0,75 | 400 | 100,00 |
| . Друго, што | / | / | / | / | / | / | 400 | 100,00 |
| . Нема загрижувачки однесувања | 367 | 91,75 | 17 | 4,25 | 16 | 4,00 | 400 | 100,00 |
| . Без одговор | / | / | / | / | / | / | 400 | 100,00 |

Одговорите на анкетираните млади ги потврдеуваат досегашните сознанија за алкохолизмот кај младите, а се однесуваат на тоа дека младиот човек посегнува по чашката за да ја истакне зрелоста, машкоста, силата, сериозноста, за де се афирмира во средината, за да се идентификува со некој возрасен, да го компензира чувството на инфериорност и сл. Презентираните податоци многу јасно покажуваат дека: многу алкохолни пијалоци употребувале 21,75%,делумно 31,50 %, а воопшто не употребиле алкохол 46,75%,еден позитивен податок кај младите е дека 80,25% никогаш не употребиле дрога,16,50% делумно,а 3,25% многу употребуваат дрога.Честа појава кај младите е бегањето од часови дури 74,50% од младите не бегаат воопшто од часови, 23,75% делумно отсуствуваат од часови,а само 1,75% од младите многу често бегаат од часови.Ситните кражби само 3% се изразени кај младите,а 97,00% никогаш не се занимавале со ситни кражби, со тешки кражби никој од нашите испитаници не се занимавал. Со чести тепачки во дискотеки се судриле 2,25%,а 4,25% делумно учествувале во тепачки, а воопшто не учествувале 93,50%. Тепачките во градски автобус се 0,75%многу чести, делумно учествувале 2%, а никогаш не учествувале 97,25%.Чести тепачки по-

меѓу групи во училиштето се 0,75%, делумно учествувале во тепачки 4,75%, а воопшто што не учествувале во тепачки се 93,50%. Носењето на пиштол, нож, меѓу младите не е многу застапено, делумно носеле 0,50%, а воопшто не носеле 99,50%. Само 3 испитаници или 0,75% учествувале во вршење на кривични дела, делумно учествувале 5,75% а воопшто не учествувале 93,50%. За немање загрижувачки однесувања се изјасниле 91,75%,а 4,25% сметаат дека има делумни загрижувачки однесувања, а 4% сметаат дека има многу загрижувачки однесувања.

- Со желба да го продлабочиме истражувањето, на прашањето каде младите ги гледаат причините за девијантното однесување меѓу своите врсници, се определивме во одговорите да издвојат по една од повеќето причини кои доведуваат до манифестни форми на девијантно однесување кај младите во периодот на транзиција. Истражувачите на девијантните однесувања настојуваат емпириски да ги идентификуваат негативните влијанија кои претставуваат најчести причини за девијантното однесување на младите.

Табела бр34. Кои се најчести причини за девијантното однесување на младите:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Проблеми во семејството | 126 | 31,50 |
| Проблеми во образовниот систем | 84 | 21,00 |
| Општествена негрижа за младата генерација | 58 | 14,50 |

| | | |
|---|---|---|
| Празнини во воспитувањето на младите | 73 | 18,25 |
| Влијание на западниот кич во однесувањето | 21 | 5,25 |
| Не можам да оценам | 11 | 2,75 |
| Без одговор | 27 | 6,75 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Според презентираните податоци, евидентно е дека, генерално гледано, кај 31,50% од нашите испитаници сметаат дека најчеста причина за девијантното однесување на младите се проблемите во семејството, потоа значително делување или 21,00% од младите сметаат дека проблем претставува воспитно-образовниот систем, 18,25% сметаат дека празнините во воспитувањето на младите се значајни за девијантното однесување на младите. Општествена негрижа за младата генерација сметаат 14,50%, загрижува податокот што 6,75% од нашите испитаници не можат да се изјаснат за прашањето или се без одговор, влијанието на западниот кич е 5,25%, а не можат да оценат 2,75% од испитаниците.

Овие податоци можеме да ги претставиме на следниот графикон:

Графикон.бр.25 Причини за девијантно однесување на младите




- Во однос на тоа каде се лоцираат причините кои имаат најголемо влијание на девијантното однесување на младите, како еден вид на манифестна форма на девијантно однесување ќе ги издвоиме и сериозните судири помеѓу учениците. Во основа повеќе социолошки фактори можат да доведат до такви однесувања.

Честотати сме сведоци на секојдевни судири помеѓу младите во Скопје, судирите се случуваат во : училиште, во автобус, по кафулиња, во овие судири се вклучени млади личности од сите возрасти и националности. При анализата на ова прашање, интересно е да се согледа, колку често се случуваат овие сериозни судири и затоа сакавме да дознаеме колку нашите испитаници се вклучени во тие судири:

Табела бр.35. Дали сте имале сериозни судири со соучениците:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Често | 24 | 6,00 |
| Понекогаш | 287 | 71,75 |
| Никогаш | 78 | 19,50 |
| Без одговор | 11 | 2,75 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Сметаме дека изнесените податоци многу објективно и реално ни покажуваат дека,судирите со соучениците се случувале понекогаш 71,75%, често се случувало кај 6% од младите, никогаш не стапиле во судир со соучениците 19,50%, никогаш немале судир со соучениците 19,50%, а без одговор се 2,75%.

Одговор на горенаведеното прашање е дека поединецот секое, па и во девијантното поведение не го превзема само тогаш кога во него се вкоренети нормален став и нормални надежи.(З, Сулејманов, Н,Стојановски, 2002 )

Графикон бр.26 Судири со соучениците




• Начинот на користење на слободното време од страна на младите во нашата држава, укажува на недоволната грижа на државата да создаде институции каде младите би го поминувале слободното време на општествено корисен начин. Преферирањето на спортските, културните, рекреативните активности на државата би биле силен превентивен фактор врз јавување на асоцијални и антисоцијални поведенија кај младите, бидејки, како што сметаат некои автори(Seccaldi)., престапништвото на младите е производ на злоупотребата на слободното време.(Јашовиќ, Ж,1988)

Табела бр.36 Каде го поминувате слободното време со пријателите:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Низ кафулиња | 144 | 36,00 |
| Во спортско-рекреативни центри | 98 | 24,50 |
| Кино, театар | 13 | 3,25 |
| Библиотека | 11 | 2,75 |
| Интернет | 65 | 16,25 |
| На улица | 52 | 13,00 |
| Без одговор | 17 | 4,25 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Најголем број на младите во Скопје,36,00% своето слободно време го користат во кафулиња, 24,50% во спортско-рекреативни центри, дури 16,25% од вкупниот број на испитаници своето слободно време го поминуваат седењето покрај компјутер-интернет,3,25% одат на кино или театар, а само 2,75% одат во библиотека, голем број од испитаниците или 13,00% своето слободно време го поминуваат на улица, а 4,25% се без одговорМладите во овој животен период имаат потреба и од други субјекти во средината , каде ќе го поминат своето време.

Графикон бр.27 Поминување на слободното време




- Значаен фактор за појавата на девијантните однесувања е слободното време на младите, односно како тие тоа го поминуваат. Од начините на кои родителите настојуваат младите да се вклучат во општествениот систем и да ги да ги усвои општествените норми ќе зависи како младата личност ќе ја стекне основната доверба во другите луѓе, во другарите и во себе. Од повратната спрега на младата личност со средината ќе зависи дали кај неа ќе преовладува надеж, оптимизам, волја или непријателски став кон околината.

Затоа на нашите испитаници им го поставивме прашањето: Како го поминувате слободното време со пријателите?

Табела бр. 37. Како го поминувате слободното време со пријателите:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Разговарате | 297 | 74,25 |
| Заедно ги извр. дом.обврски | 54 | 13,50 |
| Одиме во кино, театар | 38 | 9,50 |
| Без одговор | 11 | 2,75 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Податоци на нашите испитаници покажуваат дека младите луѓе се дружељубиви, своето слободно време со пријателите го поминуваат во разговор 74,25%, а 13,50 % кога се заедно со своите пријатели ги пишуваат домашните обврски, што значи ги исполнуваат обврските во училиштето кои ги налага воспитно-образовниот систем, 9,50% одат во кино или театар а само 2,75% од испитаниците останаа без одговор. Чувството на меѓусебна доверба, љубов и другарство доколку се научи во детството, личноста ќе придонесе да израсне во возрасен со позитивни особини, со чувство на независен, верба во своите способности и со добри социјални контакти со своите врсници и околината.

Ова податоци можеме да го претставиме со графикон.

Графикон бр.28 Слободно време со пријателите




- Проучувањето на манифестните форми на девијантното однесување на младите, на неговата феноменологија и етиологија, причините и успешната превенцијата и сузбивање на оваа негативно општествена појава. Оттука и комплексното согледување на оваа појава подразбира осврт и практика на превенција на девијантното однесување. Меѓутоа, непосредливо поголема важност има даваат на семејните проблеми, отколку на општествената негрижа. Влијанието на непосредните општествени причини и услови кои доведуваат до манифестни форми на девијантно однесување на младите е предмет на нашето истражување.

Табела бр. 38. Образложи една од причините за која сметаш дека е највлијателна за девијантното однесување на младите кај нас:

| | Број | % |
|---|---|---|
| Сиромаштија | 23 | 5,75 |
| Конфликти во семејството | 27 | 6,75 |
| Проблеми во училиштето | 56 | 14,00 |
| Разочараност во љубовта | 72 | 18,00 |
| Лошо друштво | 63 | 15,75 |
| Без одговор | 59 | 14,75 |
| Вкупно | 400 | 100,00 |

Како највлијателна причина за девијантното однесување на младите нашите испитаници сметаат дека е разочараноста во љубовта, лошото друштво е 15,75%, проблемите кои се јавуваат во училиштето се 14%, конфликти во семејството се 6,75%, а сиромаштијата е причина кај 5,75% за девијантно однесување на младите. Без одговор останале 14,75% од испитаниците. Но сепак во функција на целосно објаснувањето на девијантните појави кај младите не смее да се пренебрегне и прашањето:*зошто еден дел од младите кои живеат во исти околности, на иста ситуација реагираат со девијантно однесување, а други млади тоа не го прават.*За да се намалат девијантните однесувања на младите потребно е:

Да се укинат сите економски нееднаквости, целосно да се сопре невработеноста, да се отстрани влијанието на сите ендогени и егзогени криминогени фактори се покажа голема цивилизациска утопија од која, за жал, денес многумина (меѓу кои се наоѓаат и бројни социопатолози и криминолози )

се уште не се откажуваат. Историските процеси на човековиот индивидуален и општествен развој несомнено покажаа дака тоа едноставно не може да се стори барем во следните неколку милениуми.(З, Сулејманов, Н,Стојаноски, 2002 )

Графикон.бр 29. Причина за девијанто однесување на младите




Од онашто може да се заклучи е дека младите кои покажуваат девијантни дејства потекнуваат од семејства со лоши или просечни материјални услови. Најголемиот дел сепак се жртви на транзицијата, бидејки во минатото имале подобар живот: материјалните приходи во семејството биле повисоки. Меѓутоа со оглед на нивниот понизок образовен и квалификационен степен на

родителите на младите, евидентно е дека во изминатиов период се соочувале и се соочуват со низа проблеми од егзистенцијален карактер.

Според перцепцијата на младите, во нивниот развој или т.н. соци-јализација, повеќе фактори можат да се јават како причина, но во основа тие се интерни и се фокусираат на семејството и влијанието на социо-економските фактори.

Од тука не е тешко да се претпостави и влошување на целокупните семејни односи и создавање на неповолна семејна клима, која негативно се одразува врз однесувањето на младите, која е неотпорна на негативните надворешни влијанија.

## 1.4. Превенција на девијантно поведение

Девијантното поведение на младите од секогаш повлекувало општествена реакција. Во најраната фаза од човековото општество, реагирањето на кршењето на општествените прописи имало исклучиво ретрибутивен, односно приватен карактер (крвна одмазда), за да потоа поприми карактер на општесвена (јавна) одмазда.

Меѓутоа , уште во Античка Грција се среќаваат идеи за превоспитување на деликвентите со потреба од прилагодување на постапката спрема нивната возраст. И покрај тоа,се до крајот на XIX век општествената реакција имала исклучително ретрибутивно-репресивен карактер односно малолетниот девијант бил третиран како "девијант во минијатура". Денешната општествена реакција на девијантното поведение се повеќе отстапува место на процесите на превоспитување и ресоцијализација, иако репресивниот карактер не е докрај напуштен.

Општиот ***поим на превенција*** на девијантно однесување, всушност, го опфаќа целокупниот систем на меѓусебно усогласени мерки и активности со кои општеството и неговите институции настојуваат да се спротивстават на оваа појава. Превентивниот систем опфаќа редица на широко сфатени активности со кои преку општествено-политички, економски, социјални, здравствени, правни и други мерки се дејствува во правец на укинување или ублажување на етиолошките фактори на девијантното поведение на младите.

Современата девијантна политика, во рамките на превенцијата на девијантното однесување на младите се базира на специфичниот кривично-правен третман кој го имаат младите прекршители на правните норми. Од друга страна, системот на санкции спрема младите е одделен од системот на санкции кои се применуваат спрема полнолетни лица. За положбата на младите лица и примената на санкциите спрема нив, веќе е зборувано претходно во овој труд. Овде само ќе повторам дека санкционирањето на девијантното однесување на

младите е засновано на настојувањето да се обезбеди заштита, грижа и превоспитување на младите, првенствено во нивната природна средина.

Меѓутоа, кривичните и прекршочните санкции се јавуваат откако ќе биде сторен престапот, па затоа имаат карактер на задоцнети мерки. Поради тоа воспитните мерки и казни не можат да се сметаат како доволно средство за спречување на оваа појава. Затоа современата општествена практика, заснована на научни сознанија, инсистира на поширок систем од активности од страна на голем број на институции со цел за спречување на оваа појава. Организираното учество на општеството на општеството се остварува преку: приватни, верски, општествени и државни фактори на превенцијата кои се разликуваат од земја до земја.(Арнаудовски, Љ,1983)

Превенцијата треба да биде организирана на три нивоа (видови): ***ойшто*** (примарна), ***йосебно*** (секундарна) и ***йоединечно*** (терцијална) ниво. *Примарнаша* превенција е насочена кон создавање услови за промена на непосредната средина во која се чувствува негативното влијание на девијантните фактори. *Секундарнаша* превенција е насочена кон млади кои веќе пројавиле поблаги форми на девијантно поведение. Нејзината цел е спречување на натамошното девијантно однесување преку делување врз неповолните општествени причини и услови. *Терцијалнаша* превенција претставува пос-тапка поединечно со потенцијалните девијанти, со цел да се спречат да се впуштат во девијантно однесување. Значи, се работи со лица кои не пројавиле престапничко поведение, но со оглед на констелацијата на фактори, тоа може да се очекува. (З, Сулејманов, , 2001)

Корените на сите девијантни појави, па и малолетничката деликвенција, лежат во самото општество (сиромаштија, невработеност, економска сигурност, социјална исклученост итн.) Затоа, *државаша* како главен носител на превенцијата мора да организира систем на институции, кои низ континуиран и усогласен ангажман ќе влијаат врз сите девијантни фактори. Државата во прв

ред, мора да води сметка за подобрување на стандардот на населението, подигнување на степенот на образование, подигнување на нивото на здрав-ствена и социјална заштита, обезбедување на можности за задоволување на културните потреби, организирање на слободното време и сл.

Улогата на *семејството* во превенција на девијантното однесување, со оглед на неговата функција, е неспорна.Имено кога семејството успешно ги извршува своите функции (социјално-економска, емотивна, воспитна итн.), лесно ги неутрализира бројните негативни ефекти на општествените и индивидуалните влијанија кај младите. Меѓутоа, кога не ги извршува своите функции, односно кога се работи за дезорганизирано семејство, веројатноста за станување на примарен фактор на девијантното однесување е голема. Современото семејство се наоѓа на големи искушенија и проблеми во остварување на своите природно определни. Општествените промени и проблеми не можат да го заобиколат семејството како основна  единица на самото општество. Затоа, во голем број на други земји се преземаат општествени мерки со кои се настојува да му се помогне на семејството со превземање, или поточно надополнување на дел од неговите функции. Тука пред се, се мисли на надоместување на недостатоците во остварувањето на правилно воспитување и насочување на младите лица. Тоа се најразлични социјални служби во вид на семејни советувалишта, сервиси за помош, служби за прилагодување во нови услови на живеење, младински центри и друг вид на институции кои имаат за цел пружање на помош на семејството за секаков вид на проблеми кои би можеле да го потресат и онеспособат да ја извршува својата улога во воспитанито на младите.

*Училиштето* најчесто се разгледува како рамноправен фактор на семејството во процесот на социјализација. Училиштето претставува продолжение на процесите започнати во семејството , па затоа мора да постои усогласеност помеѓу училишниот и семејниот модел на поведение. За да ја постигне превентивната функција, училиштето би морало да ги проширува своите

функции надвор од образовниот процес преку најразновидни вонучилишни и воннаставни облици на работа, креативно организирање на слободното време, развој на творечките способности на младите итн. За жал, во нашата земја целокупниот систем на образование е застарен, се инсистира на образовноста, а се занемарува воспитната компонента, постои слаба материјална и кадровска опременост и други бројни проблеми. Затоа, училиштето наместо превентивен станува девијантен фактор. Меѓутоа, поради емпириски утврдената врска меѓу лошиот образовен статус на младите и нивното девијантно однесување, училиштето мора да ја поврати својата превентивна дејност, пред се благовремено да ги идентификува девијантите и преддевијантните поведенија на младите( слаб успех, бегање од училиште, пушење користење на алкохол, дрога, агресивност итн.), за да навремено бидат превземени релевантни мерки.

Со процесот на децентрализација во нашата држава, голем дел од надлежностите на централната се префрлаат во рамки на локалната власт. Со оглед на тоа дека младите и социјалната заштита (меѓу другите ингеренции), ќе потпаднат под локално ниво, општините ќе мора да изнајдат начин за рационално и креативно користење на *слободнош̄о* време на младите. Општинските власти, во координација со училиштата и другите институции, би требало да изградат спортски терени, сали и базени, да формираат младински клубови со активности од културно-уметнички и технички вид, да организираат разни собири од натпреварувачки карактер и сл.

Постои поделеност помеѓу теоретичарите во поглед на влијанието на *мас-медиумиш̄е* врз поведението на луѓето. Не навлегувајќи во тоа, сепак може да се сложиме со оние кои сметаат дека во современи услови на живеење печатените, а особено електронските медиуми добиваат се поголема улога во развојот на личноста на младиот човек. Преголемото присуство на агресивни содржини, содржини кои го прикажуваат бесмислениот живот, или пак го фаворизираат лесниот начин на заработка, содржини со кои се вулгаризира сексуалноста и слично, секако влијаат негативно врз сеуште неоформената

личност. Оттука превентивната улога на мас-медиумите би се состоела од содржини со кои се осудува девијантноста како појава, како и содржини со кои се популаризираат превентивните мерки.

*Центрите за социјална работа* имаат голема улога во областа на правното третирање на девијантното однесување на младите. Нивните ингеренции се однесуваат како на претходната и судска постапка, така и во текот на извршувањето на воспитните мерки и прифаќање на младите по извршување на заводските мерки. Центарот е ангажиран во целиот период додека е во прашање млада личност која е извршила девијантно дејство. Центарот треба да ги собира податоците и да ја следи младата личност, условите на неговиот живот и можностите за развој, да предлага соодветни постапки и воспитни мерки, непосредно да учествува во извршувањето на мерките и конечно да обезбеди прифаќање на младата личност и помош во вклучување на нормалниот живот.(З, Сулејманов, Криминална политика, Графохартија, Скопје,2001)

Својата превентивна улога Центарот не ја исцрпува само при работата со младата личност. Напротив, Центарот во рамките на општата превенција превзема мерки за создавање на што поповолни услови за семејството-форми на општествена заштита на младите, поволни услови за школување итн. Понатаму, во рамките на посебната превенција, Центарот пружа сестрана помош на семеј-ствата кои од најразлични причини не успеваат да ги извршат своите функции. Ова е најкраткиот опис на неговите (потенцијали) превентивни активности, но се чини доволенза да се сфати неговата битна улога во превенцијата на девијантното однесување.

Улогата на *Министерството за внатрешни работи* во превенирањето на оваа појава се огледа од навремено откривање на девијантното, уште подобро преддевијантното поведение кај младите. Со тоа значително се придонесува во навремено превземање на мерки за секундарна превенција и се обезбедува нивна ефикасност.

Со оглед на своите надлежности во поглед на селекцијата на младите против кои нема да се покрене или подоцна ќе се запре постапката, *Јавнојто обвинијтелсјтво* истотака има голема голема улога во рамките на секундарната превенција.

Превентивната улога на *Судојт* се состои во избор на кривичната санкција, како и надзор над нејзиното извршување.Од тука може да се согледа дека Судот има клучна улога во секундарната превенција на девијантното однесување.

Набројувањето на институции кои помалку или повеќе можат да влијаат врз спречувањето на девијантното однесување, која е од интерес на овој труд може и понатаму да продолжи. Сепак, она што е најзначајно е дека превенцијата може да се темели на еден усогласен ангажман на сите инволвирани страни. Без заеднички координиран пристап на сите институции, вклучително и граѓаните, не можеме да очекуваме подобрување на состојбите на овој план.

# ЧЕТВРТИ ДЕЛ

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Прв заклучок кој се наметнува при обидот за објективно следење на појавата наманифестните форми на девијантното однесување на младите во локални рамки ,во Скопје е дека постојат низа *проблеми при собирањето на податоци од различните извори.* Имено, институциите кои ја следат појавата на девијантното однесување во нашата земја не се усогласени во поглед на евидентирањето на истата, постојат различни критериуми во дефинирањето на самиот поим, но и некоординираност помеѓу нив. При тоа се добиваат податоци кои се неспоредливи меѓу себе, а може да се дојде до оценки и заклучоци кои се контрадикторни помеѓу себе, а се однесуваат на една иста појава за исти временски интервали. Кога не сето тоа ќе се додаде и високата"темна бројка"(неоткриени случаи), која е многу висока кај девијантното однесување, стануваат многу релативни податоците за појавните облици, обемот или динамиката на оваа појава. Особено е тешко следењето на девијантното однесување на младите, бидејќи постои многу слаба соработка меѓу Центрите за социјална работа и Министерството за внатрешни работи.

Периодот на транзиција ги поткопа темелите на целокупниот општествено-економски систем. Потресите се почувствуваа во сите сфери од животот и ги погодија сите општествени групи. Младите, како ранлива категорија, на низата промени кои се случија за краток временски интервал честопати реагираа неадекватно.Токму од тој аспект во овој труд беа испитувани влијанието на социо-економските фактори врз манифестните форми на девијантното однесување на младите во периодот на транзиција во Скопје.

Заклучоците кои произлегоа , се следниве:

2. Генерално, ***обемот на манифестните форми девијантното однесување*** во нашата земја по првичните години од транзицијата е во благо

покачување. Со оглед на тешкиот период низ кој се уште минува Република Македонија, тоа е тешко објасниво зголемувањето на девијантното однесување во првите транзициони години веројатно е резултат на првичниот шок од промена на целокупниот политички и економски систем, распаѓањето на бившата држава и војните кои произлегоа од распадот, несигурноста и неизвесноста во поглед на иднината,промена на вредносниот систем и многуте други промени имаа свој рефлексија и врз девијантното поведение на младите.

Периодот на 1996 год. и 1997 год. е период на донесување но новиот Кривичен законик на Република Македонија во кој одделни полесни кривични дела не се гонат повеќе по службена должност и не се евидентираат во статистиката. Полициските анализи говорат дека во 2001 год. и 2002 год. девијантното однесување е во опаѓање поради воениот и поствоениот период. Тоа е периодот на етнички конфликт во кој МВР своите расположиви средства ги стави во одбрана на државата, додека младите девијанти беа ставени во втор план. Еден од факторите за опаѓање на обемот на девијантното однесување во поголемит дел од транзициониот период на Република Македонија, веројатно е резултат и на самиот тип на политички систем. Односно, усвојувањето на демократските начела придонесе за продор на хуманистичките тенденции во работата на органите на кривичниот прогон. Министерството за внатрешни работи во своето дејствување се почесто применува мерки на разговор и укажување на штетноста од девијантното однесување на младите, наместо нивно апсење и репресија. Оваа толеранција спрема девијантното однесување на младите во Република Македонија делумно го објаснува девијантното поведение(статистички), но од друга страна, предупредува дека реално не постои пад на обемот на девијантните однесувања на младите. Сепак, подетално навлегување во причините за ваквиот тренд на појавата во Скопје, бараат подробна и посестрана анализа која не се базира само на статистика.

3. ***Учеството на женскиот пол*** во вршењето на девијантни дејства во периодот од 1965-2005 година се движи од 2,2% до 7,1%. Во нашиот истра-

жувачки примерок немаше ниту едно лице која покажува девијантни дејства. Биопсихолошките особини на младите од двата пола, доаѓаат до израз во периодот на пубертетот и адолесценцијата.

4. Традиционалната ***семејна поврзаност на младите со своите родители,*** животот во семејство каде децата не се родени во брак, непотполното семејство придонесува за појава на девијантни дејства, кои особено се манифестираат во периодот на младоста. Кај нашите испитаници само 4,25% од младите се родени во вонбрачна заедница. Но, вклучувањето на институциите (училиште, Центар за социјална работа), може значително да влијаат за подобрување на нивната положба.

5. ***Успехот во училиштето*** на младите е значаен показател за развојот на младите. Општеството му доверило задача на училиштето задача на младите да им обезбеди поквалитетно усвојување на знаења, вештини, формирање на морални, културни и други општествени навики. Најголем број од учениците се со многу добар успех 35,50%, со добар успех 32,75%, одлични се 25%, доволни се 4,75% а само 0,25% се со слаб успех.

6. ***Семејството*** е општествена заедница, во која се одвива животот на младите кој започнива од самото раѓање и во која се одвива и обликува животот на младата личност. Утврдувањето на индивидуалните карактеристики за живототна младите во семејството претставува важен елемент за определување на ети-олошките аспекти на појавата. Кај нашите испитаници 82,25% живеат заедно со своите родители, кај 5,57% родителите се одвоени на 2,50% од испитаниците таткото е починат, живеат само со мајката,кај 5,75% родителите се одвоени , кои можат негативно да влијаат врз развојот на младата личност, од нив 2,00% живеат со таткото, мајката е починатa, 1% од младите испитаници живеат со таткото, родителите им се одвоени, но 1,75% живеат со роднини од различни причини и без одговор останаа 1,75% од испитаниците.

7. ***Социо-економските фактори*** во семејството претставуваат значаен фактор за развојот на младите во општеството и прилагодувањето во соци-

јалната средина.. Најголемиот број на семејства егзистираат со над 10 000денари 81,00% или 324 семејства,9% живеат со месечни приходи од 8000-10 000, 5,75% живеат со месечни приходи од 5000-8000 денари, а 4,25% се наоѓаат во крајно лоша материјална положба и се на линија на егзистенцијален минимум, живеат со парични средства до 5000 денари, потекнуваат од сиромашни семејства, односно од семејства со ниски месечни приходи. Во реалниот свет постојат повеќе семејства кои се деградирани и дефициентни каде што семејните односи не се одвиваат урамнотежено и хармонично поради слабата материјална положба во семејството.

8. За оние семејства од истражувањето за кои има податоци на нарушена емотивна клима во семејството, каде има податоци за присуство на ***социопатолошки и девијантни поведенија*** кај некој од членовите ,силно се рефлектира врз поведението на младите, тие се оддалечуваат од своите најблиски.Со проучувањето на семејните односи, дознавме најчесто меѓу кои членови се случуваат конфликти. Најчесто конфликтите се случуваат меѓу родителите 45,50%, кај 10,50% конфликти има меѓу мајката и некое од децата,меѓу децата е 6,50%,помеѓу другите членови во семејствоте е 6,00%, меѓу мајката и очувот 1,25%, кај 1,00% конфликти има меѓу таткото и маќеата, но позитивно се изјасниле 13,25% каде односите во семејството се хармонични, меѓу маќеата и децата не се јавуваат конфликти, барем така се изјасниле нашите испитаници,а 15,25% од младите се изјасниле без одговор.Честите конфликти во семејството негативно се рефлектираат врз однесувањето на младите.

9. Конзумирањето на ***алкохол*** влијае врз нарушувањето на здравјето на младите, создава психички растројства, ги ослабнува социјалните врски. Алкохолот го менува поведението на младите во семејството и околината. Она што е особено значајно дека 46,50 % од испитаниците се изјасниле дека никој не пие, 19,75 % од младите сами конзумираат алкохол или повремено пијат( за викенди, журки, родендени и сл), кај 4,25% поголемиот број од членовите во

семејството пијат,кај 1,75% пиеле браќата, кај 1% пие маќеата, дури 9 % од испитаниците се без одговор. Ова доведува на заклучок дека младите не се хронични алкохоличари.

10. ***Наркоманијата*** претставува социо-патолошка појава, чии корени лежат во општествено-економските односи во даденото општество и карактеристиките на младата личност која се формира. Во семејствата каде е присутен овој порок, стануваат извор на девијантни поведенија. Кај 95,75% од нашите испитаници никој во семејството не користи дрога, а без одговор се 4,25%, интересно е зошто нашите испитаници не сакале да дадат никаков одговор, ако младите се реални во своите одговори.

Ако ги анализираме личностите кои користат дрога, најчесто тоа се личности со ниска толеранција на фрустрациите, млади луѓе со ниско ниво на самопочитување, депресивни, пасивни, психопати, сочувство на инфериорност или кривица. Но за среќа кај нашите испитаници никој од семејството не користи дрога.

11.***Проституцијата*** како општествено негативна појава во прв ред е условена од тешките материјални услови во семејството, нерамноправноста на жената,економската зависност, уцени од страна на членови од семејството и др. Сепак, таа се јавува во поголемите градови. Во истражувачкиот примерок ,98,00% се изјасниле дека никој од семејството не дава сексуални услуги за надомест, а 2,00% се без одговор, овие податоци ни покажуваат дека младите живеат во здрава социјална средина.

12. ***Групата врсници и средината***, особено во младоста имаат најголемо влијание врз поединецот. Овие групи по правило се среќаваат во средината во која живеат и во училиштето. Причинетоста на односите на другарите и средината како фактор се причина за девијантното однесување на младите. Според податоците од примерокот добивме јасна слика дека најчесто младите се дружат со другари од училиштето 59%, од училиштето и соседството 16%,

со другари од семејството се дружат 14,50%,без одговор се 5,25% од испитаниците,2,25% најчесто се сами, 1,75% имаат другари од другите делови од градот, а само 1,25% немаат постојани другари. Можеме да заклучиме дека училиштето претставува во поголем број случаи пресуден фактор за дружењето на младите.

13. Начинот на организирањето на ***слободното време***, може да има позитивни и негативни последици врз развојот на младите. Неадекватното користење на слободното време, може да биде причина за појавата на девијантното однесување на младите. Членувањето во некоја организација: спортска, невладина, хуманитарна идр , може позитивно да влијае врз развојот на младата личност. Податоците од нашето истражување кај младите средношколци во Скопје, заклучивме дека 52,75% не членуваат во ниту една организација, 24,50% се занимаваат со спорт, 4,75% членуваат во верски организации, што претставува голем процент на млади луѓе да членуваат во верски заедници,2,75% во културно-уметнички друштва,4% се изјасниле дека членуваат во други организации, во хуманитарни организации младите се вклучени со 3,50%, но интересен е податокот што 4,25% се без одговор. Вишокот на слободното време и неговата неорганизираност, исто така се наметнува како еден од девијантните фактори на младите во Општината Скопје.

14. **Во *периодот на транзиција*** (односно,приватизација и плурализација), голем дел од семејствата во Република Македонија имаат намалени семејни буџети, нарушување на животниот стандард, а придружно на тоа ерозија на поволните меѓусемејни односи.кај младите се јавуваат определени потреби и интереси кои се типични за овој вид на популација. Притоа, релевантен е начинот на задоволување на потребите и интересите кои произлегуваат од младешкото тело и младешкиот дух. Ова како процес најчесто доведува до појава на девијантни однесувања, особено кај младите. Посебно е загрижувачки податокот за зголемување на девијантното однесување на младите како последица на воениот конфликт во 2001 година.

Сепак, за подробно навлегување во етиологијата на девијантното однесување на младите во периодот на транзиција, можно е само преку детално разгледување на секој случај, одделно користејки го методот "студија на случај".

## ПРЕПОРАКИ

Земајќи ги во предвид изложените карактеристики на манифестните форми на девијантното однесување на младите и социо-економските фактори, самите млади во транзициониот период, нужно е да се препорачаат извесни промени кои би придонеле кон добивање на поадекватна слика за појавата , и нејзиното сузбивање.

1. ***Различните решенија во кривично-правниот статус*** на категории на младите, потоа,разликите во утврдувањето на старосните граници на возраста на младите, како и не изедначеноста во поглед на ширината на инкримина-циите, претставуваат непремостиви тешкотии за комплексни меѓународни спо-редбени истражувања на феноменолошките елементи на девијантното одне-сување на младите. При тоа правење на секоја споредба на состојбата нашата земја со состојбата на овој план во рамки на другите земји, речиси е неможна. Поради тоа, унификацијата на критериумите за следење на оваа појава во меѓународни рамки сигурно би придонело за поадекватно справување со деви-јантното однесување на младите во Скопје.

**2.** ***Проблеми постојат при димензионирање на оваа појава*** и на наци-онално ниво. Вистинско научно следење на ова појава бара воедначеност на критериумите и ставовите на сите институции (Центрите за социјана работа, Јавното обвинителство, Судот и МВР), кои се занимаваат со оваа појава. Особено е тешко следењето на прекршоците на младите. Најдобра солуција е воведување на единствена статистичка евиденција која би била релевантна за утврдувањето на состојбите на овој план, без конфузии и противречности.

3. ***Здружувањето на младите*** во неформални групи од 3-4 па и повеќе членови, кои подоцна преминуваат во девијантни, е овозможено пред се од неорганизираното слободно време на младите. Имено, групите најчесто се сос-тавени од млади лица кои го напуштиле училиштето, без доволна родителска контрола, без работа или некој корисен ангажман, од тука и без доволно

материјални средства. Поради сето овие млади лица вишокот на слободно време најчесто го поминуваат во извршување на кражби и други девијантни дела. Општината, и воопшто државата мора да понуди актиности кои ќе ги насочат потребите од здружување на младите во позитивен правец. Во таа насока предлагаме изградба на повеќе спортски игралишта, базени и сали и популаризирање на спортот, заживување на културно-уметнички и технички центри со цел откривање и развивање на творечките потенцијали на младите, оформување на повеќенаменски младински центри каде младите би се другжеле, едуцирале,натпреварувале итн. Треба да се направат напори за формирање на посебен вид на центрикои би пружале итна помош на напуштените млади лица, скитници, питачи итн.

**4. *Асоцијалните поведенија*** не треба да се запоставаат. Конзумирањето на алкохол е доста раширено меѓу младата популација (што се потврди и во истражувањето), како и користењето на дрога (иако мал број од испитаниците се изјаснија дека конзумираат дрога), а истите се особено штетни по здравјето на младата личност. Во истражувањето се откри дека како негативна појава е и просењето (иако тоа не се потврди, испитаниците се изјаснија"без одговор"). Не треба да се гледа рамнодушно на овие негативни навики и појави и од причина што многу често постои корелација меѓу нив и идното девијантно однесување. Поради тоа, сметам дека се потребни поригорозни мерки за сузбивање на овие појави кај младите, пред се доследно почитување на законските прописи (на пр.неслужење и непродавање на алкохол на млади лица, почитување на времето на работа на ноќните локали итн.). Поголем ангажман треба да превземаат и социјалните работници, кои низ почеста соработка во семејствата, училиштата, младите, благовремено би интервенирале во спречување на ваквите негативни однесувања.

5. Во оваа насока превентивната улога на ***образовните институции*** треба да јакне. За да ја постигне превентивната функција, училиштето би морало да ги проширува своите функции надвор од образовниот процес преку

најразновидни вонучилишни и воннаставни облици на работа, креативно организирање на слободното време, развој на творечките способности на младите итн. Исто така, професорите и класните раководители треба да делуваат во насока на укажување на штетноста од ваквите поведенија, благовремено идентификување на девијантните и преддевијантните поведенија на младите (слаб успех, бегање од училиште, пушење, користење на алкохол и дрога, агресивност и др.) и соработка со надлежните институции.

**6.** ***Медиумите*** треба да ги селектираат сите содржини, особено прикажување на насилство и девијантни однесувања. Истовремено треба да одвојат простор за промовирање на општествено пожелното однесување, како и содржини со кои се осудува девијантноста како појава.

7. Со оглед на значењето на семејството, ***државата*** треба да обезбеди помош на "ризичните семејства", при што поголеми ингеренции треба да преземат повторно, Центрите за социјални работи. При тоа како урнек можат да послужат развиените земји каде постојат повеќе социјални служби во вид на семејни советувалишта, сервиси за помош, служби за прилагодување во нови услови за живеење, младински центри и друг вид на институции кои имаат за цел пружање на помош на семејството за секаков вид на проблеми кои би можеле да го потресат и онеспособат да ја извршува својата улога во воспитанито на младите.

8. Се наметнува потребата од итно екипирање на ***стручните тимови*** (социјален работник, психолог, педагог и правник )во Центрите за социјална работа, но и нивно остручување заради следење на современите текови на општествено справување со девијантното однесување на младите. Сметам дека во другите институции кои се занимаваат со оваа проблематика, недостасуваат стручни кадри.

9. Со оглед дека ***рецидивизмот*** се покажа како значајна карактеристика на девијантното однесување на младите, може да се каже дека санкциите ( кои се одвиваат по утврден редослед: прво укор, па засилен надзор од родители,

засилен надзор од социјален орган, се до упатување во воспитната установа или малолетнички затвор ), не ги даде очекуваните резултати и мора да се размислува за други модули за справување со оваа појава. Како позитивни промени во таа насока ги сметам новите алтернативни мерки предвидени со измените на Кривичниот Законик на Република Македонија (Закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик бр 19/04), особено општокорисната работа кои се во склад со новите хуманистички тенденции на оваа поле. Затоа би ги повикала судиите за што почесто изрекување на оваа санкција, за сметка на мерките од институционален тип. Во ист правец би предложила и други мерки кои ги има во развиените земји (на пример во Германија ), како што е мерката "упатување во работна колонија ", каде младите лица истовремено би се превоспитувале и остручувале за некое занимање. Можеби треба да се размисли и за воведување на санкцијата "условна осуда"спрема млади лица, која моментално може да се изрече само врз полнолетни лица. Покрај изречените санкции, сметам дека е целисходно и задавање на повеќе "посебни обврски"на младите лица, предвидени со Кривичниот Законик на Република Македонија ( член 81 ): Да ја поправи или надомести штетата предизвикана со кривичното дело; редовно да го посетува училиштето; да се оспособи за работа што одговара на неговите способности, наклонетости и физичка сила; да не контактира со лица кои штетно влијаат врз неговата личност итн. Она што е посебно важно , после извршувањето на кривичната санкција да му се пружи помош на младото лице околунеговата реинтеграција во средината.

10. Државата, како главен носител на превенцијата мора да организира ***систем на институции***, кои низ континуиран и усогласен ангажман ќе влијаат врз сите девијантни фактори. Државата во прв ред, мора да води сметка за подобрување на социо-економските фактори, подигнување на степенот на образованиие, подигнување на нивото на здравствена и социјална заштита, обезбедување на можности за задоволување на културните потреби, орга-

низирање на слободното време и сл. Превентивните мерки кои треба да ги превземе државата ги операционализираат програмите на Државниот совет за превенција и развиваат програми за следење на состојбите и иницирање на форми на дружење на младите без насилство и агресија. Исто така од големо значење е јакнење на јавното мислење за воспитување на младите, во смисла на развивање на нивните морални должности.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Ацески Илија,(1996) *Скопје, визија и реалност*, Филозофски факултет, Скопје;

Ацески Илија, (1996), *Скопје-социолошка студија*, Експрес, Скопје;

Аслимовски Пере (2006), *Социологија,* Охрид: Факултет за туризам и угостителство;

Арнаудовиќ Љ, Спасески Ј,(1982), *Предавања по социјална патологија*, НИО "Студентски збор "Скопје

Бабиќ, Ф,*(1972) Кривично право*, Нип студентски збор,Скопје;

Букелиќ Јован,(1997) *Дрога у школској клупи*, Валарта, Београд, ;

Букелиќ Јован,(1971) *Наркоманија младих,* Валатра,Београд;

Blagojevic Ljiljana,(2003) *Kroz izazove narkomanije*, Vodic za roditelje, Rad, Beograd;

Bavcon,Lj idr,(1967)*Alkoholizam kako drustven i ekonomski problem*,Beograd ;

Бошковиќ Мило (1999), *Криминолошки лексикон*, Нови Сад: Матица Српска-Универзитет во Нови Сад;

Вотерс Малком (2003), *Глобализација,* Скопје: Институт за демократија, солидарност и цивилно општество;

Гачиќ, Б (1985) *Алкохолизмот-болест на поединецот и општеството, Рад,Белград;*

Гиденс, Ентони (2002), *Забеган свет*: како глобализацијата ги преобликува нашите животи, Скопје: Филозофски факултет;

Георгиевски Петре, (1972), *Социјалното потекло и животната ориентација на средношколската младина*, ИСППИ, Скопје;

Група автори (1998), *Социологија,* Скопје: НИП " Студентски збор"

Група автори (1999), *Теории на насилството*, Скопје: Балкански центар за Мир- Филозофски факултет;

Грозданова Елена, (2001), *Праведен свет на жените*, Скопје;

Galland Oliver, (1997),*Sociologie de la jeunesse*, Armand Colin, Paris;

Catherine blatier et Michel Robin,(2000) ,*La delinquance des mineurs en Europe,* Pressse Universitaires de Grenoble;

Chaaillou Philippe,(1995), *Violence des jeunes, l'autoriite' parentale en queestion*, Gallimard, Paris, ;

Данова Грозда(1993), *За трезвен живот*, Просветен работник, Скопје;

Драшковиќ Драгомир (1984), *Основи на методологијата на истражување на безбедносните појави*, Скопје: Универзитет " Св. Кирил и Методиј"

Донели Џек,(1997), *Мaѓународни човекови права*, Скопје;

Деспотовиќ Александар, *Човек и дрога*, Белград 1971,

Зборник на трудови: *Социјалната положба на населението во Македонија,* ИСППИ, Здружение за одржлив развој, Скопје,2003 год;

Јовановиќ Радул, (1980), *Примарна превенција на зависните болести*, Белград

Јашовиќ Ж, (1991), *Криминологија малолетничке деликвенција*,Научна Книга, Београд;

Јашовиќ,Ж, (1988), *Малолетничка деликвенција*, Универзитет"Кирил и Методиј", Скопје;

Јовановиќ Амалија, (1981), *Демографски движења во С.Р. Македонија,* Годишнок на ИСППИ, бр 1, Скопје, 1198745;

Јовев Јордан,(1994), *Злоупотреба на хероин и канабис*, Новинска издавачка организација, Скопје.

Јовев Јордан, (1995), *Болести на зависност*, Новинска издавачка организација, Скопје.

ЈУ МЦСР - Скопје

Константиновиќ-Вилиќ Слободанка, (1997), *Криминологија*, Ниш: Студентски културен центар;

Капетановиќ Емина,(1985), *Алкохолизмот, живот на два колосека,* Загреб;

Камберски,К, (1994), Од буквар до универзитет, Просветно дело, Скопје

Лазаровски Јаков,(1997), *Алтруистичко и агресивно однесување*, Матица Македонска, Скопје.

Лазаровски Јаков, (1974), *Деликвентноста и цртите на малолетникот*, Просветно дело бр.9-10, Скопје;

Лакинска Дивна, (1987),*Семејството и воспитанието*, Нио, Студентски збор, Скопје

Маршал Гордон (2004), *Оксфордски речник по социологија*, Скопје: МИ- АН;

Марјановиќ Ѓорѓе, (1997),*Кривично право*, НИП, Студентски збор,Скопје;

Милекиќ Павле, (1970), *Здравјето на младите и алкохолизмот*, Белград;

Милосавлевиќ Б, (1986), *Социјална патологија*, Сараево, Светлост;

Милошевиќ Новак и Милојевиќ Саша(2001), *Основи методологије безбедносних наука*, Београд: Полициска академија;

Младеновиќ Марко, (1963), *Породица и породични односи*, ИП, РАД, Београд;

Митровиќ а, (2000), *Феноменот на сиромаштијата во социолошките теории*, *Социјалната политика во периодот на транзиција-* Зборник на трудови, Скопје;

Мицковиќ Дејан, (1998), *Современите тенденции во правното регулирање на семејството*, збирка трудови, Семејно право, Скопје;

Матилов Наум,(2002), *Брак и семејство*, ИСППИ, Скопје;

Матилов Наум, (1990), *Промените во современото семејство во Македонија*, докторска дисертација, Филозофски факултет, Белград;

Матилов Наум, (2000), *Развојните фази на семејството во Македонија*, Годишник на ИСППИ, Скопје;

Николовска Светлана, (2005), *Малолетничкиот криминалитет во Р. Македонија,* Скопје, Графотранс;

Пеливанов Тодор (2004), *Методологија на правните и политичките истра*жувања, Скопје: НИП "Студентски збор" и Правен факултет "Јустинијан Први";

Попер Карл (2001), *Бедата на историцизмот*, Скопје: Слово;

Петров Никола, (1991), *Демократизацијата и нејзиното влијание врз образованието,* Просветно дело, Скопје;

Петковски Константин,(1998), *Менаџмент во училиште*, НИРО Просветен работник, Скопје;

*Педагошки речник*, (1963), Матица Хрватска, Загреб;

*Педагошки речник*, (1967), Институт за педегошка истраживања Београд;

Петровска Блага, (1967), *Облици на семејството во Полог*, Годишен зборник, Филозофски факултет,Скопје;

Петровска Блага, (1968), *Типологии на семејството во Југославија*, Институт за политичке студија, Београд;

Пиперковска Билјана, (2003), *Современо предучилишно воспитание и основно образование-* Состијби и перспективи, Педагошки факултет, Скопје;

Ружин Нано, (1991) *Социјалните служби: Нови формули и структури во Западноевропските земји*,Скопје;

Спасески Јордан (2005), *Македонија - столб на безбедност на мирот на Балканот,* Скопје: Агенција "Академик" и Полициска Академија при Универзитетот" Св. Климент Охридски"

Стојановски Нелко, Сулејманов Зоран (2002),*Социјална патологија*, Југореклам, Скопје;

Стојановска Татјана, *Училиштето како значаен фактор во превенцијата и сузбивањето на зависноста од дрога кај младите*,Филозофски факултет, Скопје, 2009;

Сулејманов Зоран, *Криминална политика*, Графохартија, Скопје, 2001;

Сулејманов Зоран, *Криминологија*,второ дополнето издание, ИСППИ, Скопје,2003

Сулејманов Зоран, *Кривично право* (општ дел), Графохартија, Скопје,2000;

Сулејманов Зоран, *Македонска криминологија*, Графохартија, Скопје, 2000

Стајиќ Љубомир(2004), *Основи безбедности*, Београд: Полициска академија;

Стајиќ Љубомир, Мијалковиќ Саша и Станаревиќ Светлана(2004), *Безбедносна култура*, Београд: Полициска академија;

Спасески Ј, Аслимоски П и Бачановиќ О, *Педагошка социо-патологија*, Педагошки факултет, Битола, 2006;

*Стратегија за развој на образованието* 2001-2010, Министерство за образование и наука, Скопје;

Ташева Марија, *Социолошки теории,* Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје,1999;

Трајковски Димитрија, (1998), *Семејството и системот на социјална заштита во Република Македонија*, Менора, Скопје;

Тодоровиќ Лилјана, (1989), *Деликвенција младих*, Загреб, Глобус;

Трајковски Димитрија, Мирјана Сланинака-Динева,(2005), *Семејно право*, Скопје;

Фром Ерих (1989), *За непослушноста и други есеи*, Скопје: Комунист;

Хаџи Василев-Вардарски Миле, (1980), *Семејно право*, Скопје;

Хаџи Василев-Вардарски Миле, (2000), *Брачното и семејното право на македонскиот народ*, Прилози-том 1, МАНУ, Скопје;

Хараламбос Михаел и Робин Хилд, (1980), *Увод у социологију*, Загреб;

Чокревски Томислав (1981), *Социологија,* Скопје: НИО "Студентски збор";

Чонева Љубица, (2001), *Социо-економскат структура и проблемите на населението во Р. Македонија,* Скопје;

Шепаровиќ Б,(1981), *Криминологија и социјална психологија*, Загреб;

Windisch Uli, Violences jeines, medias, et sciences social, L' Age d'Ho-mme, Lausanne, Suisse.

www.mvr.org.mk

www.macbro.org.makedonija.obrazovanie.html

www.rsz.org.mk

www.wikipedija.org

**Законски прописи**

Кривичен законик, *Службен весник на Република Македонија* бр 37/96;

Закон за изменување и дополнување на кривичниот законик, *Службен весник на Република Македонија;*

Закон за социјална заштита, *Службен весник на Република Македонија* бр. 50/97;

Закон за изменување и дополнување на законот за социјална заштита, *Службен весник на Република Македонија бр 16/00.*

# ПРИЛОГ

# Прашалник за интервју

## А) Општи податоци:

Националност: ___________________________
Училиште:______________________________
Клас (година) 1 2 3 4

**1. Пол :** М Ж

**2. Живее во:**

1. Град
2. Село (приградска населба)

**3. Возраст:**

1. 14 години
2. 15 години
3. 16 години
4. 17 години
5. 18 години
6. Повеќе од 18 години
7. Без одговор

**4. Потекло:**

1. Брачно
2. Вонбрачно
3. Непознато

**5. Каков успех имаше во последната година**:

1. Слаб
2. Доволен
3. Добар

4. Многу добар
5. Одличен
6. Без одговор

**5. Дали си повторувал:**

1. Да
2. Не

## Б) Семејна положба

**6. Со кого живееш:**

1. Со двата родитела
2. Со мајката, таткото е починат
3. Со мајката, родителите се одвоени
4. Со таткото, мајката е почината
5. Со таткото родителите се одвоени
6. Со роднини
7. Друго, што____________
8. Без одговор

**7. Од колку членови се состои твоето семејството ________(со тебе)**

**8.Како ја оценуваш материјалната положба на твоето семејство во последниве години:**

1. Многу богато
2. Богато
3. Просечно, како повеќето семејства
4. Сиромашно
5. Многу сиромашно
6. Не може да процени
7. Без одговор

**9. Како се издржува семејството:**

1. Работат двајцата родители
2. Работи само таткото
3. Работи само мајката
4. Работи друг член од семејството

5. Од пензија на постарите членови
6. Од социјална помош
7. Од помош за невработеност
8. Од земјоделство
9. Од семеен бизнис
10. Без приходи
11. Без одговор

**10. Колкави се месечните приходи во семејството:**

1. до 5000 денари
2. од 5000-8000 ден.
3. од 8000-10 000 ден.
4. над 10 000 ден.

**11. За што добиваш редовно пари од родителот/те:**

1. За појадок
2. За книги и училишни потреби
3. За облека и обувки
4. За излегување во диско и кафулиња
5. За летовање и зимовање
6. За друго што ______________
7. Не добива за ништо
8. Без одговор

**12.Како ги оценуваш односите во твоето семејство:**

1. Хармонични
2. Повремено несредени
3. Почесто несредени
4. Константно напнати
5. Не може да оцени
6. Без одговор

**13.Доколку односите во семејството не се најдобри, како тоа се ма-нифестира:**

1. Кавги
2. Физичко пресметување
3. Психичко малтретирање
4. Алкохолизам
5. Наркоманија
6. Скитништво

7. Од се по нешто
8. Друго што ________________
9. Без одговор

**14. Колку често се случува тоа се случува:**

1. Секојдневно
2. Еднаш неделно
3. Еднаш месечно
4. Одвреме-навреме
5. Односите се хармонични
6. Без одговор

**15. Најчесто меѓу кои членови тоа се случува:**

1. Меѓу родителите
2. Меѓу мајката и очувот
3. Меѓу мајката и некое од децата
4. Меѓу таткото и маќеата
5. Меѓу очувот и децата
6. Меѓу маќеата и децата
7. Меѓу децата
8. Меѓу други членови, кои ___________
9. Односите се хармонични
10. Без одговор

**16. Дали имаш присуствувано на такви однесувања**:

1. Да, почесто
2. Да, поретко
3. Не, ама знам дека се случуваат
4. Односите се хармонични
5. Без одговор

**17.Како се чувствувате кога сте сведок на конфликтни ситуации:**

1.Повреден
2. Несигурен
3. Рамнодушен
4. Без одговор

**18. Дали некој од семејството консумира алкохол:**

1. Таткото
2. Очувот
3. Мајката
4. Маќеатаа
5. Браќата
6. Јас
7. Поголем број пијат, кој ______________
8. Никој не пие
9. Без одговор

**19.Дали некој од семејството користи дрога:**

1. Да, кој __________________
2. Не
3. Без одговор

**20. Дали имате сознанија дека некој од вашето семејство дава сексуални услуги за надомест?**

1. Да, кој __________________
2. Не
3. Без одговор

**21. Дали некој од семејството питачи:**

1. Да, кој ______________
2. Не
3. Без одговор

**22. Како ја чувствуваш мајката/маќеата:**

1. Многу блиска
2. Помалку блиска
3. На растојание сме
4. Друго, како ________________
5. Нема мајка/маќеа
6. Без одговор

**23. Како го чувствуваш таткото/очувот:**

2. Помалку близок
4. На растојание сме
5. Друго, како ________________
6. Нема татко/очув
7. Без одговор

**24. Кој од семејството или од роднините го чувствуваш најблизок:**

1. ____________________
2. ____________________
3. ____________________

## В) Односи со другарите и средината

**25. Со кого најчесто се дружиш:**

1. Со другари од училиштето-врсници
2. Со другари од соседството-различна возраст
3. Од училиштето и од соседството
4. Од други делови на градот
5. Немам постојани другари
6. Почесто сум сам/а
7. Без одговор

**26. Според кои критериуми ги избираш другарите:**

1. Карактерните особини
2. Материјалната положба
3. Успехот во училиштето
4. Нивното поведение
5. Без критериуми
6. Немам постојани другари
7. Без одговор

**27. Дали членуваш во некоја организација:**

1. Спортска
2. Хуманитарна
3. Верска
4. Културно-уметничка
5. Невладина
6. Друга, која _______________
7. Не членувам
8. Без одговор

**28. Според тебе, кои деструктивни однесувања кај младите најмногу за-грижуваат:**

1. Употреба на алкохол
а) Воопшто не б) Делумно в) Многу
2. Користење дрога
а) Воопшто не б) Делумно в) Многу
3. Бегање од часови
а) Воопшто не б) Делумно в) Многу
4. Ситна кражба
а) Воопшто не б) Делумно в) Многу
5. Тешка кражба
а) Воопшто не б) Делумно в) Многу
6. Тепачки во кафулиња и диско
а) Воопшто не б) Делумно в) Многу
7. Тепачки во градски автобус
а) Воопшто не б) Делумно в) Многу
8. Тепачки меѓу групи во училиштето
а) Воопшто не б) Делумно в) Многу
9. Носење на пиштол, нож и слично
а) Воопшто не б) Делумно в) Многу
10. Учество во вршење на кривични дела
а) Воопшто не б) Делумно в) Многу
11. Друго, што _______________
12. Нема загрижувачки однесувања
13. Без одговор

**29. Кои се најчестите причини за девијантното однесување на младите:**

1. Проблеми во семејството
2. Проблеми во образовниот систем
3. Општествена негрижа за младата генерација

4. Празнини во воспитувањето на младите
5. Влијанието на западниот кич во однесувањето
6. Не можам да оценам
7. Без одговор

**30. Поради кои причини би го напуштиле училиштето:**

1. Претерано казнување
2. Поради околината и друштвото
3. Авантуризам
4. Не би помислил/а
5. Скитништво
6. Друго

**31. Дали сте имале сериозни судири со соучениците?**

1. Често
2. Понекогаш
3. Никогаш
4. Без одговор

**32. Каде го поминувате слободното време со пријателите?**

1. Низ кафулиња
2. Во спортско-рекреативни центри
3. Кино, театар
4. Библиотека
5. Интернет
6. На улица
7. Без одговор

**33. Како го поминувате слободното време со пријателите?**

1. Разговарате
2. Заедно ги извршувате домашните обврски
3. Одиме во кино, театар
4. Без одговор

**33. Образложи една од причините за која сметаш дека е највлијателна за девијантното однесување на младите кај нас:**

1. Сиромаштија
2. Конфликти во семејството
3. Проблеми во училиштето

4. Разочараност во љубовта
5. Лошо друштво
6. Без одговор